IV МЕЃУНАРОДЕН НАУЧЕН СИМПОЗИУМ ЛОКАЛНИТЕ КУЛТУРНИ ОБЕЛЕЖЈА КАКО ТОПОСИ ВО КНИЖЕВНОСТА ЗА ДЕЦА ПО ПОВОД ЈУБИЛЕЈОТ 90 ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО НА ВИДОЕ ПОДГОРЕЦ (1934 – 2024)

Струмица, 13 – 14 декември 2024

ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ

Научниот симпозиум е дел од проектот:
„Локалните културни обележја како топоси во книжевноста за деца“ поддржан од Општина Струмица во рамки на програмата G1 за поддршка на ЛЕР

ЗГ „Иван Василевски“
Струмица, 2026

IV МЕЃУНАРОДЕН НАУЧЕН СИМПОЗИУМ ЛОКАЛНИТЕ КУЛТУРНИ ОБЕЛЕЖЈА КАКО ТОПОСИ ВО КНИЖЕВНОСТА ЗА ДЕЦА ПО ПОВОД ЈУБИЛЕЈОТ 90 ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО НА ВИДОЕ ПОДГОРЕЦ (1934 – 2024)
Струмица, 13 – 14 декември 2024
ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ

Издавач:
Здружение на граѓани „Иван Василевски“, Струмица
За издавачот:
м-р Сузана Мицева
Уредник:
д-р Ана Витанова-Рингачева
Рецензенти:
д-р Марина Спасовска
д-р Марина Даниловска
Лектор:
Александар Димитров
Компјутерска и графичка подготовка:
Димитар Мицев

IP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

316.723:82-93(062.552)
821.163.3-3.09Подгорец, В.(062.552)

МЕЃУНАРОДЕН научен симпозиум Локалните културни обележја како топоси во книжевноста за деца (4)
IV Меѓународен научен симпозиум Локалните културни обележја како топоси во книжевноста за деца по повод јубилејот 90 години од раѓањето на Видое Подгорец [Електронски извор] : (1934–2024) : Струмица, 13–14 декември 2024 : зборник на трудови / [уредник Ана Витанова-Рингачева]. - Струмица : Друштво за наука, литература, култура и уметност "Иван Василевски", 2026

Начин на пристапување (URL):
https://nota.mk/wp-content/uploads/2026/08/Зборник-Подгорец.pdf.
- Текст во PDF формат, содржи 150 стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 21.08.2026. - Фусноти кон текстот. - Библиографија кон трудовите

ISBN 978-608-66724-5-4

а) Подгорец, Видое, 1934-1997 -- Критики и толкувања -- Собири б) Локална култура -- Книжевност за деца -- Собири

COBISS.MK-ID 69441797

Уредувачки одбор

д-р Ана Витанова-Рингачева – Универзитет „Гоце Делчев“ (Македонија)
д-р Јарослав Отченашек – Институт за етнологија при Чешката академија на науки во Прага (Чешка)
д-р Милутин Ђуричковић – Институт за дечју књижевност, Београд (Србија)
д-р Валентин Петрусенко – Универзитет „Паисий Хилендарски“, Пловдив (Бугарија)
д-р Александар С. Павловић – Институт за српску културу Приштина – Лепосавић (Србија)
д-р Љиљана Тијанић-Костић – Педагошки факултет, Ужице, (Србија)
д-р Драгана Цвијовић, Институт за српски језик САНУ, Београд (Србија)
д-р Валентина Радуловић – (Црна Гора)
д-р Билјана Рајчинова-Николова – Институт за македонска литература (Македонија)
м-р Сузана Мицева – (Македонија)

IV МЕЃУНАРОДЕН НАУЧЕН СИМПОЗИУМ ЛОКАЛНИТЕ КУЛТУРНИ ОБЕЛЕЖЈА КАКО ТОПОСИ ВО КНИЖЕВНОСТА ЗА ДЕЦА ПО ПОВОД ЈУБИЛЕЈОТ 90 ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО НА ВИДОЕ ПОДГОРЕЦ (1934 – 2024)

Струмица, 13 – 14 декември 2024

ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ

СОДРЖИНА

ВЕСНА МОЈСОВА-ЧЕПИШЕВСКА **6**

РОМАНОТ „БЕЛОТО ЦИГАНЧЕ“ И СКАЗНАТА „ГРДОТО ПАЈЧЕ“ 6

ЛИЛЈАНА МАКАРИЈОСКА, БИСЕРА ПАВЛЕСКА-ГЕОРГИЕВСКА **11**

ФРАЗЕОЛОГИЈАТА ВО РОМАНИТЕ НА ВИДОЕ ПОДГОРЕЦ 11

МАРИНА СПАСОВСКА, МАРИНА ДАНИЛОВСКА **21**

„БЕЛОТО ЦИГАНЧЕ“ – ПЛОДОНОСНО ПОЛЕ НА ФРАЗЕОЛОШКИ ИЗРАЗИ 21

СУЗАНА МИЦЕВА **30**

ТОПОНИМИТЕ И НАРОДНАТА ЛЕКСИКА КАКО НОСИТЕЛИ НА ФОЛКЛОРНИОТ ИДЕНТИТЕТ ВО РОМАНОТ ЗА ДЕЦА „БЕЛОТО ЦИГАНЧЕ“ 30

АНА ВИТАНОВА-РИНГАЧЕВА, АЛЕКСАНДАР ДИМИТРОВ **37**

ПЛАНИНАТА КАКО ЕГЗИСТЕНЦИЈАЛЕН И МИТСКИ СИМБОЛ ВО РАСКАЗИТЕ НА ВИДОЕ ПОДГОРЕЦ 37

БОЈАНА КОСТОВА **45**

СЛОВЕНСКИТЕ БОЖЕСТВА КАКО ЕЛЕМЕНТИ ВО РОМАНОТ „ПЕРУНОВИТЕ ПОТОМЦИ“ ОД ВИДОЕ ПОДГОРЕЦ 45

ВАЊА ИЗОВА ВЕЛЕВА **49**

КНИЖЕВНОСТА ЗА ДЕЦА И МЛАДИ– СОВРЕМЕНИ ТОЛКУВАЊА, РЕФЛЕКСИИ И ПРЕДИЗВИЦИ 49

ЈОВАНКА ДЕНКОВА **58**

КНИЖЕВНОСТА ЗА ДЕЦА – КАКО ПРИЛИКА ДА УЧИМЕ ЗА СВЕТОТ ОКОЛУ НАС И ПОДАЛЕКУ 58

АЛЕКСАНДРА ЈУРУКОВСКА **69**

ГРАНИЧНИТЕ СОСТОЈБИ: ДА СЕ НАДОМЕСТИ НЕНАДОМЕСТЛИВОТО ВО СКАЗНАТА „РОКЧЕТО“ ОД НИКОЛА МАЦИРОВ 69

ВИОЛЕТА ТАНЧЕВА-ЗЛАТЕВА **76**

ЈАЗИКОТ НИ Е ЗАВЕТ ОД ДЕДОВЦИТЕ 76

ИВАН КОТЕВ **82**

„СОПАТНИЦИ НА ДЕТСТВОТО“ ОД ВИДОЕ ПОДГОРЕЦ – ПРОЗОРЕЦ КОН СВЕТСКАТА И МАКЕДОНСКАТА ЛИТЕРАТУРА ЗА ДЕЦА 82

ЈАРОСЛАВ ОТЧЕНАШЕК **90**

КЊИЖЕВНОСТ ЗА ДЕЦУ БОЖЕНЕ ЊЕМЦОВЕ 90

ДРАГАНА ЦВИЈОВИЋ, ЈОВАНА ШЋЕПОВИЋ **96**

ЈЕЗИЋКО -СТИЛСКЕ КАРАКТЕРИСТИКЕ РОМАНА „ОВО ЈЕ НАЈСТРАШНИЈИ ДАН У МОМ ЖИВОТУ“ ЈАСМИНКЕ ПЕТРОВИЋ 96

МИЛИЦА Љ. СТОЈАНОВИЋ **105**

УПОТРЕБА ФРАЗЕОЛОГИЗАМА КАО ИЗВОР ХУМОРА У РОМАНУ ЗА ДЕЦУ *ПУСТОЛОВ* В. АНДРИЋА 105

ВЕСНА ТОДОРОВ **113**

МЕТОДИЧКИ ПРИСТУПИ У ТУМАЧЕЊЕ НЕПОЗНАТИХ РЕЧИ И ИЗРАЗА У ПРИЧАМА ЗА ДЕЦУ 113

АЛЕКСАНДАР С. ПАВЛОВИЋ **120**

ЧЕМУ СЛУЖИ АМКАЊЕ ЈАЈА? – ПРИЛОГ ИСТРАЖИВАЊУ ЕЛЕМЕНАТА ФОЛКЛОРА НАМЕЊЕНОГ ДЕЦИ У КОНТЕКСТУ ОБИЧАЈНО-ОБРЕДНИХ ПРАКСИ О БЕЛИМ ПОКЛАДАМА КОД СРБА У ШАРПЛАНИНСКОЈ ЖУПИ СИРИНИЋ 120

ВАСИЛ ДРВОШАНОВ **137**

ЗБОРООБРАЗУВАЧКИТЕ ДИЈАЛЕКТИЗМИ ЗА ИЗРАЗУВАЊЕ ЧУВСТВЕН ОДНОС ВО ЗБИРКАТА РАСКАЗИ *ВРАЌАЈЌИ СЕ ВО БОРИЕВО* ОД ВИОЛЕТА ТАНЧЕВА-ЗЛАТЕВА 137

КАТЕРИНА ПАНОВ-КОЖАРОВ **147**

АПСУРДОТ ВО ФУНКЦИЈА НА ЛЕПОСЛОВИЕТО ВО ПРВИОТ РОМАН ЗА МЛАДИНЦИ НА ВЕНКО АНДОНОВСКИ „ИМАШ ПЧЕЛА НА НОСОТ“ 147

Весна МОЈСОВА-ЧЕПИШЕВСКА

РОМАНОТ „БЕЛОТО ЦИГАНЧЕ“ И СКАЗНАТА „ГРДОТО ПАЈЧЕ“

(една можна паралела)

Апстракт: Писателот за деца е комплетна творечка личност, вели Воја Марјановиќ. И како таква, во неа не треба да се гледа покровител и воспитувач, психолог и етичар, туку филозоф кој книжевно (поетски или раскажувачки) им приоѓа на проблемите и на детето и на детството. Писателот за деца со/преку своите книги треба да знае како да им ги отвори видиците на децата кон другите култури и начини на живот, кон поинаквите и различните деца, помагајќи им на тој начин да ги надминат стравовите кои произлегуваат од незнаењето. А токму незнаењето најчесто води кон нетолеранција, конфликт и војна. Токму преку книгите треба не само да им помогнеме на децата да ги разберат луѓето различни од себе во начинот на нивниот изглед, јазик, однесување, вредности и храна, туку треба да им помогнеме да согледаат дека разликите меѓу луѓето не се лоши, пишува Марија Тодорова. Децата во книгите ги гледаат сопствените слики, и ако тие се искривени или ако се изоставени, се нарушува и сликата за себе. Едноставно, тие немаат книги/приказни во кои би можеле да се огледуваат како во огледало. Овој труд прави еден обид најпопуларниот роман за деца „Белото Циганче“ од Видое Подгорец да се исчита низ матрицата на сказната „Грдото пајче“ од Ханс Кристијан Андерсен. Зашто злото не е црно, но и доброто не е секогаш бело.

Клучни зборови: друг/другост; маргинализираност; црно – бело, грдо – убаво, отфрлено – прифатено.

Писателот за деца е комплетна творечка личност, вели Воја Марјановиќ. И како таква, во неа не треба да се гледа покровител и воспитувач, психолог и етичар, туку филозоф кој книжевно (поетски или раскажувачки) им приоѓа на проблемите и на детето и на детството (преземено од Стојановска-Другговац 2000: 21). Писателот за деца со/преку своите книги треба да знае како да им ги отвори видиците на децата кон другите култури и начини на живот, кон поинаквите и различните деца, помагајќи им на тој начин да ги надминат стравовите кои произлегуваат од незнаењето. „Дури и во западните општества, сè до 70-тите години на минатиот век (Пинсент 1997: 5) не постоеше нагласена свест за маргинализираноста на луѓето кои не се без физичка или интелектуална попреченост, не се од средната класа, не се бели, не се мажи и не се помлади од шеесет години“ (Тодорова 2010: 18). Така што, слободно може да се каже дека Видое Подгорец со приказната за белото Циганче со првообјава во 1966 година е пред времето кое почнува да ги актуализира темите што ја поттикнуваат свеста токму за маргинализираноста на луѓето и посебно на децата. Подгорец преку емотивната слика на малиот Таруно, но и со приказните за слепиот Рапуш и за црвеното ждребе на Белка, го испишува односот меѓу „нас“ (поточно културните и општествените групи на кои им припаѓаме) и „другите“ (оние кои не припаѓаат во нив) (според Todorov 1994: 11). Подгорец го гради ликот на Таруно во комплексен контекст зашто таму каде што Таруно се чувствува свој, крај баба Мулон и меѓу Циганите, природно, етнички не припаѓа, а таму каде што треба да припаѓа, се чувствува туѓ. Така, Подгорец преку магринализираниот Таруно ја отвора темата за културата која треба да претставува и начин на кој различните потчинети групи се соочуваат и се борат против нивната потчинетост. Подгорец во духот на тоа познато југословенско братство и единство, но и во духот на еден македонски интеркултурализам вграден и во самиот Манифест на Крушевската република, ја промовира и идејата за културата која повеќе не се смета „за сфера на вонвременски и

универзални духовни богатства достапна само на малкутемина „културни“ наспроти „некултурното“ мноштво, туку ваквата елитистичка поделба се посматра како длабоко поврзана со другите поделби во општеството, како што се: класните, родовите, етничките, итн. (Тодорова 2010: 27)“.

Ако се тргне од сознанието дека дискриминацијата е израз на еден вид етноцентризам, поточно како некој вид културен феномен на неприфаќање на поинаквото кое, пак, од друга страна се поврзува со истражувањата на стереотипите и стереотипизирањето, тогаш малиот Таруно е двојно диксриминиран. Еднаш од страна на оние кои ги смета за свои, од самите Роми (Цигани), и тоа најексплицитно преку ликот на лошата Хенза која вели:

> „... тој не е Циган. Не е од твоето племе. Во него тече друга крв, не наша. И кога ќе поодрасне, ќе го сфати тоа побргу од тебе. Своето место ќе го побара меѓу другите луѓе... Ќе им се врати на своите... (Подгорец 2015: 10)

Друг пат од оние кои постојано го навредуваат заедно со останатите Циганчиња исмевајќи ги како „Ѓупчишта“ кои ќе им ја поцрнат водата. Ама исто така и докрај не му дозволуваат да биде едноставно само Таруно, па го исмејуваат и етикетираат:

> „– Гледајте, гледајте! Па овој не е Циган!
> – Бел е како нас – чув друг глас.
> – Мелез, што се чудиш! – тресна некој.
> – Бело Циганче!“ (Подгорец 2015: 25)

Имено, Подгорец многу отворено зборува за другиот и воопшто за другоста уште пред таа да стане предмет на посебен културолошки и книжевно-теориски интерес (имајќи ги предвид деконструкцијата на Жак Дерида, анализата на моќта на Мишел Фуко, како и ориентализмот на Едвард Саид од крајот на минатиот и почетокот на овој век). Подгорец пишува без да теоретизира! Создава приказни кои го имаат во себе мултикултуралното општество со сите свои слабости и придобивки. И отворено укажува на културната разновидност на тоа општество. Но, се обидува преку емотивната исповед на малиот Таруно да го покаже и патот по кој една мултикултурна средина може да прерасне во интеркултурна – средина која треба да имплицира постојана динамика и жив дијалог.

Подгорец не можеше да ги чита ни Дерида, ни Фуко, а ни Саид. Ама интуитивно ги применуваше нивните теории. Пишувајќи, како што вели Миодраг Друговац, „лесно и брзо“, „тој со сиот свет е на ‘ти’, како со универзумот на својата фантазија. (...) тој, всушност, е романтичар по дух, какви што се сите добри писатели за деца“ (преземено од Идризовиќ 1988: 238). Според Мурис Идризовиќ, „Белото Циганче“ на Подгорец е „пишуван со реализам од горковски тип. Опишувањето е пријатно, емоциите – лесни, ефектите – силни“ (Идризовиќ 1988: 251). Од друга страна, Подгорец настојува „сложените случувања да ги објаснува со социолошки, етички, етнички анализи“ (Идризовиќ 1988: 250) и со тоа воопшто не ги потценува децата читатели, туку преку оваа постапка покажува дека ги чувствува за сосем сериозен аудиториум.

Навистина, Подгорец не ги читаше ни Дерида, ни Фуко, ни Саид. Но го знаеше ли „Грдото пајче“ на Ханс Кристијан Андресен? Бидејќи при читањето на некои описи од „Белото Циганче“ како да се слуша некое далечно ехо на Андерсеновиот стил на (рас)кажување.

„Сонцето, големо и црвено, штедро ја лееше својата плодотворна светлина врз земјата. Тешките оризови класје некако сами од себе испуштаа метална, зрела мелодија. Рамницата, разбудена од големата светлина на утрото, питома и плодна, се протегаше до недоглед. И онаа златна патека сред неа, што ја одбележуваше спокојниот тек на реката, ја правеше некако празнична, свечена“, пишува Подгорец (2015: 40).

„Колку убаво беше во селото! Беше среде лето, пченицата се жолтееше, овесот се зеленееше, а сеното во ливадите беше собрано во мирисни стогови; штркот шеташе со своите долги нозе и зборуваше египетски, јазик што го имаше научено од мајка си. Покрај полињата и ливадите се простираа големи шуми со длабоки езера“, пишува Андерсен (2013: 279).

Навистина, Подгорец го читаше ли Андерсен? Или нивната блискост е поради блискоста што тие двајцата ја имаат со самиот модел на народното (рас)кажување? Зашто дихотомијата црно – бело (грдо – убаво / отфрлено – прифатено) од романот на Подгорец може да се доведе во дијалог со дихотомијата грдо – убаво (црно – бело / отфрлено – прифатено) од приказната на Андресен. Или, можеби и кај двајцата се работи за позната матрица која добива нова визура преку нивните приказни за белото Циганче и грдото пајче? Зашто и Таруно е туѓо јајце во нечие гнездо, зашто баба Мулон го сака со сето свое срце белиот Таруно како што и онаа пајка го чува/грее чудното и големо јајце, како онаа пајка која без задршка го сака чудното, големо, грдо и сиво пајче како и сите останати нејзини жолти слатки пајчиња. Но, опусот на Андерсен има и **доволен број тажни приказни**, ама тој **никогаш не е песимист**. Како што не е ни во „Грдото пајче“. Тажна е и приказната за Таруно на Подгорец, но и тој не е песимист. Впрочем, и кај двајцата провејува надежта дека „и покрај сите тешкотии во животот, вреди да се живее, дека животот е убав и богат и дека оној кој со отворено срце ги прима и малите и големите дарови од животот, никогаш од него нема да биде излажан, дека добрите луѓе токму поради својата добрина секогаш ќе бидат среќни“ (Мојсова-Чепишевска 2019: 84).

Миодраг Друговац ја истакнува следнава писателска порака што тој ја прочитал во романот „Белото Циганче“, која е колку етичка т. е. педагошка, толку и етнопсихолошка, а гласи: „Човекот, па и оној **малиот**, може да има црна боја на лицето, а бела боја на душата; и обратно“ (1996: 316). Како што големото сиво пајче погрешно е сфатено дека е грдо пајче, а не убав лебед. „Подгорец лирски ја скицира тезата за светот на црните луѓе, кои како и белите се нормално среќни и тажни, но за нив се шират гласови дека се морални расипници, лажливци, престапници и крадачи“ (Денкова, 2011: 132). Но, покрај оваа, и уште една нова: „... секое лутање има крај и секој човек, уште од своето детство, треба да ја пронајде и да се определи за **својата** животна патека (...) да го пронајде **своето** место во животот“ (Друговац 1996: 316). А секако дека постои и „еден миг во животот на детето, кога одеднаш ќе почувствува дека веќе не е дете“ (Друговац 1996: 316), исто онака како што тоа ќе го почувствува и Таруно, како што и некогашното црвено ждребе ќе порасне во пламеноцрвениот коњ Бреско со слободарски дух, како што таа желба за откривањето на сопствениот идентитет ќе му ја открие тајната на грдото пајче дека е убав лебед, па ќе заклучи: „Не е лошо да се родиш во гнездо на пајка ако се испилиш од лебедово јајце“ (Андерсен 2013: 287). Баба Мулон му го покажува убавото детство, полно со љубов, топлина, етика, на Таруно, како што

мајката пајка му ја дава својата љубов на најголемото јајце и на грдото пајче. Затоа овој роман на Подгорец „се доживува како своевидна поема на добрината, како една нејзина песна во повеќе продолженија, како глас на човештината што не замолчува никогаш“ (Друговац 1996: 318). Затоа, треба да се изнајдат само нови начини за негово интерпретирање кои ќе бидат блиски до сензибилитетот на денешните деца. Само така нема да дозволиме романот да отиде во заборав.

„Литературата несомнено има влијание врз децата, па сосема е природно што многумина теоретичари и критичари почнаа интензивно да се занимаваат со соодветноста на она што младите луѓе го читаат“ (Тодорова 2010: 18). „Децата, исто така, имаат корист да читаат литература која ја рефлектира нивната сопствена етничка и културна припадност. (...) Децата во книгите ги гледаат сопствените слики и ако тие се искривени или ако се изоставени, се нарушува и сликата за себе. Особено е важно етничките групи да не се прикажуваат како „другите“, туку како „дел од нас“. На тој начин ликовите од етничките групи ќе бидат прикажани како разноликост во рамките на групата, а не преку стереотипи“ (Тодорова 2010: 45–46). Ова е постигнато во „Белото Циганче“ на Видое Подгорец. По него, ова го постигнува и Нецати Зекирија со/во книгата „Орхан“ (1973). Тоа се книги во кои сè уште децата би можеле да се огледуваат како во огледало.

Во тој контекст вреден е коментарот што го дава Марија Тодорова по однос на книгата на Подгорец. Според неа, „Белото Циганче“ го отвора **прашањето на формирањето на етничкиот идентитет**. „Преку ликот на Таруно, Македончето чии родители загинале во војната, па било посвоено од Роми, авторот ја поставува дилемата дали културниот т. е. етничкиот идентитет е вроден, биолошки или е резултат на процесот на акултурација, усвојување на одредени културни практики карактеристични за заедницата во која растеш. Додека сите Роми од „племето“, вклучувајќи го и баба Мулон, постојано му потенцираат на Таруно дека тој е поинаков и дека не е Ром, Таруно за себе смета дека е Ром, бидејќи пораснал во таа заедница и луѓето со кои се идентификува и со кои споделува емотивна врска припаѓаат токму на таа заедница“ (Тодорова 2010: 69–70).

Незнаењето е најголемата закана на модерното општество. Токму тоа најчесто води кон нетолеранција, конфликт и војна. Токму преку книгите треба не само да им помогнеме на децата да ги разберат луѓето различни од себе во начинот на нивниот изглед, јазик, однесување, вредности и храна, туку треба да им помогнеме да согледаат дека разликите меѓу луѓето не се лоши, заклучува Марија Тодорова. А овој труд, како мал обид најпопуларниот роман за деца „Белото Циганче“ од Видое Подгорец да го доведе во релација со сказната „Грдото пајче“ од Ханс Кристијан Андерсен, сака да ја истакне и мислата дека „Злото не е црно, но и доброто не е секогаш бело“.

ЛИТЕРАТУРА

кирилична:

Андерсен, Х. К. 2013. *Бајки*. Скопје: Магор.

Денкова, Ј. 2011. *Книжевност за деца*. Штип: ГДУ. **https://eprints.ugd.edu.mk/5565/1/__ugd.edu.mk_private_UserFiles_jovanka.denkova_Desktop_Knizevnost%20za%20deca-skripta.pdf** [Преземено на 10.2.2025]

Друговац, М. 1996. Македонска книжевност за деца и младина (од Цинот до Чинго). Скопје: Детска радост.

Идризовиќ, М. 1988. *Македонска литература за деца*. Скопје: Наша книга.
Мојсова-Чепишевска, В. 2019. *Клуч во клучалката на детството*. Скопје: Матица македонска.
Подгорец, В. 2015. *Белото Циганче*. Скопје: Просветно дело.
Стојановска-Другoвац, Ј. 2000. *Бајка на животот*. Скопје: Инситут за македонска литература, Култура.
Тодорова, М. 2010. *Литературата за деца и културната разноликост*. Скопје: Вермилион.

Латинична:
Pinsent, P. 1997. Childrens Literature and the Politics of Equality. London: David Fulton.
Todorov, Cvetan. *Mi i drugi*. Beograd: Biblioteka XX vek, 1994.

Vesna Mojsova Chepishevska

THE NOVEL "THE WHITE GIRL" AND THE FAIRY TALE "THE UGLY DUCKLING"

Summary

Through books, we should help children not only understand people who are different from themselves in their appearance, language, behavior, values, and food, but we should also help them realize that differences between people are not bad, writes Marija Todorova. Children see their own images in books, and if they are distorted or omitted, their self-image is also distorted. They simply do not have books, stories in which they could reflect themselves as if in a mirror. This paper makes an attempt to read the most popular children's novel "The White Gypsy" by Vidoe Podgorec through the matrix of the fairy tale "The Ugly Duckling" by Hans Christian Andersen. Because evil is not black, but good is not always white.

Лилјана МАКАРИЈОСКА, Бисера ПАВЛЕСКА-ГЕОРГИЕВСКА

ФРАЗЕОЛОГИЈАТА ВО РОМАНИТЕ НА ВИДОЕ ПОДГОРЕЦ

Апстракт: Делата на истакнатиот писател Видое Подгорец се вбројуваат во најдобрите обрасци на современата македонска литература и од книжевен и од јазичен аспект. Со нив повеќе генерации читатели ја стекнувале љубовта кон пишаниот збор, но и го изградувале својот јазичен израз, учеле за значењето на зборот, за строежот на реченицата. Подгорец со својата творечка дарба, искористувајќи ги изразните можности на македонскиот јазик, вткајува во раскажувањето богат лексички фонд, но црпи и од македонската фразеолошка ризница. Подгорец ја збогатува македонската фразеологија со фраземски модификации: *како сите кози да му се на број, твојата воденица меле трици, тигар во лисичја кожа,* со фраземи со компоненти од дијалектната лексика: *не е китка за мирисање, како сончогледова китка расцвета* и др. Употребува и повеќе фраземи во ист контекст: *Беше гурелав голтар како црквен глушец. Немаше партал на себе – куче каде да го фати.* Во нашиот труд ги претставуваме фраземите во романите на Подгорец преку неколку лексичко-семантички групи, на пр. зоонимските: *мачки му гребат во цревата, се гали како маче*, *убав како лебед,* фитонимските: *младолика како бреза, расте како млада топола, редок како расковниче* итн.

Клучни зборови: македонски јазик, фразеологија, фраземи, литература за деца.

Литературата за деца има посебна цел – да биде привлечна за читателската публика, да ја воодушевува, но и да влијае на неа, да ги проширува сфаќањата и погледот на светот на младите читатели, помагајќи им да ги запознаат другите култури, идеи и вредности. А за едно литературно дело да поседува вакви квалитети најважен е јазичниот израз на авторот. Тој треба да придонесе за социјализација на младите читатели и нивно запознавање со мисловните обрасци, нормите и навиките на одредена култура (Pirnajmuddin, Ramezani 2011: 1861–1862). Приказните се раскажуваат за децата да се едуцираат, да се забавуваат и да се зголеми свеста за моралните принципи и обичаи, како важен дел од традиционалното наследство (Pulimeno et al. 2020: 13).

Литературата е многу ефикасен начин да им се помогне на децата да го разберат светот. Според Денкова (2015: 164), умешноста на авторите е да создадат дела кои ќе ги потврдат убедувањата и ставовите на децата, да нуркаат во скриеното гнездо на детството, на оној дел од животот кон кој сите се навраќаат со чувство на љубопитност и радост, но и неодгатлива и недефинирана тага.

Литературата за деца им помага на младите луѓе да ја ценат својата културна традиција, но и туѓата култура; ги поттикнува децата да ја прошират својата имагинација и да ги збогатат своите јазични вештини, да ги развијат своите вештини за себеспознавање и осознавање на личноста на другите. Книгите за деца можат да им помогнат да го почитуваат потеклото на другите кога читаат за различни етнички групи, да научат да комуницираат и колективно да ги решаваат своите проблеми (Ismail 2023: 593).

Според Мојсова-Чепишевска (2019: 93), добрата литература за деца става акцент на чувствителното и карактерното растење и созревање, незабележливо го пренесува читателот од брегот на детството до брегот на возрасните. Во тоа лежи нејзината порака – да му се помогне на малиот човек во сложениот процес на себеспознавањето и да му покаже дека во тој процес тој не е сам.

Се смета дека детските книги се првите оригинални јазични модели на детскиот јазик како средство за запознавање со речникот на мајчиниот јазик,

изразувајќи ја неговата структура, неговите карактеристики, изразната моќ на јазикот (Hayran 2017: 8 сп. Sever 2013a: 145). Оттука, детските книги се значајни од аспект на воведувањето на богатите изразни можности на јазикот во детскиот јазик, како богатата лексика и фразеологија и сл. Фраземите се јазичен аспект на општеството што го одразува светогледот, начинот и условите за живот, традициите, обичаите и верувањата, односно материјалната и духовната култура (Hayran 2017: 9, сп. Aksan, 1993: 83). За да се збогатат сознанијата на детето за народната култура и да се развие неговиот јазик, секако најважен е изборот на јазичните средства од страна на авторите што пишуваат литература за деца, употребата на сите изразни средства, меѓу кои особено место зафаќаат и фраземите, поговорките, пословиците и сл.

Фраземите на мајчиниот јазик се специфичен проблем при усвојувањето на синтаксичките, семантичките и прагматичките особености. Развојот на фразеолошката компетентност го опфаќа периодот од раното детство до адолесценцијата и тој процес трае и продолжува до зрелоста (Бајнер 2011: 47). Бургер издвојува три важни аспекти на лингвистичката свест за употребата на фраземите: 1. Авторите внимателно ги избираат фраземите, ги воведуваат и ги вклопуваат во содржината на приказните, ги објаснуваат низ контекстот, бидејќи тие сè уште не се дел од речникот што децата го совладале; 2. Авторите очекуваат од младите читатели да разберат потешки, метафорични процеси, сè додека тоа се вклопува во светот на имагинацијата и креативноста на детето. 3. Авторите претпоставуваат учество на возрасни читатели (на пр. родители, наставници и сл.) во процесот на читање книги за деца, што има одлучувачка улога во воведување и употреба на фраземите (Бургер 2010: 173, сп. Станојевић Веселиновић 2022: 181).

Имајќи го предвид фактот дека литературата за деца најопшто се дефинира како секое креативно книжевно дело кое е посебно наменето и приспособено за деца, треба особено да се има на ум дека прифаќањето на фразеологијата во раниот говорен развој на децата не е лесно затоа што тие потешко ги совладуваат апстрактните концепти врз основа на кои се образувани фраземите и потребно е нивната семантика да им се доближи што посликовито, со визуелни средства, ликовни претстави или сл., но и преку соодветен избор на фраземи, соодветно приспособување, модифицирање на употребените фраземи.

Според истражувачите на детскиот јазик, усвојувањето на фигуративните значења на зборовите и фраземите не е завршено ни до 11–12 година на детето, што би значело дека вистинското време се повисоките одделенија од основното училиште (Никиќ 2020: 1, сп. Кејн и др. 2009: 280). Доколку кај младите уште во најраната возраст не се развива способноста за разбирање и користење на фраземите, ќе се создадат нови генерации кои недоволно ќе го познаваат мајчиниот јазик, нема да имаат вербални и писмени способности за изразување и ќе имаат сиромашен речник.

Македонската литература за деца е богата и разновидна и по своите карактеристики и квалитети е во чекор со светската литература за деца.

Делата на истакнатиот писател Видое Подгорец се вбројуваат во најдобрите обрасци на современата македонска литература не само од книжевен, туку и од јазичен аспект. Како познавач на селото и на народниот живот, Подгорец пасионирано ја доживува природата, човекот и детето во неа, животните, убавината на родниот крај. Доброто познавање на детскиот свет му овозможува на Подгорец да ја создава својата проза според барањата на тој свет. Во однос на неговиот јазичен стил се потврдува творечката дарба за

искористување на изразните можности на македонскиот јазик, но и црпењето од македонската фразеолошка ризница.

Предмет на нашата анализа е застапеноста на фраземите во прозните дела за деца на Подгорец: *Ајдучка чешма* (АЧ), *Аз, буки, веди...* (АБВ), трилогијата *Белото Циганче*: *Белег* (Бел), *Белото Циганче* (БЦ), *Жед за слобода* (ЖС), *Дивиот рај* (Драј), *Корените на судбината* (КорС), *Куќа за цел свет* (КЦС), *Прости ми канаринке* (ПрК), *Овчарчето Бош* (ОвБ), *Умирање на залез* (УЗ), *Црниот пантер* (ЦрП).

Фраземите ги поделивме во лексичко-семантички групи според главната компонента: соматски, зоонимски, фитонимски, фраземи со компонента ‘боја’, со компонента ‘број’, со компонента ‘име’, фраземи во кои е застапена компонента поврзана со материјалната и духовната култура (покуќнина, храна, облека, роднински односи, народен светоглед, верувања и др.). За потребите на овој труд, се ограничивме на неколку групи – зоонимски, фитонимски, фраземи со оними и фраземи со називи за храна, имајќи го предвид големото фразеолошко богатство во јазикот на Подгорец.

1. **Зоонимски фраземи.** Фраземите со зооними се мотивирани од животинските особини, нивниот надворешен изглед, однесување, но и од односот кон човекот, како и односот на човекот кон животните. Нивната семантика најмногу се открива во стереотипните идеи за животните, кои често се засноваат на субјективна проценка на нивните квалитети и својства. Зоонимските фраземи се одразуваат не само во објективните судови засновани на човечкото искуство од заедничкото живеење и комуникација со животните, туку и во карактеристиките коишто субјективно им се припишуваат на животните (Iakovleva, Kumin Horvat 2023: 112).

Романите на Подгорец се одликуваат со честата употреба на зоонимските фраземи, на пр.: безмолвна како бубачка ‘многу тивка’: Стана тивка и безмолвна како бубачка (ОвБ: 95); завива како осамен волк ‘силно вика, вие, тажи’: И го слушнале како завива: грозно, долго и морничаво како осамен волк (КорС: 52); талка како прогонет и осамен волк ‘бесцелно лута’: Коте ќе талка по планињето како прогонет и осамен волк (АЧ: 38); ги истреби како врапци ‘ги уништи, ги сотре, ги уби’: можат да нè истребат како врапци (АЧ: 80); стутулен како накиснат гавран ‘стуткан, згрчен’: И несреќниците се начичкаа околу нив, стутулени како накиснати гаврани (КорС: 132); ги испофаќа како глувци во фак ‘лесно ги фати, ги зароби’: Сакаш да нè испофаќаат како глувци во фак? (Бел: 350); го гони до глувчешка дупка ‘го прогонува до најскришно место’: Сакав повторно да потрчам по Осман и да го гонам до глувчешка дупка (АЧ: 108); како глувци се издавија ‘настрадаа лесно’: може и реката да се излее од коритото, па како глувци ќе се издавиме (БЦ: 102); како црквен глушец ‘сиромашен, беден’: Беше гурелав голтар како црквен глушец (ОвБ: 10); свитка брачно гнездо ‘создаде семејство’: Добродушната Олга Небрегова си свитка брачно гнездо и стана мајка (Бел: 290); живее како добиток ‘има само основни нагони’: Тие не ја знаат мудроста на книгите и живеат како добици (АБВ: 9); каде лежи зајакот ‘во тоа е работата; тоа е суштината на проблемот’: А гледате ли каде лежи зајакот, тресопавчиња? (ЖС: 168); со еден куршум – два зајака ‘наеднаш, со ист труд заврши две работи’: А тоа ќе значи: со еден куршум – два зајака (ОвБ: 63); змија го касна ‘почувствува дека ќе се случи несреќа, нешто непријатно и опасно’: се штрекна небаре змија го касна (ОвБ: 63); му лази по снагата како студена змија ‘му предизвикува непријатно чувство, студ’: Воден до кожа, наежавен од непријатната влага што му ја лепеше кошулата за телото,

и што му лазеше по целата снага како студена змија (АЧ: 75); рика како ѕвер ‘силно вика, рика’: Рикаа како стогрли ѕверови (АБВ: 64); мирно како јагне ‘многу мирно’: Таа ноќ спиев мирно како јагне (БЦ: 130); вреска како јаре ‘силно, продорно вика, вреска’: Тие (дечиштата) му се пикаа во ушите и вреskаа како јариња (ОвБ: 29); се развреска како јарец ‘силно се развика’: Еј, Циго, што си се разврескал како јарец? (ЖС: 210); трепери како глувче во мачкини канџи ‘преплашен е’: Ледени мравки ми лазеа по телото. Треперев како глувче во мачкини канџи (БЦ: 13); ги собира околу себе како квачка своите пилиња ‘грижлив е, внимателен со најблиските’: Жените ги собраа децата околу себе како квачки своите пилиња и со страв очекуваа што ќе донесе утрото (ОвБ: 97); како сите кози да му се на број ‘сè е како што треба’: паметно дете, чита, пишува, разговара со тебе како сите кози да му се на број (ЖС: 211); се раскокодака како весела кокошка ‘се развесели’: А децата, просто се раскокодакаа како весели кокошки, се расчрчорија како ластовички (ПЦв: 135); како сопнат коњ ‘заробен, без слобода’: Немаш никаква слобода, се чувствуваш како сопнат коњ во широка ливада (ОвБ: 53); крвта му ја исмука како крлеж ‘го искористи’: Овие чергари, бајганчовци, крвта ќе ни ја исмукаат како крлежи, ги знам јас нив (ОвБ: 10); се закачи како крлеж ‘здодевен е, упорен’: Кога ќе се закачиш за некого како крлеж, не го оставаш (ЖС: 210); како кртица рие ‘копа, длаби во земјата; копка, измачува, буди сомнеж’: Пргавите раце на Насиха како кртица ја риеја мократа и студена земја (БЦ: 100); ја чувствувам неговата темна болка. Врти како сврдел, рие како кртица, клука и по цели вечери не ме остава да заспијам (Драј: 68); остане сина кукавица ‘остане сосем сама, без никој свој’: Мајката, прегрнувајќи го својот син, тихо му рече: Зарем и тебе да те загубам?! Да останам сина кукавица (АЧ: 72); цимолка како мало кутре ‘плаче, се жали’: Ајде, ајде, немој да ми цимолкаш како мало кутре! Гледаш дека сум тука! Не плаши се. (ОвБ: 15); испотепа како куче ‘испотепа силно’: Ако ве сретнеме уште еднаш, ќе ве испотепаме како кучиња, разбравте ли? (Бел: 348); послушен како куче ‘многу послушен, покорен’: Насекаде одеа со него и беа послушни како кучиња (Драј: 45); се озаби како побеснета кучка ‘(за зима) многу студена, лута зима’: Ова сè уште не е зима, синко. Ќе ја сетиме кога ќе се озаби како побеснета кучка (БЦ: 100); одлета ластовичето ‘си замина од родното место’: Околу неа се врткаат некои типови, галиба од градот. Ќе одлета ластовичето (Бел: 318); се расчрчори како ластовичка ‘се развесели’: А децата, просто се раскокодакаа како весели кокошки, се расчрчорија како ластовички – пролетани (ПЦв: 135); убав како лебед ‘многу убав’: Татко ми имаше два бели коња и сите други Цигани му завидуваа поради нив. Како сега да ги гледам пред очите – стројни и убави како лебеди (БЦ: 50); вистинска лисица е ‘итар е’: Чичко Стојан е вистинска лисица, но дали имал среќа да го изведе студентот на добар пат (ОвБ: 105); изеде магарешки ќотек ‘многу е натепан’: И самата помисла на тоа дека изел магарешки ќотек и дека поради тоа селаните го сожалуваат, го навредуваше (ОвБ: 53); трча како прле пред магарица ‘избрзува во носењето одлуки’: Чекај, ми рече тој, не трчај како прле пред магарица, уште ништо не сум ти рекол (ПрвП: 129); се гали како мače ‘нежно се милува’: не беше од оние деца кои сакаат да се мазнат и галат како мачиња (АБВ: 15); очите му се итри како на дива мачка ‘многу е итар’: Очите му беа подвижни и итри како на дива мачка (АЧ: 77); згрчен како мачор на дожд ‘со чувство на непријатност’: Згрчен како мачор на дожд, со стуткана капа во рацете, Муро му тресеше на учителот жалосни и утешни зборови (ОвБ: 10); мечка не игра оро без стап и без синџир ‘без дисциплина ништо не се постигнува’: Ниедна мечка не игра оро без стап и

без синџир. (Драј: 89); силен како мечка ‘многу силен, моќен’: беше здрав како глуждесто дреново дрво и силен како мечка (Драј: 16); мравки му лазат по телото ‘затреперува од возбуда; чувствува немир’: Ледени мравки ми лазеа по телото. Треперев како глувче во мачкини канџи. (БЦ: 13); на мравка не згазнува ‘многу мирен, кроток’: Го гледаш ништо човек, на мравка не згазнува, ама има карактер на вистинска видра (ОвБ: 111); не згазнува ни на мравка ‘многу е добар, кроток, внимателен’: Мислам дека можеше да се бори со најсилната мечка, а не згазнуваше ни на мравка (ЖС: 191); работи вредно како мравка ‘многу е вреден’: работеа вредно како мравки, не исправајќи ги грбовите (ЖС: 260); како мува без глава ‘беспомошен, збркан, немоќен’: Неколку дена се моткаше околу населбата како мува без глава, а потоа ја снема, исчезна засекогаш (БЦ: 87); се врти како мува без глава ‘се движи дезориентирано’: Никогаш ни на крај ум не ми паднало да се вртам низ салата како мува без глава, да танцувам (Бел: 315); детските мушички му излетаа од главата ‘се вразуми, се опамети’: Можеби тоа го правеше од благодарност што го спаси брат му, или детските мушички му излетаа од главата, сеедно (ОвБ: 98); накострешен како четка на див нерез ‘сосема исправен, накострешен’: Секое влакненце на телото ми беше исправено, накострешено како четка на див нерез (ПрвП: 63); расрден како нерез ‘многу налутен, разбеснет’: Крашник се врати од град расрден како нерез. Уште од вратата зафуче: „Ова не ти било град, брате, туку аждерско грло“ (ПрвП: 55); нема да живее со орлите ‘нема да живее вечно, долго’: Ти треба да се навикнуваш на самостоен живот, сине. Моето сонце е на залез. Јас нема да живеам со орлите (БЦ: 96); како разлутена оса ‘бесен, лут’: Тие мисли како разлутени оси ми брмчеа во главата (БЦ: 31); се нафрли како гладен пес ‘нападна алчно, настрвено’: го симнаа раженот од колците и му се нафрлија како гладни пци (АЧ: 27); дреме како болно петле ‘ништо не прави, пасивен е’: Од тебе избива кралимарковска сила, а ти дремиш во ќошов како болно петле. (Бел: 318); ја крие душата како полжав ‘се прикрива, не се разоткрива’: Бојана сеедно си ја криеше душата како полжав вовлечен во својата куќичка (Бел: 334); железна птица ‘авион’: Дали и над нивните стопани овој ден не беснееја железни птици!? (БЦ: 91); звонлив како песна на птица ‘милозвучен’: Неговите зборови напати звонливи како песни на птици, напати сурови и страшни како фиук на луња (АБВ: 58); птица без јато ‘без никој свој’: Јас сум птица без своето јато, го загубив гнездото и патот (ЦрП: 49); слободен како птица ‘целосно слободен’: Најважно беше дека бев слободен како птица, како вода, како ветар. (ЖС: 216); молчи како риба ‘ништо не зборува, молчи’: Додека ние со Насиха се препиравме околу името Мишко, Рапуш молчеше како риба (БЦ: 47); се нафрли како рис на осамена срна ‘крволочно нападне’: одненадеж врз неа се нафрлија неколкумина непознати аскери, како рисови на осамена срна (АЧ: 58); темно како во рог ‘многу темно, мрачно’: Овде беше темно како во рог и над целиот свет владееше длабока тишина (ОвБ: 16); се протега како извиткан смок ‘се извива во должина’: како извиткан смок го протегаше своето тело меѓу дрвјата (АЧ: 74); очи како кај срна ‘крупни, мили очи’: пред него се појавуваа нејзините крупни очи како кај срна (ОвБ: 47); го пушти во стадото ‘го приклучи кон својата група’: и тој ме пушти во „стадото“. Покрај него, во домот имавме уште една учителка (ЖС: 159); му ја смачка главата како на тавтабита ‘го уништи, го претепа’: со сопствените нозе ќе им ги смачкам главите како на тавтаби (ОвБ: 71); тигар во лисичја кожа ‘прикриен грабливец’: Селаните добро го познаваа тој тигар во лисичја кожа и му се странеа од патот (ОвБ: 11); гризе како црв ‘уништува, измачува’: Таа те

уништува, те гризе не малку по малку, не како црв, туку те согорува, целосно те обзема како пламен (ЖС: 267); му се нафрли како чавки на сокол ‘го нападна безмилосно’: Му се нафрлија особено на помладиот брат како чавки на сокол, зборувајќи дека е безбожник (АБВ: 91); чавките му го испиле умот ‘празноглав е, глупав, се занесува’: куќава ни ја запусте, сосем поулаве, како чавките да му го испиле умот (ОвБ: 93); како не помислив на сето тоа што ми го изнакажа стариот? Ех, чавките ми го испиле умот. (БЦ: 38); се кикоти како шакал ‘се смее злобно’: ти им раскажуваш на овие тиквари, кои се кикотат како шакали (ЖС: 184).

2. Фитонимски фраземи. Имињата на растенијата, самите по себе, вклучуваат и универзални и национално-специфични идеи за растителниот свет, што се одразило во одредени методи на именување, добивајќи културна функција и одразувајќи специфичен начин на перцепција и концептуализација на околната реалност од претставниците на одредено општество.

Корпусот на фитонимските фраземи ги опфаќа фраземите во чиј состав има фитоними со кои се означуваат видови дрва, цвеќиња и украсни билки, овошје и зеленчук, трева и шумски плодови, како и називи за делови на растението или т.н. фитосоматски називи: расте како кршен бор ‘расте високо’: Синот растеше како кршен бор, следејќи ги патиштата на својот татко ајдутин (АЧ: 53); го обра бостанот (зелен) ‘западна во голема неволја’: А така белки поскоро ќе ја домамиме и пролетта. Ако ни потрае снежецов подолго – сме го обрале бостанот уште зелен (БЦ: 110); младолика како бреза ‘многу младолика’: Нејзината мајка беше младолика како бреза, а оваа жена е подгрбавена, исушена (АЧ: 120); стројна како планинска бреза ‘стројна, висока, убава’: ставата ѝ беше прилежна и стројна како планинска бреза, а убавото лице го красеа благи, нежно повлечени линии (АЧ: 53); здрав како дреново дрво ‘многу здрав’: Шумарот веќе ја наближуваше шеесет и петтата, но беше здрав како глуждесто дреново дрво (Драј: 16); како дрво без корен ‘чувство на подреденост и беспомошност поради нечија отсутност; далеку е од родниот крај’: И порано се чувствував како дрво без корен, но овој пат тоа чувство силно ме порази (Бел: 366); фрла и со дрва и со камења ‘напаѓа во голема мера’: сите фрлаат по него и со дрва и со камења, сите го прогонуваат без причина (Бел: 302); не е китка за мирисање ‘не е наивен и невин како што изгледа и се прикажува’: Знае: овој живот не е китка за мирисање (ОвБ: 106); И не е којзнае каква китка за мирисање. (Бел: 302); не фаќа корен ‘не се задржува долго на едно место’: Тие никаде не фаќаат корен, денес овде, утре – ни ѓаволот не може да ги најде (ЖС: 222); пушти корен ‘се задржа на едно место; создаде дом’: Се разбира, не секогаш, зашто ние никаде не запепелуваме постојано огниште, никаде не пуштаме корен. (БЦ: 26); зрел како пожолтена круша ‘многу зрел’: решеноста беше веќе сосем зрела, како пожолтена круша висната на гранка (ПрвП: 58); тресе зелени круши ‘кажува бесмислици, глупости’: Не треси зелени круши, дроздалец! (ОвБ: 8); крупен како лешник ‘многу крупен’: Отпрво капките беа ретки, но крупни како лешници (Бел: 352); се најде во небрано лозје ‘се најде во незгодна ситуација’: Тие се најдоа во небрано лозје. Не можеа веднаш да сфатат дали се шегува (ОвБ: 84); како зрела расечена лубеница ‘румена’: Од исток сонцето ја покажа својата половина како зрела, наполу расечена лубеница (Бел: 360); само лук и вода ‘нешто безначајно, безвредно; ништо’: Она што ни го солеше за твоето чергарско племе, сигурно било само лук и вода, си го измислувал (ЖС: 203); нежен и мек како мајчина душичка ‘нежен, мек’: Беше нежен и мек како мајчина душичка и имаше мирис на јоргован (БЦ: 117); тело

како кокосова палма ‘витко и стројно тело’: Неговата врсничка Тхика, вистинска газела, со витко стројно тело како кокосова палма (ЦрП: 11); како печурки по дожд ‘одеднаш се појавува во голем број’: На селските гумна, околу големиот јавор на Мадра, како печурки по дожд никнаа нови колиби и шатори (БЦ: 70); Ама еве, пак поникнаа под плевата како печурки по дожд (БЦ: 124); како пуполка од црешов цвет ‘ситен, малечок, кревок’: Моето срце беше малечко, како пуполка од црешов цвет (ПрвП: 122); ретка како расковниче ‘многу ретка’: А радоста е ретка како расковниче (Драј: 28); по некоја семка му тропа во лејката ‘му текнува по нешто, не е сосем безумен’: мислам дека сѐ уште не сме сосема изветреани, и по некоја семка ни тропа во лејките (ЖС: 251); се фати како давеник за сламка ‘во безнадежна ситуација се обидува и на невозможен начин да излезе од тешката положба; се обидува да си помогне и со најбезнадежни средства’: Смилувај се синко! – Муро се обидуваше да се фати како давеник за сламка (ОвБ: 116); тресе зелени сливи ‘кажува бесмислици, глупости’: Ти да молчиш таму и да не тресеш зелени сливи. Тоа не е твоја работа. (ОвБ: 94); како свенато пченкарно стебленце ‘слаб и подгрбавен’: Нурија беше сув и смуѓав, исциглен како свенато пченкарно стебленце (ПрвП: 31); расте како млада топола ‘расте високо’: растеше како млада топола на влажна почва (АЧ: 56); паѓа како покосена тревка ‘ослабува, се уништува’: Изброени се човековите денови, учителе. Телото паѓа како покосена тревка, го кутнува болест (АБВ: 82); како трн во око ‘некој/нешто омразено, што пречи’: Знаев дека на сите ќе им претставувам трн во око, бела чавка. (БЦ: 149).

3. Фраземи со оними. Ономастичките фраземи се дел од фразеологијата каде што најсилно е одразена националната специфика на еден јазик и култура. Нашата анализа ги опфаќа фраземите со компонента име во поширока смисла. На пр.: ѓупска работа ‘лошо завршена работа, несериозна работа’: Мене дајте ми широко поле и чист воздух, ништо друго. Ѓупска работа! (Бел: 298); есениновски талент ‘голем поетски талент’: Има предадено збирка песни во едно издавачко претпријатие. Есениновски талент. (Бел: 306); загрми како Зевсов бич ‘силно викне, грмне’: Ќе загрми ли неговиот старечки зарипнат глас над нас, простосмртните, како Зевсов бич (ПрвП: 60); битката на Косово ‘многу жртви без победник’: Недопустливо е да не се знае интерпункцијата. Еден ваш другар, самиот тој ќе си ја види „битката на Косово“, во целата писмена не употребил ниеден интерпункциски знак! (Бел: 327); вистински кралимарко е, кралимарковец е ‘многу силен, храбар’: Ама ти си бил вистински кралимарко! – се изненади Ѓурчин (Бел: 320); Ете, како кралимарковец беше мојот пријател. Мислам дека можеше да се бори со најсилната мечка, а не згазнуваше ни на мравка (ЖС: 191); кралимарковска сила ‘голема, неизмерна сила’: Од тебе избива кралимарковска сила, а ти дремиш во ќошов како болно петле (Бел: 318); Машка Магда ‘женско со однесување како машко’: „Дуплата женичка“ или „Машка Магда“, како што ја викаа дечиштата, вистински ќе се разбеснеше (ПрвП: 21); робинзонски живот ‘живот полн со авантури и доживувања’: Тој бараше да му раскажувам за мојот робинзонски живот, за битките што се водеа пред моите очи, за луѓето... (ПЦв: 141); осамен како светогорски калуѓер ‘многу осамен, сосем сам’: Осамен како светогорски калуѓер, задоволен и среќен, одделен од светот (ПрвП: 108); и свети Илија Громофрлачот не може да му помогне ‘ништо не може да му помогне, во безизлез е’: Како ќе риеш под снегот, во челично смрзнатата земја? И самиот свети Илија Громофрлачот не ќе може да ти помогне (ПЦв: 108); не може да го најде ни свети Петар ‘сосема скриен е од сите’: барав начини да избегам од капењето, изнаоѓав такви

глувчешки дупки, каде што не можеше да ме најде ни свети Петар (ПрвП: 19); спартанско воспитување ‘строго, војничко воспитување’: Во спалните не се палеше оган. Едни велеа така било наредено од управата. Спартанско воспитување (ПрвП: 86).

4. Фраземи со називи за храна. Интересни се фраземите со лексика од битовата сфера, односно со кулинарската лескика, на пр.: си легне на брашното ‘се помири со дадена ситуација; се предаде’: А и „шумкарите“ како да си легнаа на брашното. (ОвБ: 113); ситен како брашно ‘многу ситен’: грутката се здроби и земјата му потече меѓу прстите – ситна како брашно (БЦ: 68); залакот си го делат ‘многу се блиски, сложни’: Со Бош се зближија како родени браќа. Залакот си го делеа (ОвБ: 98); си личат како јајце на јајце ‘многу наликуваат еден на друг’: Сите тие си личеа едно на друго како јајце на јајце (Драј: 82); ја замеси кашата ‘вмеша некого во некоја непријатна, нечесна работа или тешка ситуација’: Сигурно Ќамил ја замесил таа каша, си реков, нема кој друг да е (АЧ: 64); јаде леб од негови раце ‘друг му обезбедува за егзистенција’: Си јадел леб од нивните раце, си спиел заедно со нив под овој свет небесен (ЖС: 21); нечие масло е ‘некој направил пакост, бељa’: Сите насетуваа дека тоа масло може да биде или на Наце Русиот или на Ѓуптин (ЖС: 171); никаде нема месен и обесен ‘нема ништо на готово, нема добивка без мака и труд’: Во мојава куќа не сакам бадијалџии. Никаде нема месен и обесен (ОвБ: 20); го расте од мрвка месо ‘се грижи за него од најмали години’: Не те боли тебе затоа и не ти се брза. Да ја растеше од мрвка месо ќе видеше како е. Од срцето ми е откорната (АЧ: 67); мед и млеко ‘сè во изобилство; совршено’: Еве, патиштата водат на сите страни. Ниеден не е полеан со мед и млеко (ЖС: 237); пилав го стори од мавање ‘го претепа’: Така изземнато, помодрено, пилав сторено од мавање, се враќаше во спалната (ПрвП: 90); исушен како суџук ‘многу слаб, сув’: Во колибата го нашле само ќумурџијата и самиот исушен како суџук на чадот (КорС: 36); тесто од темница ‘многу мрачно, темно’: Единствени живи суштества во тоа тесто од темница и кал бевме јас и коњот. (БЦ: 135); проба од секоја чорба ‘има големо животно искуство’: Во животот треба да се проба од секоја чорба, Нацка (ЖС: 253); се меша во туѓа чорба ‘се меша во туѓа работа’: А што се мешаш ти, Циго, во туѓа чорба? – просаска трет (Бел: 319).

Видое Подгорец е еден од авторите на кои секој возрасен во одреден момент од својот живот се навраќа, сеќавајќи се на шарените мигови од детството. Неговиот јазик се одликува со грижливиот избор на фраземите и со настојувањето да ги приспособи на возраста на читателската публика. Во огромното богатство од фраземи најзастапени се фраземите со зоонимска компонента, но и фитонимските фраземи, онимските фраземи и др. Покрај афирмирањето на стандардните фраземи, Подгорец ја збогатува македонската фразеологија со фраземи со модификации и трансформации: *трча како прле пред магарица, стутулен како накиснат гавран во есен, како загар што души дира на избеган дивеч, се раскокодака како весела кокошка*, со фраземи со компоненти од дијалектната лексика: *суд не се кутнува со глава, по белите друмови на светот, не е китка за мирисање* и др. Се среќава зачестена употреба на повеќе фраземи во ист контекст: Беше гурелав голтар *како црквен глушец*. *Немаше* партал на себе – *куче каде да го фати*; *се зближија како родени браќа. Залакот си го делеа*.

ЛИТЕРАТУРА

Денкова Ј. 2011. *Книжевност за деца*. Штип: Универзитет „Гоце Делчев“.

Денкова Ј. 2015. „Измислување или реалност на детскиот свет“. *Годишен зборник на Филолошкиот факултет*, Штип: Универзитет „Гоце Делчев“, 161–168.

Мојсова-Чепишевска В. 2019. „Македонската литература за деца (мала студија за запознавање)“. *Paidia i Literatura*, nr. 1, 83–99.

Никић, Б. В. 2020. *Фразеологизми у лектири за основну школу*. Београд: Универзитет у Београду, Филолошки факултет (докторска дисертација).

Станојевић Веселиновић М. 2022: Фразеологизми у књижевним делима за децу на немачком и српском језику, *Књижевност за децу у науци и настави*, Јагодина: Универзитет у Крагујевцу, Факултет педагошких наука, 179–189.

Burger, H. 2010. *Phraseologie: eine Einführung am Beispel des Deutschen*, Berlin: Erich Schmidt.

Hayran, Z. 2017. „Proverbs and Idioms in Children's Books“. *Journal of Education and Training Studies*, Vol. 5, No. 12. 8–13. https://doi. org/10. 11114/jets. v5i12. 2661.

Ismail, H. M. 2023. Children’s Literature: The Significance and Other Impacts. *Theory and Practice in Language Studies*, Vol. 13, No. 3, 593–598.

Junaid, S. 2013. „The basic concept of children literature“. *English and Literature Journal*, Vol. 1, No. 1. 22–32.

Pirnajmuddin, H., Ramezani, Z. 2011. „Idioms in Translation of Children's Literature: The Big Clay Jar by Moradi Kermani“. *Theory and Practice in Language Studies*, Vol. 1, No. 12, 1861–1864.

Pulimeno et al. 2020. Children’s literature to promote students’ global development and wellbeing. *Health Promotion Perspectives*, 10 (1), 13–23.

Извори

АЧ – Видое Подгорец, *Ајдучка чешма*, Македонска книга, Скопје 1970.

АБВ – Видое Подгорец, *Аз, буки, веди*..., Мисла, Скопје 1969.

Бел – Видое Подгорец, *Белег*, во: Белото Циганче – трилогија, Наша книга, Скопје 1988, 287–413.

БЦ – Видое Подгорец, *Белото Циганче*, во: Романи за деца, Микена, Битола 2008.

Драј – Видое Подгорец, *Дивиот рај*, Мисла, Скопје 1990.

ЖС – Видое Подгорец, *Жед за слобода*, во: Белото Циганче – трилогија, Наша книга, Скопје 1988, 155–285.

КорС – Видое Подгорец, *Кореките на судбината*, Развиток, Битола 1982.

КЦС – Видое Подгорец, *Куќа за цел свет*, Култура, Скопје 1988.

ПрК – Видое Подгорец, *Прости ми канаринке*, Култура, Скопје 1964.

ОвБ – Видое Подгорец, *Овчарчето Бош*, Мисла, Скопје 1990.

УЗ – Видое Подгорец, *Умирање на залез*, Македонска книга, Скопје 1984.

ЦрП – Видое Подгорец, *Црниот пантер*, Мисла, Скопје 1990.

PHRASEOLOGY IN THE NOVELS OF VIDOE PODGOREC

Summary: The works of the prominent writer Vidoe Podgorec are among the best examples of contemporary Macedonian literature, both from a literary and linguistic perspective. His books were the reason why several generations of readers became passionate about the written word from an early age, and in the same time they developed their linguistic expression, learned about the word semantics, and the structure of the sentence. Podgorec, with his creative talent, exploiting the expressive potentials of the Macedonian language, weaves a rich lexical fund into his narration, but he also draws on the Macedonian phraseological wealth. Podgorec enriches Macedonian phraseology with phraseological modifications: *како сите кози да му се на број, твојата воденица меле трици, тигар во лисичја кожа*, as well as with phrasemes containing dialect lexis: *не е китка за мирисање, како сончогледова китка расцвета*, etc. He also uses several phrasemes within the same context: *Беше гурелав голтар како црквен глушец. Немаше партал на себе – куче каде да го фати.* Our paper presents the phrasemes used in Podgorec's novels within several lexical-semantic groups, e.g. zoonymic: *мачки му гребат во цревата, се гали како мече*, *убав како лебед,* phytonymic: *младолика како бреза, расте како млада топола, редок како расковниче*, etc.

Keywords: Macedonian language, phraseology, phrasemes, literature for children.

Марина СПАСОВСКА, Марина ДАНИЛОВСКА

„БЕЛОТО ЦИГАНЧЕ“ – ПЛОДОНОСНО ПОЛЕ НА ФРАЗЕОЛОШКИ ИЗРАЗИ

Апстракт: Фразеолошките изрази се непроценливо богатство за секој јазик и тие ја отсликуваат мудроста на народот, неговата историја и неговата култура. За оваа прилика се одлучивме да направиме анализа на фразеолошките изрази во романот „Белото Циганче“ од Видое Подгорец. Забележуваме дека нивната застапеност во ова ремек-дело е огромна, па заради тоа во трудот ќе се осврнеме само на еден дел од мноштвото мудри мисли, преку кои се изразува авторовата интенција за објаснување на појавите, предметите и карактерите на луѓето, низ призмата на народната традиција. Едноставно, фраземите како: „трн во око“, „беља на глава“, „не ми доаѓа на ум“, „збогум сиромаштијо“ и сл. го поттикнуваат читателот да ги толкува мудростите скриени во нив. Целта ни е да ја истакнеме спецификата, варијациите во кои се јавуваат, како и семантичките вредности на фразеолошките изрази во ова дело.

Клучни зборови: фразеолошки изрази, поговорки, фраземи, компоненти, значење.

За оваа прилика се одлучивме да направиме анализа на фразеолошките изрази во романот „Белото Циганче“ од Видое Подгорец – еден од нашите најплодни писатели, од кого наследивме огромна книжевна оставнина[1]. Иако неговиот творечки распон е многу голем, сепак, тој, пред сè, е автор за деца, кој „оживувајќи го детето во себе, создава ликови на деца мечтатели, сонувачи, авантуристи, патувачи, но и деца кои многу рано ја почувствувале болката од камшикот на животот.“ (Витанова-Рингачева: 78) Едно од тие деца е и малиот Таруно, т.н. Белото Циганче од истоимениот роман за деца, онаа култна детска фигура, со која растеа, се радуваа, тагуваа и сочувствуваа многу генерации. Подгорец е мајстор на нарацијата. Неговото раскажување е мошне сликовито, живописно. Тој емотивно топло, лирски, на еден само за него својствен начин ги опишува природата, ликовите, поточно Циганите, нивните размисли за животот, нивните верувања и чувства. На тој начин нè воведува во еден поинаков свет, во светот на Циганите, кој во овој роман за деца има „автентична боја и порака.“[2] И сето тоа е уште пологично ако се има предвид неговата изјава: „„Белото Циганче“ е едно мое оддолжување спрема светот на моето детство и, воопшто, спрема светот на Циганите што ги познавав и не ги познавав“ (Арсовска 2010: 226)

Во трудот ќе се осврнеме само на еден дел од мноштвото мудри мисли, преку кои се изразува авторовата интенција за објаснување на појавите, поимите и карактерите на луѓето, пред сè, низ призмата на народната традиција. Целта ни е да ги истакнеме спецификата, варијациите во кои се јавуваат, како и семантичките вредности на фразеолошките изрази во ова дело.

Фразеолошките изрази[3] претставуваат непроценливо богатство за секој јазик и тие имаат значајно место во рамките на неговиот лексички состав. Во

[1] https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%92%D0%B8%D0%B4%D0%BE%D0%B5_%D0%9F%D0%BE%D0%B4%D0%B3%D0%BE%D1%80%D0%B5%D1%86; а повеќе во врска со творештвото на Подгорец в. Витанова-Рингачева 2026: 73–75.

[2] Друговац 1988: 315.

[3] Во литературата посветена на македонската фразеологија се среќаваат термините фразеолошки израз (во тритомниот *Речник на македонскиот јазик*, кај Катерина Велјановска, *Фразеолошките изрази во македонскиот јазик*), како и терминот фразеологизам (под влијание на руската лингвистичка литература, но е вообичаен и во учебниците по македонски јазик). Ние ги користиме и двата термина, напоредно. Во врска со ова, Велјановска (2006: 20) го истакнува следново: „Причините за различното именување на ФИ се, пред сè, од терминолошка природа.

врска со фразеологизмите, Велковска (2008: 7) истакнува дека тие се „неслободни синтагми со постојан компонентен состав чиешто значење не произлегува од лексичките компоненти што го сочинуваат изразот“ и дека „новата семантичка вредност поникнува како последица на затемнувањето на лексичките значења на зборовите во еден фразеологизам“.

Општо е познато дека фразеологизмите се доказ за длабоката мудрост на еден народ, за неговата остроумност, умешност, а во нив се отсликуваат неговата култура, историјата, моралните вредности, обичаите и, воопшто, животот. Нивното значење речиси секогаш е фигуративно, сликовито, метафорично, па затоа имаат посебна емоционална обоеност и експресивност.

Фразеологијата, како јазична дисциплина, нуди различни класификации на фразеологизмите, односно тие може да се анализираат од различен аспект, а ние ќе разгледаме неколку групи фразеолошки изрази, како: пословици и поговорки, клетви, благослови, дел од соматските фразеологизми, компаративни, како и зоонимски фразеологизми.

Тргнувајќи од фактот дека некои пословици и поговорки претставуваат семантичка и синтаксичка целост чие значење само делумно зависи од значењето на компонентите, дека во зборувањето се употребуваат како готови, клиширани изрази и дека ниту една од компонентите не може да се замени со синоним, некои лингвисти со право ги вклучуваат во фразеологијата (Велјановска 2006; Велковска 2002).

Посебно место во романот „Белото Циганче“ заземаат поговорките и пословиците и тоа е сосема разбирливо, ако се има предвид податокот дека Подгорец бил човек од народот кој совршено добро го познавал животот и сето она што тој го носи со себе. Бил творечки надарен со зборот „да го опише она што се восприемало, што се одживеало, одболувало“ (Витанова-Рингачева 2026: 85).

Поговорките и пословиците во „Белото Циганче“, како и сите вакви мудри изреки имаат безвременско значење. Тие се одглас на колективното, на народното поимање на сето она што го сочинува животот: раѓањето, битисувањето, среќата, радоста, несреќата, борбата за корка леб: - *Нема потрајно богатство од песните*. (7) - *Лошите вести одат пред луѓето.* (82) - *... времето си го чини своето!* (48) - *А времето е како вода: тече, тече...* (48) - *Гледате, ништо не паѓа од небото*. (102) - *Роди ме мајко со касмет и фрли ме на патот.* (131) - *Во животот има и такви нешта, коишто немаат цена*. (135) - *Попусто е да се жалиш. Она што отишло, не се враќа.* (138) - *... несреќите во животот никогаш не доаѓаат сами. Штом ќе се појави една, таа со себе води друга.* (139)

Поголемиот дел од пословиците во „Белото Циганче“ Подгорец им ги припишува на одредени ликови кои се истакнуваат со својата мудрост, итрина и досетливост. Па така, за стариот Баба-Мулон, мудриот и чесен Циган, се карактеристични многу изрази кои носат силни пораки и животно искуство. За него Друговац (1988: 150) вели дека тој е еден од оние ликови кои „пренесуваат хуманистички пораки од една навидум регионална животна географија, а со надрегионални морални и уметнички димензии“. Овој старец со избраздено

Може да се заклучи од регистрираните термини во Речникот на словенската лингвистичка терминологија (1977) и од другата користена литература дека изведените термини од коренот фраз - најмногу се присутни во литературата на словенските јазици“ и дека во македонскиот јазик се користи терминот фразеолошки израз, а подоцна (под влијание на рускиот јазик) и терминот фразеологизам.

чело и изморени раце, со црна кожа, но со бела душа, побела и почиста од снегот, честопати го советува малиот Таруно, особено за циганската судбина и за човечкото достоинство, велејќи: - *Несреќата не може да се скрие.* (11) - *Никој нема да ти ја наполни торбата ако не ѝ ја отвориш устата*. (12) - *Ќе останеме. Се разбира, не засекогаш, зашто ние никаде не запепелуваме постојано огниште, никаде не пуштаме корен*. (25) - *Милостината е измислена за оние, коишто не можат сами да си го заработуваат својот насушен леб.* (36) - *Не дозволувај да ти го газат достоинството за еден залак леб, кој и самиот можеш да си го спечалиш*. (36) - *Секој човек има право само на она што го заслужил.* (37) - *Во првите моменти од животот рожбата ѝ припаѓа само на нејзината мајка.* (40) - *Кутрите бездомници! Ете што значи да немаш ќерамида над главата.* (51) - *Бурата ги кутка старите, преживеани стебла за да им направи поширок простор на младите. Вечен закон во природата.* (52) - *Ех, летото е рај за нас, Циганите. Гледај, сè ни е полно-рамно.* (67); - *... широки се човечките усти и кој да им верува на сè?* (70) - *Под небово за сите има место.* (96) - *На Циганите никој за ништо не им верува, Таруно*. (139) - *Чергарскиот живот е само за Циганите.* (140)

Главниот детски лик, малиот Таруно, односно централната личност во романот „има своја сопствена, како од самиот живот, откорната, наедно – реалистичка и лирска димензија, секогаш: свој сопствен литерарен знак за препознавање“ (Друговац 1988:151). Ова мало, невино сираче, честопати размислува за својот идентитет, за детството, за неправдите што постојано надвиснуваат врз циганскиот карван: -*... да живееш без родители, сам да се бориш против сите неволи и молчаливо да ги поднесуваш навредите и патилата, тоа значи – да си ништо и никој*. (79), - *Лошите вести одат пред луѓето*. (82) -*Но, да се живее чергарски живот – тоа значи да се патува, патува, патува до бесконечност.* (93) - *За Циганите иднината е она што го означуваше нивното утре или задутре*. (94) - *Циганите не се срамат да испросат парче леб, што било за јадење или искинат партал за да си ги покријат голите места по телото, но постела во туѓа куќа – никогаш*. (99) - *Доаѓањето на пролетта најдобро можат да го насетат Циганите*. (107) - *... детските игри имаат само почеток, а крај – никогаш...* (113) - *На овој свет нема ништо понеопределено од циганската судбина*. (115) - *Ех, како непринудено се разбудуваат спомените!* (116) - *Во животот успеваат само оние коишто издржуваат, оние коишто веруваат и не се плашат од ништо, оние коишто одат докрај...* (126)

Во фразеолошкиот состав на еден јазик се вбројуваат и клетвите, коишто, исто така, се кратки народни умотворби. Со нив најчесто се изразуваат лоши желби, односно во нив лежи верувањето во магиската моќ на зборот, некому да му се случи нешто лошо, злокобно. Во врска со клетвите, Веновска-Антевска (2018: 28) истакнува дека тие сематички „се поврзуваат со клеветата, проколнувањето и колнењето, кон тоа се надоврзува проклетството. Клетвите се со поголема трајност и тие во верувањето може да траат многу долго (до седмо колено во семејството), преку нив гревот мора да се плати на некој начин, да се случи покајание“.

Во материјалот што ни беше предмет на ексцерпција забележавме само неколку клетви:

- *Проклети Цигани!* (54)
- *Проклет циганин живот!* (71)
- *Ви се колнам во сите седумдесет и девет години што ги имам, наше е*. (137)

Во рамките на фразеолошките изрази се класифицираат и благословите, коишто, всушност, претставуваат позитивни творби со кои се верувало дека со магиската сила на зборовите ќе се исполнат искажаните желби. За разлика од клетвите, благословите се позастапени:

- *Алал да му е срцето такво!* (28)
- *Господ нека ве дарува со здравје и долг живот за добрината*. (97)
- *Нека ми е жива Рашана!* (103)
- *Е, па, нека ти е добра ноќ и сладок сон, Рашо!* (104)
- *А и дреновиот стап, да е здрав и жив, мошне ми помогна да го воспитам дивото животинче.* (106)
- *Во децата се колнам, верувајте. Седум деца имам, да се живи...* (136)

Се смета дека речиси една третина од фразеолошкото богатство на секој јазик го сочинуваат т.н. соматски фразеологизми, односно фразеологизми коишто како главна компонента во својот состав имаат именка што означува дел од човечкото тело. Ваквите изрази имаат голема фреквенција. Се среќаваат во секој јазик, па затоа може да се сметаат за „универзалија на јазикот“[4]. Велјановска (1997: 53) истакнува дека тие се „едни од најизразните средства на јазикот“ и дека „се користат во различни стилови на јазикот како готови, експресивни, емоционални, сликовити средства“. Секако дека и во романот што е предмет на наша анализа пронајдовме бројни примери од овој тип, меѓу кои најзастапени се соматските фразеологизми со компонентите: *очи, срце, глава, уста, нога, грб, коски, памет/ум, душа*, итн.:

Фразеологизми со компонентата **очи**:

- *... дали да останам со нив, во чергата, или, пак, ќе ми го покажат патот пред очи.* (11) – 'ќе му речат да си оди'
- *Да те нема! Ајде, јок, стани, витосај ми се од пред очи*. (13) – 'бегај од тука'
- *Соното беше далеку од моите очи.* (13) – 'не можев да заспијам'
- *Ми падна в очи едно поголемо од сите*. (22) – 'забележав'
- *Влажна, мрачна завеса ми се спушти пред очите*... (90) – 'кога во афект се губи контрола врз себе'
- *(Иднината) Беше пред нашите очи – отворена како прочитана книга*. (94) – 'беше тука, пред нас'
- *А ние – каде што ни гледаат очите.* (115) – 'избегавме'
- *Ми се замагли нешто во погледот, тивка тага ми го стегна срцето, а во очите ми изби роса.* (116) – 'почнав да плачам'
- *Темнината е како катран: ни прст пред око не се гледа.* (128) – 'ништо не се гледа'
- *Од секаде ме стрелаа невидливите очи на ноќта.* (128-129) – 'се плаши од темнината'
- *Знаев дека на сите ќе им претставувам трн во око, бела чавка*... (142) – 'кога некој некому му пречи'
- *Пред моите очи пукна посребрената широчина.* (127) – 'се појави пред мене; здогледав'

Фразеологизми со компонентата **срце**:

- *Место срце, Хенза во градите носи змија.* (16) – 'многу лоша, злобна'
- *... веднаш потоа почнував да се смеам на нејзините зборови, кои, рака на срце, не ги разбирав сосема.* (32) – 'искрено'
- *Рака на срце, тоа ми годеше.* (34) – 'искрено'

[4] в. Велјановска 2006: 60.

- *Рака на срце, ориз не жниел досега...* (60) – 'искрено'
- *... некаква пријатна возбуда ми лазеше околу срцето.* (49) – 'се возбудив'
- *Каква мака ти лежи на срцето?* (53) –'те загрижува'
- *Срцето ми се качило в грло...* (88) – 'доживува страв'
- *Одеднаш остри канџи на ненадејна болка ме зграпчија за срцето.* (90) – 'многу ме здоболи'
- *Ми се замагли нешто во погледот, тивка тага ми го стегна срцето, а во очите ми изби роса.* (116) – 'се растажив'
- *... осилото на навредата ме жегна право во срцето.* (24) –'многу ме повреди, навреди'

Фразеологизми со компонентата **глава**:
- *Јас сè уште не можев да ја сфатам таа таинствена препирка меѓу нив, но знаев дека се работи за мојата глава*. (11) – 'се работи за мене'
- *Глупчо, толку ли не ти разбира тиквата дека тој не е Циган.* (11) – 'не разбираш ли?'
- *... пак ѝ се качи в глава лошата крв*. (12) – 'многу се налути'
- *На твојот брат нема ни влакно да му падне од главата*. (70) – 'е заштитен'
- *Неколку дена се моткаше околу населбата како мува без глава...* (83) – 'несвесно, панично'
- *Без покрив над главата.* (94) – 'без дом, без живеалиште'
- *Сам ќе си донесеш бељa на главата, ќе се разболиш*. (138) – 'ќе си направиш проблеми'

Фразеологизми со компонентата **уста**:
- *Четири раце можат да спечалат за две усти*. (26) – 'за двајца'
- *Три усти, ej...а зимата е на прагот.* (12) – 'тројца'
- *... јас не ја отворив устата.* (37) –'не реков ништо'
- *Не ја ни отвори устата за дождот.* (52) – 'не рече ништо'
- *Јас веќе не му спомнував ништо за нашиот Бреско. Ни тој не ја отвори устата.* (138) – 'не рече ништо'

Фразеологизми со компонентата **нога**:
- *... го фатив патот под нозете и се загнав*. (90) – 'тргнав на пат, заминав'
- *Од пролет до пролет го славиме бога, а в нашиот шатор тоа не турил нога.* (101) – 'не дошол, не стапнал'

Фразеологизми со компонентата **грб**:
- *Симни го од **грбот** тој товар*. (11) – 'нека ти олесни'
- *За мојот **грб** не се грижи ти.* (11) – 'за мене'

Фразеологизми со компонентата **коски**:
- *Не гледате ли дека станало само кожа и коски?* (72) – 'многу слабо'
- *На ширината зад шаторите остана само една ќорава, сува кобила, кожа и коски, која ги одбројуваше последните денови од својот живот.* (137) – 'многу слаба'

Фразеологизми со компонентата **памет/ум**:
- *Ех, чавките ми го испиле умот.* (36) – 'се однесува како да не е умен'
- *Ништо не ми доаѓа на ум...* (114) – 'не може да се сети на ништо'

Фразеологизми со компонентата **душа**:
- *...топла поплава ми ја облеа душата.* (116) – 'многу се возбудив'
- *Сено имаше колку што му сака душата.* (134) – 'многу'
- *На права душа не смеат да ми ги валкаат образите*. (56) – 'кога не си виновен за ништо'

Значаен дел од фразеологијата на секој јазик претставуваат и т.н. компаративни фразеологизми, односно фразеологизмите што имаат споредбена семантика. Најчесто тие се со јасна, прозирна семантика[5]. Никодиновска истакнува дека „во основа на овие фразеолошки единици е споредбата како исконски, универзален начин на запознавање, спознавање, толкување и опишување на светот, на појавите и случувањата во него и околу него, зашто подразбира споредување на два референта, откривање на нивните сличности и разлики, при што новиот референт се споредува со веќе познатиот“ (Никодиновска 2018: 181). Во делото што ни беше предмет на ексцерпција пронајдовме голем број вакви примери, и тоа е разбирливо ако се има предвид авторовата способност за долги, раскошни, живи и облагородени описи на сето она што ни го претставува. Како што е познато, типичен компаративен сврзник во македонскиот јазик е сврзникот *како*:

- *Очите му беа сини како водата.* (22)
- *Неговите другари како навиени часовници гргнаа во смеа*. (22)
- *Беше кротка и умна како човек.* (Се мисли на Белка) (25)
- *Песокот на дното како да е златен.* (35)
- *Над полето грееше јасна месечина, како да е ден.* (37)
- *Гумното мора да биде рамно како тепсија*. (48)
- *Наоколу се прозираше непрозирна темница, длабока и бескрајна како безбрежен црн океан.* (51)
- *Таа ме привлекуваше, ме припиваше кон себе како грижна мајка своето дете кога сака да го успие.* (63)
- *Зашто таа е нешто свето. Како мајка. Ете, таа нè храни сите нас. Спрема сите е справедлива и добра*. (65)
- *На селските гумна, околу големиот јавор на Мадра, како печурки по дожд никнаа нови колиби и шатори.* (65)
- *Тоа прашање врз мене падна како гром од ведро небо...* (70)
- *Беше нежен и мек како мајчина душичка*... (111)
- *Рапуш не можеше да ги види неговите прекрасни синкаво розикави латици, насмеани како уста на невино девојче*. (112)
- *... пак поникнаа под плевата како печурки по дожд.* (118)
- *Тихо, нечујно како некој таинствен брод без кормилар и без морнари*. (128)
- *Тој ги познаваше нив како својата дланка*. (се мисли на коњите) (129)
- *Течеше летото како жолта сончева река*... (135)
- *Неговите молби се губеа како глас во пустина.* (137)
- *Талкав ваму-таму како спобудален, како призрак*. (142)

На крајот на нашиот труд им обрнуваме внимание уште на фразеологизмите коишто во својот состав содржат зоонимска компонента, односно име на некое животно.[6] И ваквите фразеолошки изрази заземаат значајно место во фразеолошкиот фонд на секој јазик. Тоа е така бидејќи животните се составен дел од животот на луѓето, односно „тие се инкорпорирани во културните системи на верувања и вредности како симболи, митски суштества и клучни елементи во наративите што ги артикулираат човековите перцепции и однос кон природата. Овој процес укажува на длабоката симболичка и когнитивна важност на животните во конституирањето

[5] Токму заради тоа сметаме дека не е неопходно нивно толкување.

[6] Неодамна е промовирана книгата *Македонска зоонимска фразеологија во словенски контекст,* од Катерина Велјановска и Билјана Мирчевска-Бошева, така што повеќе во врска со овој тип фразеолошки изрази имаме во оваа важна монографија.

на човековата култура и ментални модели.“ (Велјановска, Мирчевска-Бошева 2025: 8). Во продолжение посочуваме дел од ваквите фразеологизми што ги ексцерпиравме од романот „БелотоЦиганче“:
- *Ледени мравки ми лазеа по телото.* (12) –'се наежив'
- *Змијо, змијо... да те нема... Отровнице...* (13) – 'лоша жена'
- *Место срце, Хенза во градите носи змија.* (16) –'многу е лоша'
- *Како да чувам змија во пазувата, која може секој миг да ме касне.* (82-83) – 'злото му е во близина'
- *Ех, чавките ми го испиле умот*. (36) –'поулавел'
- *Знаев дека на сите ќе им претставувам трн во око, бела чавка...* (142) – 'исклучок'
- *Јас нема да живеам со орлите.* (84) – 'многу долго'
- *Кучешки живот.* (52) – 'тежок, беден живот'

И во оваа група доминираат споредбените фразеолошки изрази оти најчесто се прават компарации помеѓу одредено животно и човекот, па така, како што посочува Велковска (2002: 31), „мудроста, итрината, силата, храброста, работливоста и мрзливоста, брзината и спороста на соодветните животни, се поврзуваат со карактерните особини на човекот.“ Тоа можеме да го забележиме во примерите:
- *Ќе цркнеш покрај некоја река како изнемоштен пес*. (12)
- *Бев сосема сам и осамен, како залутана бубачка.* (14)
- *Му се предадов себеси како што ранета срна, подгонета од глутница волци му се предава на првиот ловец...* (15)
- *Пливав во свежиот вир на блаженият утрински сон како риба во својата слободна река*. (38)
- *... Рапуш молчеше како риба*. (45)
- *И кога дојдовме до оној стар, расклатен мост, оптегнат над реката како костур на огромна изгризана риба...* (116)
- *... стројни и убави како лебеди*. (47)
- *... како на кокошка ќе ти ја завиткам шијата...* (69)
- *Тие се дрпаа, се џапаа, збивтаа и 'ржеа како волчја глутница здавена меѓу себе.* (69)
- *Неколку дена се моткаше околу населбата како мува без глава...* (83)
- *... се чувствував како птица која го загубила своето јато и останала сосема сама.* (90)
- *Ова сè уште не е зима, синко. Ќе ја сетиме кога ќе се озаби како побеснета кучка*. (94)
- *Пргавите раце на Насиха како кртица ја риеја мократа и студена земја.* (94)
- *... како глувци ќе се издавиме во неа* (се мисли на надојдената река) (98)

Од анализата на фразеолошките изрази во ова антологиско дело на Подгорец можеме да забележиме дека тој низ својата автентична уметничка постапка ги вклучува и фразеолошките изрази, пословиците, поговорките, а помалку клетвите и благословите кои ја изразуваат неговата интенција за објаснување на појавите, предметите и карактерите на луѓето, генерално, низ призмата на народната традиција. Додавајќи и свои јазични елементи во еден фразеолошки израз, тој ја истакнува својата авторска единственост, посебност. На тој начин, преку силните метафори, бројните споредби, карактеристичните симболи и размислите на ликовите се прикажани, пред сè, неговите идеали, верувања, убедувања. Значи, Подгорец успеал да пренесе дел од една жива јазична материја во пишувана форма, притоа без таа да ја изгуби својата јазична

виталност, која е исклучително интересна, специфична, разнолична. Сосема на крајот, да потенцираме зошто му се навраќаме повторно на „Белото Циганче“, на овој „бисер на македонската литература за деца“[7], а тоа е „затоа што неговите вистини и убавини блескотат и денес како и некогаш, што значи дека разговорот за него и натаму продолжува во секого од нас и меѓу нас.“[8]

Marina Spasovska
Marina Danilovska

„THE WHITE GYPSY“ – THE FERTILE FIELD OF PHRASEOLOGICAL EXRESSIONS

Abstract: The phraseological expressions are an invaluable treasure for every language and they reflect the wisdom of the people, the history and the culture. For this occasion we decided to make an analysis on the phraseological expressions in the novel “The White Gypsy” by Vidoe Podgorec. We notice that their representation in this masterpiece is huge, and because of that in this work we will reflect on a part of the multitude of wise thoughts, through which the authors intention of describing the phenomena, objects and character’s is expressed in the prism of the tradition. Simply, idioms like “a thorn in the eye”, “trouble on the head” and “farewell poverty” among others, prompt the reader to uncover the wisdom concealed in them. Our goal is to emphasize the specifics, variations they occur in, as well as the semantic values of the phraseological expressions in this work.

Key words: phraseological expressions, proverbs, idioms, components, meaning.

ЛИТЕРАТУРА:

Арсовска, Т. 2010. *Писателите за себе*. Скопје: Панили.
Друговац, М. 1988. „Приод кон делото „Белото циганче“ од Видое Подгорец“. *Поговор на романот „Белото Циганче“.* Скопје: Наша книга.
Друговац, М. 1996. *Македонската книжевност за деца и младина*. Скопје: Детска радост.
Велјановска, К. 1997. „За соматските фразеолошки изрази во македонскиот јазик“, *Литературен збор,* XLIV, 1-3, 51–54. Скопје: ИМЈ „Крсте Мисирков“.
Велјановска, К. 2006. *Фразеолошките изрази во македонскиот јазик со осврт на соматската фразеологија*. Куманово: Македонска ризница.
Велјановска, К., Мирчевска-Бошева, Б. 2025. *Македонска зоонимска фразеологија во словенски контекст*. Скопје: Славика Либрис.
Велковска, С. 2002. *Белешки за македонската фразеологија.* Скопје: ИМЈ „Крсте Мисирков“.
Велковска, С. 2008. *Македонска фразеологија со мал фразеолошки речник*. Скопје: БПТ- Принт.
Витанова-Рингачева, А. 2026. „Видое Подгорец – (не)зарастен бунар во атарот на македонската литература“. *СУМ (Списание за уметност),* 65–87. Штип: Центар за културна иницијатива.
Додевска-Михајловска, О.; Давкова-Ѓоргиева, С. 2015: „Фразеологијата на кумановскиот говор“, *Македонски јазик,* LXVI, 55–62. Скопје: ИМЈ „Крсте Мисирков“.

[7] в. Друговац, М. 1988: 151.
[8] Истото.

Никодиновска, Р. 2018. „Македонски и италијански споредбени фраземи: сличности и разлики“, *Зборник од 44. Меѓународна научна конференција од 50. СМЈЛК,* 181–188. Скопје: УКИМ.
Николовска, К. 2017. „Подгорец – развигорец и развиорец“. *АКТ 62*, 25–27. Скопје.

Ексцерпирана литература:
Подгорец, В. 1988. *Белото Циганче.* Скопје: Наша книга.

Сузана МИЦЕВА

ТОПОНИМИТЕ И НАРОДНАТА ЛЕКСИКА КАКО НОСИТЕЛИ НА ФОЛКЛОРНИОТ ИДЕНТИТЕТ ВО РОМАНОТ ЗА ДЕЦА „БЕЛОТО ЦИГАНЧЕ“

Апстракт: Романот *Белото Циганче* од Видое Подгорец претставува едно од најзначајните дела во македонската книжевност за деца од втората половина на дваесеттиот век, препознатливо по силната поврзаност со природата, локалниот простор и народната традиција. Овој труд има цел да ја анализира улогата на локалните топоними како книжевни топоси, преку кои се конструира наративниот свет на делото и се обликува читателското искуство. Посебно внимание се посветува на просторните одредници на дејството во Струмичкиот Регион, со акцент на планината Беласица и рамничарските предели, кои имаат значајна улога во градењето на атмосферата и динамиката на романот. Во таа смисла, особено важна е и лексиката како еден од основните елементи во книжевното дело. Следејќи го ритамот на народниот јазик, Подгорец го гради уметничкиот текст на тој начин што го отсликува културниот идентитет на ликовите. Во романот *Белото Циганче*, кој се темели врз фолклорната традиција, лексиката претставува еден вид фолклорна матрица со која се пренесуваат делови од народниот живот, обичаите, верувањата и усната традиција. Фолклорната матрица е систем од јазични и културни елементи. Потекнуваат од богатата народна традиција и се интегрирани во уметничкиот текст. Се истакнува со употреба на дијалектизми, архаизми, турцизми, поговорки, благослови, клетви, народни песни и други форми на усно творештво. Така, литературното дело ја зајакнува својата автентичност, но во себе го содржи и народниот дух. Во книжевноста, лексиката има повеќезначна улога. Освен што со неа се означуваат одредени појави, поими, предмети, таа најдобро ги одразува и културните карактеристики на еден народ. Употребата на народна лексика ја доближува општествената атмосфера и секојдневниот живот на ликовите до читателот. Од фолклористичко-лексички аспект ќе се анализираат и топонимите во романот *Белото Циганче* преку кои се локализираат дејствата во романот, умешно сместувајќи ги во реалниот простор под Беласица, во Струмичкиот Регион.

Клучни зборови: локални топоними, книжевни топоси, македонска книжевност за деца, Видое Подгорец, „Белото циганче“, простор и наратив.

„Во пролетта на животот нема празно гнездо. Дури и да се најде такво – во него престојува надежта.“

Видое Подгорец

Надежта во подобро утро, и човечката добрина како можност за залечување на длабоките рани од војната претставуваат едни од централните мотиви во романот *Белото Циганче*. Тој е еден од најпознатите романи на Видое Подгорец, автор кој зад себе оставил повеќе од сто книги. Според Друговац (1987: 423), *Белото Циганче* е класично дело за македонската литература за деца. Како што ќе истакне Денкова (2011: 132), „*Белото Циганче* е роман на судбината или човековата ситуација, со кој раскажувачот нема за цел да забавува, туку замислата му е да го пронајде идентитетот на младиот човек, неговите дилеми, кризи, отуѓеност, но и воочлив стремеж да се сочува вербата во животот“.

Во своите интервјуа Подгорец истакнува дека инспирацијата за романот ја носи уште од детството, кога во Струмичкиот Крај често се среќавал со циганските карвани што сезонски престојувале во подножјето на Беласица. Токму тие средби со луѓето од чергите, нивниот живот, песните, богатата и

карактеристична култура ќе станат основа врз која подоцна ќе го изгради романот *Белото Циганче*. Ова е на линија на размислувањата на Бахтин кој вели дека „различните јазици влегуваат во романот преку стилски или наративни процедури како што се, на пример, нарацијата, создавањето посебни херојски зони“ (Bahtin, 1999: 91). Тој особено внимание посветува на вметнатите уметнички и неуметнички жанрови во романот бидејќи смета дека „романот може и мора да ги претставува сите социо-идеолошки гласови на ерата, односно сите повеќе или помалку важни јазици на ерата; романот мора да биде микрокосмос на различноста“ (Bahtin, 1999: 192).

Предмет на интерес во овој труд е лексиката што функционира како фолклорна матрица и го поврзува делото со народната традиција, но и функцијата на локалните топоними како книжевни топоси, преку кои се обликува просторот на романот.

Особено значајни се описите на природата, кои се блиски до духот на усното народно творештво. Природата кај Подгорец не се прикажува само во функција на збогатување на нарацијата, туку таа е нераскинлив дел од човековиот живот во селата. Планината, полето, реката, дрвјата и патиштата носат силни метафори и симболи, што често се среќава и во усните народни творби. Со таквото раскажување, Подгорец ја користи народната поетика, во која природата често има и митски призвук.

Истовремено, описите на природата имаат и изразено воспитно-едукативна улога. Преку претставувањето на планинските предели, плодните полиња, ливадите и реките, детето читател воспоставува поблизок и посуштински однос со природата. Оваа особеност е присутна во речиси целокупното творештво на Подгорец – и во поезијата и во прозата. Како што забележуваат и истражувачите на неговото творештво – описите на природата, руралната средина, животинскиот и растителниот свет го воведуваат читателот во авторската автентичност.

„Самите описи на природата, животните, времето, куќите, околината во која живеат ликовите во делата на Подгорец нè носат нас, како читатели во неговиот свет, кој тој го создал за секој негов читател, независно од тоа дали е млад или возрасен. Колку многу превладуваат животните, растителниот свет, преку тоа може да се забележи љубовта која Подгорец ја има за својата земја, за природата и колку многу ја цени“ (Лазаровска и Денкова, 2019: 189).

Богатите пејзажни описи во романот се вистинска слика за струмичкото поднебје. Растенијата, полињата, животните и растенијата не се случајно во текстот, тие имаат своја улога. Дел од нив го олеснуваат животот на главниот лик, го помагаат преживувањето во специфични услови, а дел служат за засилување на визуелната слика на настаните. Авторот, запознавајќи го читателот со богатиот растителен свет, му остава пораки преку т.н. флорални симболи. Тие „ги откриваат тајните на потсвесното, водат до најскриените придвижувачи на дејството, го отвораат духот кон непознатото и кон бескрајното“ (Шевалие, 2005: 8).

Романот уште од првите страници ја открива силната поврзаност со струмичката рамница и подножјето на Беласица:

„Патувавме низ некоја пространа рамница. Патот беше сипкав, правлив, мек. Од двете страни се вишеа пченки со зелено-црвеникави, сабјести лисја, златесто обрабени. Класовите веќе беа зазреани. Пискулите – свенати, подгорени. Во бостаните се тркалаа големи шарени

лубеници, а мирисот на зрелите дињи се разлеваше наоколу со млакото струење на воздухот“ (Подгорец, 1982: 4).[1]

Овој опис ја поставува просторната рамка на романот, но истовремено ја буди колективната аграрна меморија на Струмичкиот Крај. Пченката, бостанот, дињите и ореовите дрвја се типични култури за подбеласичкиот регион. Овие индустриски и земјоделски култури и денес се присутни во нивите, а ореовите дрвја покрај костенот, јаворот и дабот се најзастапени на падините на Беласица.

Во ваквото раскажување се забележува и богатството на народната лексика. Авторот употребува локализми и турцизми вообичаени за подгорските говори од раните и средните децении од 20 век, на пример „пискули“, што значи реси на пченкарниот клас, или „раванлија“ коњ – од турскиот збор раван што означува вид коњско одење. Присутни се и изрази што потекнуваат од различни јазични влијанија карактеристични за регионот, како кадели, од албанско потекло со значење влачена волна подготвена за предење, или каруца – збор со италијанско потекло, што првично означувал луксузна кочија со федери, но на балканските простори се користи како назив за селска запрежна кола. Ваквата лексика има важна фолклорна функција, бидејќи го доближува раскажувањето до живиот народен говор. Таруно, детето раскажувач, со особена сликовитост ги опишува и циганските коли:

„По шареniот коњ на Базел, трупкаше стара, разнишана, полуискршена четворка, што ја влечеше црвено мршаво коњче со пропаднати слаби и гурелави очи... Белата ждребна кобила, што ја влечеше, како да свикнала на овие бескрајни друмови под небото, па спокојно си ги сменуваше чекорите, кревајќи по себе златни кадели прав“ (Подгорец, 1982: 4–5).

Во овие реченици јасно се истакнува блискоста со јазикот на неименуваниот народен раскажувач. Епитетите, ритмичноста и колоритните изрази потсетуваат на усната народна традиција и лирските описи од македонските народни песни: планински венец (за планини), мирно портокалово море (опис на зајдисонце), млако просирна, млечно посветлена (ноќ), мрачна ноќ....

Лексиката во романот особено е изразена преку користењето локални топоними. Еден од нив е Мадра, простор добро познат меѓу жителите на подбеласичките села.

„Овците ги потерав кон зелените полјанки на Мадра, зад циганската населба, зад циганската населба... Долго скитав низ кориите и ормаништата, ги пребарав сите полјанки по кои пасеше Бреско. Се завлекував низ честаците, sирнував во најскришните места покрај кладенците и потоците“[2] (Подгорец, :28).

Хронотопот (време – простор) е една од суштинските поврзаности на временските и просторните односи кои се уметички совладани во литературата. Според Бахтин, времето згуснува, станува уметнички видливо, додека просторот се вовлекува во движењето на времето, заплетот, историјата. Концептот на хронотопот овозможува претставите за времето, просторот, нивните меѓусебни односи да се воочат и опишат. Односно, литературните хронотопи без разлика дали се одразени или создадени, се анализираат во литературно-историски контекст. Бахтин верува дека водечката категорија во литературата е времето. „Хронотопот е категорија во која учествува и ликот, како суштински хронотопски, што значи дека анализата на хронотопот се

[1] Видое Подгорец, 1982, Белото Циганче, Скопје: Наша книга, стр. 4.
[2] Видое Подгорец, Белото Циганче, стр. 28.

однесува и на начинот на кој во даден наратив се третираат проблемите на човековиот идентитет (Бахтин, 1989: 194).

Топонимите кај Подгорец имаат повеќекратна функција. Тие не само што го локализираат дејството, туку даваат чувство на реалност и припадност кон конкретен простор. Преку нив романот добива сопствена книжевна географија, органски поврзана со културната и природната меморија на Струмичкиот Регион. Кај Башлар доживувањето на просторот е такво чии вредности на реалноста се зголемени со имагинацијата. Тој вели дека просторот претставува „локализација на сеќавањата, составени од пределите на нашиот интимен живот“ (Bašlar, 1969: 35). Реката, иако неименувана, претставува уште еден важен топос во романот. Таа е место на живата игра, извор на храна и привремено засолниште за циганската черга. Истовремено, таа е и симбол на слободата и минливоста. „Реката беше создадена од самото лето и за него. Во нејзината млака вода ги гасевме жешките августовски попладнија.“ [3] Низ ваквото портретирање на природата, ја крева на рамниште на посебен лик што ја обликува структурата на романот.

Во делото *Белото Циганче*, како што објаснува самиот Видое Подгорец, доследно се употребуваат термините „Цигани“, „циганска черга“, „циганski живот“, „циганско лето“ и „циганski карван“. Оваа терминологија тој ја користи во контекстот на времето во кое настанува делото, но и поради намерата реалистично и топло да ја прикаже културата, животот и судбината на една етничка заедница, а не да навреди и омаловажи. Кај Подгорец овие називи не се погрдни квалификации, туку дел од тогашниот говорен и книжевен јазик. Нивната замена со современиот етноним „Роми“ би можела да предизвика одредено историско и стилско дистанцирање од оригиналниот контекст на делото. Изразите како „циганска черга“ или „циганski живот“ кај Подгорец носат не само етничко, туку и културолошко, фолклорно и симболично значење. Тие се дел од автентичното јазично богатство преку кое се отсликува светот на чергарите, нивната музика, сфаќања и начин на живот. Токму првиот дел од трилогијата *Белото Циганче* ги има своите корени во раното детство на Подгорец. Авторот растел во Струмичкиот Крај, каде што сезонските циганski карвани биле дел од секојдневната слика на подбеласичките села и полиња. Во едно телевизиско интервју од 1984 година тој сведочи:

> „Тие доаѓаа во текот на целата година, да жнеат жито, ориз, да вршат со своите коњи и на тој начин имав можност да бидам поблизу во контакт со нив и со нивните черги. Циганите како племе со посебна судбина мене ме заинтересирале уште од порано, односно нивните преселби низ историјата, низ просторот и времето ги следи и науката. Она што е важно за нас, Циганите, или како што денеска ги викаме – Ромите, се една нација богата со песни и приказни, со еден специфичен фолклор, којшто за жал, сè уште до денес останува непроучен доволно и непристапен за поширокиот круг на интересенти[4]“ (Подгорец, 1984).

Ова сведоштво покажува дека интересот на авторот не е само културолошки, туку и човечен. Подгорец ги восприема Циганите/Ромите како народ богат со песни, приказни и специфичен фолклор, кој, според него, недоволно бил истражуван и вреднуван во македонската културна средина. Ваквата перспектива е особено важна за разбирањето на романот, бидејќи

[3] Ibid 97.

[4] ТВ-лектира, разговор со Видое Подгорец, 1984 г. https://www.youtube.com/watch?v=b979eRe2PDE&ab_channel=%D0%9C%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D1%98%D0%B0.

делото не се темели врз стереотипизација, туку врз обид да се приближи кон еден свет што постои на маргините, но поседува сопствена духовност, фолклор и култура. Токму затоа романот не ја прикажува циганската черга на границата на егзистенцијата и исклученоста, туку како заедница со сопствени вредности, правила и животна филозофија. Ова особено се гледа во ликот на баба-Мулон, кој претставува носител на народната мудрост и универзалната човечка етика. Во разговорите со Таруно, тој не само што го воспитува момчето, туку го открива моралниот систем на светот во кој живеат чергарите. Кога Таруно се обидува да проси, баба-Мулон остро го прекорува, објаснувајќи му дека просењето не смее да стане начин на живот и дека човекот мора да го сочува сопственото достоинство. Во оваа сцена се покажува силното влијание на средината врз обликувањето на идентитетот на детето, кое постепено ги усвојува навиките и начинот на живот на заедницата во која расте, иако не потекнува од неа. Но, истовремено, преку зборовите на баба-Мулон се открива и животната филозофија на Циганите:

„Ние сме Цигани – чергари; ние сме вечни патници, скитници. Освен каруцата и оние неколку партали во неа – ништо друго немаме. Ама нашето богатство е во нашата слобода и во нашето здравје. Имаме цврсти раце. Имаме срца. И тие срца треба да бидат чисти, човечки...“ (Подгорец, 1982: 32).

Зборовите на баба-Мулон ја откриваат суштината на „циганската душа“. „Чергарите“ се посебна етничка група која живее скромно и постојано патува, но движењето е дел од нивниот поглед на животот, а не само егзистенцијално мотивирано. Притоа старецот додава дека богатството на Циганите е духовно, а не материјално. Воедно, говорот на баба-Мулон е близок до народниот. Неговите реченици се едноставни, ритмични, полни со животна мудрост, поради што често потсетуваат на народните творби. Во таа смисла и Бахтин вели дека примарниот начин на кој различноста влегува во романот е преку „слики на луѓе што зборуваат“, па постојано нагласува колку е важно да постои „човекот што зборува во романот“ (Bahtin, 1999: 111). Според него, секој од хероите во романот зборува свој социјално определен јазик, во зависност од нивната класа, потекло, професија и возраст, што се покажува и преку примерите на ликовите од романот *Белото Циганче*.

Токму во дијалозите на ликовите се открива цело богатство изрази кои како да се преземени од народната ризница на клетви, пословици, поговорки, мудрости. Впечатлива е жолчната расправија помеѓу Хенза и баба-Мулон, во која не само што се откриваат нивните карактери, туку и целокупната психолошка и социјална атмосфера на циганската черга:

Хенза: „Трици ќе памети и ќе врати... еден ден ќе те ритне, ќе те отфрли како непотребна крпа најдена на патот...
Баба-Мулон: Не сум јас крал па да му оставам кули и сараи...
Хенза: Глупчо, толку ли не ти разбира тиквата дека тој не е Циган...
Баба-Мулон: Молчи, вештице! Од тебе не барам никаква помош. За мојот грб не грижи се ти. Тоа дете е мое, јас го израснав...
Хенза: Никој нема да ти ја наполни торбата ако не ѝ ја отвориш устата... Ако не го избркаш, јас со мои раце ќе го отрујам, ќе го ослепам... со врела вода ќе му ги попарам...
Баба-Мулон: Слушај, змиска кошуло, стопати сум ги голтнал твоите горчила. Змијо, змијо, да те нема... Отровнице...“ (Подгорец, 1982: 9–11).

Во дијалогот се забележува употреба на метафорични изрази типични за народниот говор. Фразите „не ти разбира тиквата“, „кули и сараи“, „змиска

кошуло“ се примери за експресивната народна мисла која се пренесува низ сликовити и емоционално набиени изрази. Употребата на клетвите и навредливите зборови потсетуваат на оние во народните приказни, кажувања, преданија. „Клетвата како самостоен исказ или исказ во состав на други жанрови се искажува со вера во магиската моќ на зборовите дека Бог, демоните, судбината или природните сили ќе го покренат нанесувањето на злото“ (Ајдачиќ 1992: 1–8). Во конкретниот дијалог, зборовите на Хенза се помеѓу закана и клетва. Таа му посакува зло на момчето Таруно, но не повикува натприродни сили, туку се заканува дека таа лично ќе го повреди. Прогонувачките зборови на баба-Мулон исто така може да се протолкуваат како клетва, кога Хенза ја нарекува змија и буквално но и преносно порачува „да ја нема“.

Во дијалозите се среќаваат и верувањата на Циганите во натприродни суштества. Така, покрај многу приказни за начинот на кој ослепел малиот Рапуш, се раскажува и верзија дека момчето е ослепено од лош вампир:

„Тетка Ажа, мајка ѝ на Насиха, велеше дека тоа е дело на Мело, вампирот. Во една темна ноќ детето залутало далеку од шаторот, и само му паднало во пипалата на сеништето. Таков е тој, страшниот, невидливиот Мело. Штом ќе сретне Цигани на пат по залезот на сонцето, се нафрла врз нив, ги измачува, им ги вади очите, им го пие мозокот, крвта... сè додека не пропеат првите петли“ (Подгорец, 1982: 26).

Сепак, јазикот е жива категорија што се менува заедно со општествените и културните околности. Денес, терминот „Циганин“ кај дел од ромската заедница се доживува дискриминирачки, поради што во современиот јавен и научен дискурс предност му се дава на етнонимот „Ром“. Во оваа насока се движат и современите лексикографски и социолингвистички дебати. Како што забележува и Елка Улчар, јазикот е одраз на конкретна историска реалност и токму таков треба да се документира и анализира. Оттука, употребата на терминот во книжевното дело треба да се разбира историски и културолошки, а не надвор од времето и околностите во кои е создаден романот. Во Толковниот речник на македонскиот јазик овој назив го опишува погрдното значење, додека во дигиталниот речник пред некоја година имаше бришење на овој термин, што предизвика бројни полемики.

По овој роман е снимена и телевизиска серија токму во пределот за кој пишува писателот, па локациите се полињата под Беласица и околните села. Иако во самиот роман не се прецизирани сите имиња на населените места за кои раскажува, од кажувањата на писателот знаеме дека станува збор за географскиот простор во пошироки македонски рамки познат како Подгорија. „Далеку пред нас, низ гранките на оревовите дрва се црвенееја покриви на непознато село.“[5]

Бројните приказни кои се испреплетуваат во колоритен рурален мозаик, се обидуваат низ еден мошне раскошен приказ на природните убавини да ги неутрализираат сеќавањата на војната, затоа што, како што ќе каже и самиот Подгорец, настаните се сместени во најнепосредниот повоен период. И самиот Таруно е воено сираче; слепиот свирач, неверојатното момче Рапуш, е ослепен во текот на војната.

„Во моето интересирање за тој циганскиот свет, јас тргнував пред сè од тоа да дадам еден свој протест против штотуку одминатата Втора светска војна, затоа што дејствијата се случуваат веднаш по завршувањето на војната, да ги разоткријам трагичните судбини на повеќето од

[5] Ibid, 12.

јунаците во романот „Белото Циганче“ и на некој начин да покажам дека сите луѓе на светот се исти. *Белото Циганче* е една специфична симбиоза не само од судбината на јунаците, туку и на односот на светот спрема таа циганска черга и на чергарите спрема светот. Овде сè е прикажано низ одделни приказни, а претставува една симболика на дружење, на љубов, на добрина, меѓутоа се испреплетуваат и спротивностите коишто секојдневно го следат животот: доброто и злото, црното и белото, љубовта и омразата“[6] (Подгорец, 1984).

Романот *Белото Циганче* е непресушен извор на фолклорни белези кои умешно се вметнати во приказната. Тоа го олеснува и податливиот простор на беласичката Подгорија, но и богатството на народните традиции и културата што авторот ја оживеал. Раскошната лексика не само што ја слави народната уметност, туку и постојано ја реактуализира, правејќи ја плодна основа за создавање на нови книжевни творби.

Библиографија

Кирилица:

Ајдачић, Д. 1992. „О клетви у усменој књижевности“ у *Књижевна историја* бр. 24, https://www.rastko.rs/knjizevnost/nauka_knjiz/dajdacic–kletva.html.

Бахтин, М. 1989. О роману, Београд: Нолит.

Денкова, Ј. *Книжевност за деца*. Штип: Филолошки факултет, УГД.

Друговац, М. 1987. „Поговор кон Белото Циганче“ во *Белото Циганче*. Скопје: Наша книга.

Лазаровска, К. и Денкова, Ј. 2019. „Растителните симболи во книжевноста за деца на Видое Подгорец“, *Knowledge, International journal*. Vrnjacka banja, Srbija, str. 1189.

Подгорец, В. 1982. *Белото Циганче*. Скопје: Наша книга, Македонска книга, Мисла, Детска радост, Култура.

Латиница:

Bahtin, M. M. 1999. *Teorija romana*. Prev. Ivo Alebić i Danijela Lugarić Vukas. Zagreb: Edicije Božičević.

Bašlar, G. 1969. *Poetika prostora*. Beograd: Kultura.

[6] ТВ-лектира, разговор со Видое Подгорец, 1984 г., https://www.youtube.com/watch?v=b979eRe2PDE&ab_channel=%D0%9C%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D1%98%D0%B0.

Ана ВИТАНОВА-РИНГАЧЕВА, Александар ДИМИТРОВ

ПЛАНИНАТА КАКО ЕГЗИСТЕНЦИЈАЛЕН И МИТСКИ СИМБОЛ ВО РАСКАЗИТЕ НА ВИДОЕ ПОДГОРЕЦ

Апстракт: Овој труд ги анализира расказите на Видое Подгорец со посебен фокус на симболичкото и митското значење на планината и дрвото како доминантни асоцијативни точки поврзани со детството и сеќавањето. Детството во неговата проза се интерпретира како иницијациско патување и почетна фаза на процесот на созревање, кој е тесно поврзан со планинскиот простор, особено со Беласица. Планината се појавува како амбивалентен простор – истовремено засолништето од надворешниот свет и симболична граница меѓу различни егзистенцијални и духовни сфери. Нејзината големина и недостапност ја поставуваат како метафора на искушение и надминување на навидум непремостливото. Воедно, таа се воспоставува како извор на живот и како егзистенцијална основа, во буквална и преносна смисла, како за книжевните ликови, така и за авторот. Целта на трудот е да се покаже дека Подгорец ја обликува планината како повеќезначен симбол, асоцијативно поврзан со митската концепција за „оската на светот“ (axis mundi).

Клучни зборови: Видое Подгорец, Беласица, планина, дрво, митска слика, детство, иницијација.

Вовед

Мотивот на планината претставува еден од значајните симболички топоси во книжевноста, особено во делата кои црпат инспирација од народната традиција и митската свест. Во различни културни и религиски контексти, планината се појавува како симбол на возвишеност и духовност, но и како простор на премин меѓу различни светови. Оваа повеќеслојна симболика е особено присутна и во расказите на Видое Подгорец, каде планината добива многузначна функција. Во прозата на Подгорец, планината не функционира единствено како географски предел, туку како носител на длабоки културни, духовни и митски значења. Таа се препознава како сакрален простор, поврзан со иницијацијата, искушението и егзистенцијалното созревање, но и како суштински елемент на животот на локалното население во подбеласичките предели. Во тој контекст, Беласица е особено важна, не само како личен простор на локалното наслеление, туку и како простор впишан во колективната меморија на македонскиот народ. Иако Беласица е поврзана со значајни историски случувања и на нејзините падини се наоѓа тромеѓето на трите соседни земји, нејзиното значење се проширува во сферата на сакралното преку народните претстави за светата планина како посредник меѓу земното и небесното. Во таа смисла, планината и нејзините природни форми, вклучително и водопадите, добиваат симболичка вредност која произлегува од народната религија и култните претстави за природата. Светата планина и светата гора се можеби најраспространетиот и најшироко застапениот тип на свето место, од каде што луѓето од предисториските времиња, па сè до денес, ги лоцираат своите светилишта водени од идејата да бидат што поблиску до Небото, небеските височини, Божествата и до Царството Божје (Ристески 2005: 284). Водопадите во близина на Колешино, родното место на Подгорец, се клучната точка во која се среќаваат историјата, преданието и сегашноста. Иако не постои

строго фиксирано „народно предание“ за самиот водопад како митска личност или силен дух, локалните жители му придаваат специфична магична и сакрална вредност. Се вели дека местото го чува „култот на водата“ и народот му припишува карактеристики на мистичност и посебност.

Целта на овој труд е да ја истражи митската и симболичката функција на планината во расказите на Подгорец, при што посебно внимание се посветува на нејзиното толкување како архетипски простор и „оска на светот“ (axis mundi). Текстуалната интерпретација на избраните раскази од корпусот на Подгорец е направена со цел да се идентификуваат симболичките и мотивските структури поврзани со планината. Дополнително го користиме и компаративниот метод со кој се доведуваат во врска наративните претстави кај Подгорец со универзалните митолошки модели за светата планина, особено концептот на „axis mundi“. Преку дихотомијата меѓу сакралното и профаното, поставена од Елијаде, како и архетипските симболи, истражувањето ги зема предвид локалните преданија, народните верувања и колективната меморија поврзана со Беласица. На тој начин планината се толкува не само како книжевен елемент во расказната структура, туку и како културен архетип со длабоки антрополошки и митолошки импликации.

Беласица во народното предание и културната меморија

„Планината е толку стара, па можеле во неа да се случат секакви чуда. Ама гледаш, таа молчи, никому ништо не кажува, а уште помалку сака да си ги открие своите тајни што ги носела и чувала низ вековите“

(„Воденичарскиот камен од сказните“)

Во македонската културна традиција, планината зазема исклучително значајно место како симболички, историски и митски елемент на колективната свест. Таа е поврзана со легендарни преданија, историски настани, простори на засолниште, како и со разновидни народни верувања кои ја потврдуваат нејзината повеќеслојна функција. Во расказите на Видое Подгорец се препознава длабоката релација меѓу човекот и природниот простор. Преку наративните описи на природата и преку односот на ликовите кон планинскиот пејзаж, авторот ја нагласува потребата од хармоничен однос меѓу човекот и неговата природна средина. Во таа смисла, планината се воспоставува како симбол на трајност, стабилност и сила, кој стои во контраст со минливоста и кревкоста на човечкиот живот. Таа истовремено функционира и како носител на колективната меморија во која Беласица е таинствена, мистична и огромна.

Има под Беласица една огромна подземна река. Секоја вечер, кога ќе заспие светот, нејзината бучава се носи под планината како страшна закана. Ќе се излие или не – тоа не е моја работа да пророкувам. Ако ја налутите, може и тоа да се случи. Ќе рикне од длабочините на земјата, ќе ги скрши карпите што ја стегаат меѓу себе и сè ќе поплави („Ајазо“).

Во расказите на Подгорец има многу вакви претстави за митската сила на планината, за големите води што таа ги носи, за подземните сили што ги чува во подножјето, за митските суштества и сл. Во поширок културолошки контекст, планините во македонската традиција често се поврзуваат со митски претстави за создавањето на светот, како и со библиски мотиви, меѓу кои и преданијата за

потопот и застанувањето на коработ на Ное на планински врвови, со што им се припишува посебен сакрален статус. Речиси секоја поголема планина, секој повисок планински врв во Македонија, според локалните народни преданија, е поврзан со времето на митското создавање на светот. Се разбира, овој знак на исклучителна светост бил доволен за тоа овие планини да го понесат иницијалниот код на светост (Ристески 2005: 285–286).

Под Туле-бунар тече поток, чија вода не може да се види ни во најсончевите денови во годината... Гргорот на невидливата вода има некој морничав темен, мрачен звук, како да доаѓа од неизмерлива длабочина, од некој друг, приказничен свет... Но во најмрачните катчиња на Туле-бунар живеела и последната ламја, па стравот од неа го победуваше нашето детско љубопитство да sирнеме во мракот на тоа рибје царство (извадок од „Последната ламја“).

Во народните приказни поврзани со овој предел, природата се појавува како жив, чувствителен и анимиран простор, кој истовремено ги штити луѓето, но и ги предупредува дека со нивните постапки ја нарушуваат природната рамнотежа. Во однос на конкретниот простор на Беласица, народната етимологија и усната традиција нудат повеќе интерпретации за потеклото на нејзиното име. Според едно предание, името се поврзува со белината на снегот кој во зимските месеци ја покрива планината, создавајќи впечаток на „бела sидина“ на хоризонтот. Друго предание го доведува името во врска со трагичните последици од битката кај Беласица (1014 година), при што белите превези на ослепените војници стануваат симболичка основа за именувањето. Овие наративи ја нагласуваат тенденцијата на народната традиција да ја интерпретира природата преку историски и симболички рамки, претворајќи ја планината во место на меморија и значење.

Мотивот на планината низ призмата на сеќавањето

Мотивот на сеќавањето претставува еден од клучните структурни и семантички механизми во литературата, преку кој се пристапува кон книжевниот текст. Во книжевен контекст, тоа се јавува како медиум преку кој се воспоставува индивидуалниот и колективниот идентитет, како и како средство за создавање емотивна и симболичка длабочина во наративот. Сеќавањето е феномен врзан со самиот концепт на постоењето, оти начинот, како и обликот на нечие сеќавање длабоко се поврзани со индвидуалниот профил на една личност... Сеќавањето од една страна е талог, од друга страна, извор на рефлексија (следствено, на радоста и тагата, кои произлегуваат од неа) (Шелева 2008: 68–69). Во прозата на Видое Подгорец, мотивот на сеќавањето е тесно поврзан со просторното и природното обликување на детството, при што особено се истакнува планината. Авторот низ сеќавањата за планината ја испишува и својата биографија, емоциите коишто созревале низ растењето, среќата дур бил во прегратка со планината и тагата поради разделбата. Во расказите, сеќавањето најчесто се активира преку слики на пејзажи, шумови, водотеци и планински предели – кои функционираат како „поттикнувачи“ на меморискиот наратив. На тој начин, минатото не е одвоена временска рамка, туку живо и повторно доживеано искуство што се реактуализира во сегашноста на раскажувањето. Во расказите на Подгорец планината и дрвото се најблиската асоцијација за детствотото и спомените за него. Детството е најдоминантната тема во прозата на Подгорец – детството како иницијациско патешествие, како појдовна точка на созревањето.

Расказот „Дрво на спомените“ е одличен пример за текстуална интерпретација бидејќи во него авторот преку симболот на дрвото го реактуализира детството: „Старата липа на Јагликина Полјана умре. Вчера ја погоди гром. Стеблото се расцепи и дрвото падна.“ Во овој расказ, како и во многу други, планината и нејзините создателства (дрвото, изворите, водопадите) се елементи на мемориски пејзаж во кој се впишани личните и колективните искуства на детството, растењето и иницијацијата. „Под старата липа и во нејзината питома околина истекоа најубавите години од моето детство.“ Во оваа смисла, сеќавањето кај Подгорец функционира како форма на „просторно сеќавање“, каде што местото станува носител на биографски и културни значења. Понатаму, мотивот на сеќавањето во неговите раскази може да се интерпретира и низ призмата на културната меморија, при што индивидуалните искуства се преплетуваат со поширокиот фолклорен и митски контекст на подбеласичките предели. Многу приказни од историското минато на македонскиот народ добиле своја легендарна форма и како такви се раскажуваат меѓу луѓето.

Под распуштените гранки на старата врба веќе се сновела мрежата на мрачката. Уште чекор-два и Стефан запрел залисан. Својата ќерка Јана ја видел во прегратката на младиот бег. Му притемнело пред очите, ја кренал пушката и грмнал. Утредента покрај кладенецот ја нашле само водарката, убава Јана, погодена рамно во срцето (извадок од расказот „Јанин кладенец“).

Во таа насока, расказите на Подгорец го потврдуваат поширокото теоретско сфаќање дека сеќавањето во литературата функционира како процес на реконструкција на минатото, кој истовремено ја обликува и сегашната смисла на текстот, но и идентитетската позиција на субјектот што раскажува. Нараторот во овие раскази се идентификува со планината како место на неговото раѓање и созревање. Во расказите на Подгорец, особено во оние со зимски пејзажи и природни мотиви, планината е претставена како тивок и возвишен простор, оддалечен од секојдневниот живот. Таа често е опишана преку снегот, височините, чистиот воздух и тишината, што создава чувство на мистичност и недопирливост. Според теоријата на Мирча Елијаде, одредени природни простори во традиционалните култури стануваат „свети места“, односно центри на духовна сила. Во тој контекст, планината кај Подгорец може да се толкува како симболичен центар – место каде човекот се доближува до нешто повисоко и подлабоко од обичната реалност. Таа претставува граница меѓу познатото и непознатото, меѓу секојдневното и возвишеното. Во повеќе раскази, ликовите се соочуваат со предизвици токму во планинскиот простор. Патувањето низ планината често претставува симболично патување кон зрелост. Детските или младите јунаци минуваат низ стравови, неизвесност или физички напор, но токму преку тие искушенија растат и се зацврстуваат.

Митската слика за планината и дрвото во расказите на Подгорец

Теоретската основа на овој труд се темели на религиско-антрополошките и митокритичките согледувања за просторот, со посебен акцент на концептите на сакралниот простор. Во таа насока, значајна е теоријата на Мирча Елијаде, кој го развива концептот на дихотомијата меѓу сакралното и профаното како основен принцип на религиското доживување на светот. Според него, сакралниот простор не е хомоген, туку се конституира преку хиерофании – манифестации на светиот ред – кои воспоставуваат „центар на светот“ (axis

mundi), односно точка на космичка ориентација и комуникација меѓу различните онтолошки нивоа. Во оваа перспектива, планината, храмот или светото место претставуваат симболички центри преку кои се организира и се „космизира“ просторот, овозможувајќи му на човекот да се позиционира во таквата поставеност. Овој модел на сакрален простор е особено релевантен за толкувањето на планинските предели во традиционалните култури, каде што планината и дрвото се доживуваат како места на пробив на светото во профаната реалност. Во тие рамки, планината се појавува како архетипски симбол на вертикалната оска што ги поврзува небото, земјата и подземниот свет, со што се воспоставува нејзината функција како медијатор меѓу космичките сфери. Симболизмот на Космичката планина и симболизмот на Дрвото на светот, односно Космичкото дрво, се комплементарни и меѓусебно се надополнуваат, претставувајќи составни елементи на митската концепција за Космичката оска или Световниот столб (*Axis mundi*). Но, во расказите на Подгорец, и дрвото и планината се и животворна сила, но и место на кое почнува и завршува животот.

„Откако се напи вода, пак се врати под буката, кај нас. Ја крена главата и разгледа наоколу. Потоа рикна. Силно и достоинствено, како што можеше и умееше тој, како што му прилегаше на водачот на стадото. Неговиот силен глас го разнесоа долините. Но брзо замолкна. По рикањето се затресе, се затетерави и падна на земјата. При паѓањето уште еднаш рикна. Пократко, но посилно. Тоа беше заден поздрав на планината што го порасна. Дик се роди во планината, во неа е и неговиот гроб“ (извадок од расказот *Дик*).

Во расказите на Видое Подгорец планината често се јавува како симбол на Мајката Земја, односно како хтонски простор во кој се одвива вечниот циклус на животот и смртта. Во расказот „Смртта доаѓа тихо“, животното, исцрпено и напуштено од силите, се искачува високо на планината, каде што го наоѓа своето последно почивалиште под големите борови. Овој мотив не ја претставува смртта како насилен прекин, туку како враќање во прегратките на природата. Планината се појавува како мајчински простор што ги прима своите жители и им обезбедува мирно соединување со земјата од која потекнуваат.

Кога веќе беше искачена високо на планината, почувствува како силите ја напуштаат... Дојде под зелени, големи борови, над кои високо горе синееше чистото пролетно небо. И тука падна... Врвовите на боровите почнаа да се вртат бесно и нестивнато. Вителот ја опфати и неа. И долго, долго се мачеше така, приклештена во страшните прегратки на смртта. Потем сè стана тихо... („Смртта доаѓа тихо“).

Описот на смртта, проследен со движењето на врвовите на боровите и со вителот што ја опфаќа животната единка, упатува на дејствувањето на хтонските сили, додека завршната тишина го означува конечното враќање кон првобитниот природен поредок. На тој начин, планината кај Подгорец не е само географски простор, туку архетипски симбол на Мајката Земја која ги раѓа, штити и на крајот повторно ги прима во својата утроба сите живи суштества. Дрвото и планината имаат своја изразена анимистичка страна. Тие се одухотворени, антропоморфизирани до степен да чувствуваат, дишат, живеат и умираат. Таа сраснатост со живиот свет, Подгорец умее да ја преточи во раскошен пејзаж со длабока емотивност и експресија:

Токму на средината на дворот. Милчови имаа еден голем брест кој одамна веќе беше сув. Чичко Марко многупати се закануваше да го исече, но тоа не го стори. Не му даваше срце

да земе секира од две причини: поради лозата што се лозеше по него, зашто секоја есен раѓаше многу грозје, и поради штрковото гнездо на неговиот врв... Чичко Марко долго ја зариваше острата секира во сувата срцевина на брестот. Најпосле тој искрцка како со заби пред умирање, застенка и заплака како да имаше душа и наведнувајќи се на едната страна, со силен тресок се струполи на земја (извадок од „Штрковото гнездо“).

Во расказот „Штрковото гнездо“, Видое Подгорец го антропоморфизира сувиот брест, претставувајќи го како живо суштество што го доживува сопствениот крај. Иако одамна е исушен, брестот останува носител на животот преку лозата што се искачува по неговото стебло и преку штрковото гнездо сместено на неговиот врв. На тој начин, дрвото ја задржува својата функција на посредник меѓу земното и небесното, односно ги обединува хтонските и уранските принципи. Чинот на неговото сечење е опишан како вистинска смртна агонија: брестот „искрцка како со заби пред умирање“, „застенка и заплака“, што упатува на неговата духовна и симболична оживеаност. Неговото конечно паѓање на земја може да се интерпретира како враќање кон првобитниот извор на постоењето – Мајката Земја. Ако исправеното дрво ја симболизира световната оска што се стреми кон небото, тогаш неговото уривање го означува прекинот на таа вертикала и повторното соединување со хтонскиот принцип.

Во оваа перспектива, смртта на брестот не претставува конечен исчезнувачки чин, туку природен дел од космичкиот циклус. Како што животните во расказите на Подгорец ја наоѓаат својата последна починка во прегратките на планината, така и дрвото, по исполнувањето на својата животна и симболичка улога, паѓа во прегратките на земјата. Со тоа се воспоставува архетипската претстава за природата како Голема Мајка која ги прима сите свои созданија – луѓе, животни и растенија – враќајќи ги во нејзината плодна и животворна утроба. Архетипскиот мотив на световната оска претставува еден од најзначајните симболи во митолошките и космолошките претстави на различни култури. Како симболичка врска помеѓу различните нивоа на постоењето, тој најчесто се манифестира преку претставите за планината, дрвото и другите вертикално поставени структури што ја изразуваат поврзаноста меѓу подземниот, земниот и небесниот свет. Во овој контекст, мотивот на Дрвото на светот е тесно поврзан со митолошките концепции за организацијата и структурата на космосот. Во митолошките системи на бројни народи, космосот се прикажува како огромно дрво чии корени се протегаат во подземниот свет, стеблото се наоѓа во сферата на човековото постоење, додека крошната се издига кон небесните и божествените простори. Оваа космолошка претстава ја нагласува улогата на дрвото како медијатор помеѓу различните космички сфери и како централен елемент во одржувањето на универзалниот поредок. Во рамките на архаичните култови на древните заедници, дрвото поседувало изразена космичка и плодородна симболика. Често било перципирано како манифестација на плодотворната сила на Мајката Земја, што му овозможило да добие изразени женски конотации. Поради тоа, и покрај неговата вертикална форма која во одредени интерпретации се поврзува со фалусната симболика, дрвото во голем број митолошки и религиски традиции претежно се восприема како симбол на плодноста, обновувањето и животворниот принцип. Дополнително, теоретските согледувања на Љупчо С. Ристески придонесуваат за разбирање на локалните форми на сакрализација на просторот во македонската народна култура. Ристески ја нагласува улогата на

планината како носител на културна меморија и како место во кое се вкрстуваат историското, митското и религиското искуство. Во неговите анализи, планината не е само географска реалност, туку културно моделиран простор во кој се проектираат колективните претстави за потеклото, редот и светоста. Токму затоа, уништувањето на планината нараторот го доживува како уништување на домот, сечење на коренот, секнување на животот:

Телото на мојата планина од детството и лицето на заспаната богинка пред будење, нејзините млечни дојки, од кои со векови бликала свежина, здравје, радост и живот за луѓето, животните и птиците; нејзините колкови и нејзината утроба - сето тоа истите тие луѓе го разриле, го раздробиле, го упропастиле, го осакатиле, го испоганиле... Оваа слика ми внушуваше чувство дека пред себе гледам лице на богинка од паганската митологија на моите заткарпатски предедовци пред утринско будење. Очите само што не ѝ се отвориле. Околу усните ѝ се разлева блажена, беспорочна насмевка. По нежната кожа ѝ испопаѓале дребнави, уште неизладени капки пот... („Тагата на планината“).

Овој мотив може да се поврзе со концептот на „херојско патување“ што го разработува Џозеф Кембел. Според него, јунакот мора да го напушти сигурниот свет, да се соочи со непознатото и да се врати променет. Кај Подгорец, планината е просторот каде се случува таа внатрешна преобразба. Таа станува место на проверка на храброста, истрајноста и моралните вредности. Концептот на херојското патување на Џозеф Кембл може продуктивно да се поврзе со расказите на Видое Подгорец преку нивната иницијациска структура и просторно-симболичка организација. Иако Подгорец не гради класичен митолошки еп, неговите детски јунаци често поминуваат низ имплицитни фази што кореспондираат со моделот на Кембл: повик кон искуство (детската љубопитност), премин во „друг“ простор (планината како лиминален свет), соочување со искуства на искушение и созревање, и симболично враќање во секојдневниот живот со ново разбирање на светот. Во овој контекст, Беласица функционира како еквивалент на „митолошкиот праг“ од теоријата на Кембл – простор на трансформација каде што јунакот ја напушта сигурноста на домот и влегува во непознатото. Наместо универзална митска авантура, се појавува интимна, детска и просторно ограничена верзија на херојското патување, во која централниот акцент е ставен на созревањето преку контакт со природата и колективната меморија.

Не, не можев да ја понесам во своите гради огромната тага на планината. А се плашев и да не ме обвини поради предавство, поради рамнодушност дека целиот свој живот не мрднав ни со малиот прст да ѝ помогнам со нешто, да ја спасам од грубите насилства, да спасам макар едно делче од нејзината девственост, чистота и убавина, едно делче колку што е човечкото срце! А кога сите луѓе би ѝ помогнале само по толку, колку што им се срцата, таа би била спасена, таа би воскреснала („Тагата на планината“).

Но, од друга страна, пак, за Подгорец планината е вечно изгубениот дом, а пишувањето за неа – своевидна потрага по него. Неговите јунаци западнати во своевидно бездомништво на духот, трагаат по духовниот дом, по патот кој ќе ги одведе до матката на првородението. Според Марија Тодороска, „на желбата постојано и спонтано да се престојува во свет простор ѝ кореспондира желбата да се живее засекогаш, благодарение на повторувањето на архетипалните дејства во вечноста. Повторувањето на архетипите ја манифестира парадоксалната желба за достигнување на идеална форма (парадигмата, архетипот), во рамките на условите на човековото постоење, да се биде во

временско траење, но без неговите ограничувања, без неговата иреверзибилност.“

Заклучок

Од направената анализа може да се заклучи дека митската слика на планината во расказите на Видое Подгорец има повеќеслојно значење. Таа е истовремено свето место, простор на искушение и симбол на традицијата. Преку овој мотив, авторот ја изразува духовната димензија на човековото постоење и неговата поврзаност со природата. Планината во неговите раскази не е само пејзаж, туку симболички центар на дејството и носител на вредности. Таа претставува мост меѓу реалното и митското, меѓу индивидуалното искуство и колективната традиција. Токму затоа, митската слика на планината е еден од клучните елементи што му даваат длабочина и уметничка вредност на творештвото на Подгорец.

Библиографија:

Campbell, J. (2008). *The hero with a thousand faces* (3rd ed.). New World Library. (Original work published 1949).

Eliade, M. (1959). *The sacred and the profane: The nature of religion*. Harcourt.

Eliade, M. (1963). *Myth and reality*. Harper & Row.

Ристески, Љ. С. (2000). Просторот и границите меѓу световите. *ЕтноАнтропоЗум, 1*, 154–178. https://doi.org/10.37620/EAZ0010154r.

Ристески, Љ. С. (2005). *Категориите простор и време во народната култура на Македонците*. Матица македонска.

Ристески, Љ. С. (2009). Феноменологија на народната религија: Примери од македонската народна традиција. *ЕтноАнтропоЗум, 7*, 132–156. https://doi.org/10.37620/EAZ0970132r.

Извор:
Подгорец, В. (1987). *Островот на ветровите.* Наша книга. Скопје

Бојана КОСТОВА

СЛОВЕНСКИТЕ БОЖЕСТВА КАКО ЕЛЕМЕНТИ ВО РОМАНОТ „ПЕРУНОВИТЕ ПОТОМЦИ“ ОД ВИДОЕ ПОДГОРЕЦ

Апстракт: Во својот обид да ги објасни природните феномени, нашиот предок го развил верувањето во натприродна сила. Бидејќи настанувањето на природните појави и промени не можел да ги разбере, народот почнал да создава различни божества и да верува во нивната моќ. Нивното проучување денес ни сведочи за минатите уверувања и за начинот на живеење. Боговите во кои верувал народот, како митолошки суштества, си пронашле свое место во митологијата. Црпејќи податоци од словенската митологија, Видое Подгорец ги искористил и употребил словенските божества како елементи при создавање на романот „Перуновите потомци“, со тоа што и самиот наслов го носи името на богот на громот – богот Перун. Претставувајќи го животот на старите словенски племиња во романот, тој ги вметнал и боговите кои биле нераскинлив дел од нивното секојдневие и нивното уверување.

Клучни зборови: *словенска митологија, божества, „Перуновите потомци“.*

Во самите почетоци на развојот на примитивниот човек, се поставувале прашања поврзани со настанокот на светот, на природата, промените на природните појави, постоењето на небесните тела, односно на сè она што го опкружува. Барајќи одговор на овие прашања, човекот почнал да верува во постоење на нешто свето, нешто што е над него и на што тој не може да влијае. На овој начин почнале да се создаваат верувања во постоење на божества. Според верувањата и толкувањето на настаните, настанале: бог на небото, природата, плодноста, љубовта, војната, убавината, мудроста, смртта и уметноста. Нивното пренесување од поколение на поколение довело до создавање на првите митови[1]. Со тек на времето митовите се испразниле од својата форма, но нивната тежина е сè уште присутна, зашто тие ни го пренесуваат колективното размислување, традицијата и далечното минато на еден народ.

Старите Словени биле политеистички народ. Тие верувале во постоење на повеќе божества. Од нивните верувања настанале митовите за тие божества коишто станале дел од словенската митологија. Денес во словенската митологија божествата се делат според некоја општа поделба на традиционални и нетрадиционални, односно на оние за кои се сигурни дека потекнуваат од тој дел и оние на кои им е дискутабилно потеклото. Дел од словенските божества се: Перун, Дажбој (Дајбог), Велес, Црнобог, Стрибог, Световид, Триглав и др. Видое Подгорец ги зема имињата на дел од овие божества и ги користи како елементи при создавањето на романот „Перуновите потомци“.

Романот „Перуновите потомци“ има историска и митолошка основа. Во него ни е претставено минатото на Јужните Словени, нивниот живот, верувања, традиција, но и борбата за опстанок. Видое Подгорец ги вметнал боговите од словенската митологија како нераскинлив дел од секојдневието на ликовите. Верувањето во нив и во нивната моќ им било рационално објаснување за случувањата. Самиот наслов на романот го носи името на најмоќниот бог – богот Перун.

Перун е словенски бог на громот. Тој бил поим за страв и ги казнувал лошите луѓе. Се верувало дека тој се појавувал во пролет низ молњите и ја

[1] Зборот мит потекнува од грчкиот збор mythos што значи слово, расказ, предание.

оплодувал почвата. Името на овој бог се поврзува со дрвото даб. Дабот е симбол на моќ, на издржливост и на долговечност. Во некои верувања „дабот ја симболизирал оската на светот, бил природен храм, под којшто се изведувале ритуалите, и се асоцирал со машката сила и мудрост“ (Тресидер 2001: 45).

Во романот, богот Перун е претставен како заштитник на жителите во населбата Порека. Тој ги заштитувал директно, но и индиректно, преку други луѓе, што е видливо во исказот: „Бездруго, Добриот Дух или нашиот семоќен Перун ве испратил да ни помогнете во критичниот миг и да ги спасите нашите глави?“ (Подгорец 1989: 145). Покрај заштитничкиот став, тој има моќ и да казнува затоа што „Перун не им проштава на злосторниците“ (Подгорец 1989: 263). Во романот гледаме како тој ги казнува Хуните за нивната немилосрдност кон останатите словенски племиња и тие се разболуваат од чума.

Во романот ни се прикажани ритуалите што се изведуваат покрај „светиот“ даб и приложувањето жртва во чест на богот. Имено, дејството во романот започнува во годишното време есен кога се собираат плодовите. Она што било за народот било собрано и поделено, а она што му припаѓало на Перун било натрупано под дабот. Овде ни е прикажан ритуалот на принесување жртва којшто се изведувал рано наутро. Помошникот на племенскиот свештеник заклал бел овен, а свештеникот ја собрал крвта што течела и со неа го попрскал огнот што бил запален. По ова, свештеникот со молитва му се обраќа директно на богот Перун да ја прими жртвата, изразува благодарност и бара благослов за целиот народ. Додека да се изврши поделбата на месото, над полјаната почнало да изгрева сонце што било толкувано како знак од боговите дека тие се задоволни со принесената жртва (Подгорец 1989: 12–13). Како место што ги поврзува со нивниот заштитник, покрај давање жртва, дабот било место каде што се правеле племенските собири. При одржување на состаноците, биле поставувани и дрвени фигури од божествата. На овој начин тие остварувале блискост со својот бог со цел да ги слушне, да им даде сила и да ги заштити од нападите од останатите племиња.

Името на богот Перун се споменува и во давање благослови, видливо во исказот: „На твојот пат низ дивината нека те варди Добриот Дух и богот Перун“ (Подгорец 1989: 71). Исто така, кога се вратило Регаровото семејство од прогонство, Поречани му се заблагодариле на Перун затоа што, по изминување на казната, нивното тело било прочистено од лоши магии и проклетства. (Подгорец 1989: 183).

Во еден дел од романот среќаваме изјава на Јасеновата мајка: „Разумот, со кој нашиот бог Перун нè одделил од животните и sверовите, даден ни е не да се отуѓуваме, туку да се зближуваме, да си помагаме еден на друг...“ (Подгорец 1989: 160), со што ни укажува на верувањето дека тој има улога во создавањето на човекот како свесно битие кое може да размислува и да управува со себе.

Кога во Порека имало невреме, жителите верувале дека Перун е разлутен, па својот гнев го покажувал преку громовите кои удирале насекаде. Луѓето биле преплашени, но „никој не можеше да ѝ се спротивстави на волјата на севласниот бог“ (Подгорец 1989: 181). Ова укажува на тоа дека тие го доживувале Перун како бог со човечки особини, при што умее да разликува и покажува различни емоции.

Во чест на богот постоело и Перуново цвеќе – *перуника* кое го береле младите девојки. Од него плетеле венци и ги носеле на главата. При еден таков настан, една од девојките што требала да стапи во брак, земала едно цвеќе и со него ги допирала сите девојки, пеејќи:

„Перунико, Перуново цвеќе,
девојките стори да се среќни:
Јасминка да мириса на јасмин,
а Јаворка како јавор стројна,
Блага да е благ мирис на липа,
Темјанка, пак, темјанушка лична...“

(Подгорец 1989: 184)

Перуновото цвеќе се користело како средство преку коешто се остварува врска помеѓу девојките и богот Перун. Преку барањето упатено кон цвеќето, се упатува барање кон богот да ги благослови девојките со убава и среќна иднина. Називот на ова цвеќе се среќава и денес, што сведочи за минатото на Јужните Словени и за нивното постоење.

Во романот го среќаваме и богот Дајбог (Дажбог). Овој бог може да се сретне како божество на сонцето и дневната светлост (Чаусидис 1994: 329), а во романот ни е претставен како бог на плодородноста (Подгорец 1989: 225). Самото име е составено од глаголот „дај“ и именката „бог“, што асоцира на давање, па оттаму може и потекнува верувањето дека е бог на плодородноста. Како благодарност за неговата добрина и за неговото дарување, жителите во Порека му принесувале жртва. До стеблото на дабот и поставената дрвена фигура на Дајбог, свештеникот Лебон принесува бело јагне и се заблагодарува за она што дотогаш им го дал богот, но и со молба така да продолжи.

Во миговите кога народот мислел дека нивниот семоќен бог Перун одмора, тие се обраќале и барале помош од Дајбог. При преселбата на жителите од Порека во нови краишта, тие наишле на голема река преку којашто требало да поминат. Тогаш кај нив се појавил страв од успешноста на планот, но верувале дека Дајбог нема да ги напушти во тие мигови. Тоа верување им дало сила и тие успешно ја поминале реката, со помош на претходно направените сплавови.

Исто така, во романот може да видиме дека Дајбог е бог што ги дарува добрите и чесни луѓе. Ова ни е претставено во настанот кога на една полјана Јасенко здогледува еден коњ кој му остава посебен впечаток и ја раѓа желбата кај него тој да го поседува. При неговиот обид, Јасенко успева да го фати коњот и да го однесе во својот дом. Покрај тоа што Јасенко сам го фаќа убавиот коњ, неговата мајка верува дека токму Дајбог е оној кој го наградил за неговата добрина, а за коњот се верувало дека носи среќа во домот, па ќе му донесе и нему.

Еден од негативните ликови кој е одговорен за несреќите на Словените во романот и во митологијата е Црнобог. Од името што го носи може да се заклучи дека станува збор за бог на злото, на несреќата, на темнината и на смртта. Едно од неговите најголеми злодела во романот се случило една зима, кога Словените биле преселени на нови места, во нови живеалишта. Налутениот бог застанал на врвот на планината и оттаму фрлил голема топка снег, којашто при паѓањето станувала сè поголема, а со себе носела и парчиња карпи и камења. При падот врз пештерите, многу лица биле повредени и загинале, а Црнобог се насладил со жртвите што ги добил. Но, и покрај ова, при еден настан сведочиме на приложување жртва и на овој бог. При давање жртва – бел овен на Дајбог, Поречани даваат жртва – црн овен за Црнобог. Како што му благодарат на Дајбог за неговата добрина и плодност на почвата, изразуваат

почит и разбирање кон Црнобог за неговите зла, прифаќајќи дека и самите луѓе понекогаш се одговорни за она што им се случува.

Подгорец во романот го вметнува и богот Велес кој е бог на стоката и заштитник на сточарите. За верувањето во овој бог сведочиме при враќањето на Регаровото семејство заедно со стоката во Порека. При тргнувањето на пат тие земаат благослов од Перун и од Велес да ги штитат нив и стоката што ја носат со себе.

„Перуновите потомци“ од Видое Подгорец е дело во кое има митолошки, историски и фантастични елементи и мотиви. Во него ни е претставена борбата за опстанок на Јужните Словени и духовното наследство. Преку содржината на романот, Видое Подгорец ги оживува словенските митови, кои се нераскинлив дел од словенскиот народ, и ни ги доближува на нов начин. Ги користи имињата на најпознатите словенски божества и ги употребува како елементи кои имаат значајна улога во формирањето на самиот роман. Покрај тоа што божествата имаат влијание врз природата, тие влијаат и на личниот развој на ликовите, градење на нивниот идентитет и нивните судбини. Преку овој роман Подгорец ни го доближува древниот живот на Старите Словени. Прави мост преку кој може да се поврземе со минатото и потеклото на Јужните Словени. Ни дава можност да ги осознаеме нивните уверувања и ритуалите што произлегуваат од нив, но исто така ни дава увид на тоа како тие влијаат врз сегашните размислувања и верувања.

Bojana Kostova

THE SLAVIC DEITIES AS ELEMENTS IN A NOVEL „THE DESCENDANTS OF PERUN“ FROM VIDOE PODGOREC

„Perun’s descendants“ by Vidoe Podgorec is a written work which has mythological, historical and fantastical elements and motifs. It presents the struggle for survival and the spiritual heritage of the South Slavs. Through the content of the novel, Vidoe Podgorec revives the Slavic myths, which are an inseparable part of the Slavic people, and brings them closer to us in a new way. He uses the names of the most famous Slavic deities and uses them as elements that have a significant role in forming the novel itself. In addition to the deities having an influence on nature, they also influence the personal development of the characters, building their identity and their destinies. Through this novel, Podgorec brings the ancient life of the old Slavic people at our hands. It creates a bridge through which we can connect with the past and the origin of the South Slavs. It gives us an opportunity to understand their beliefs and the rituals that spring from them, but it also gives us an insight into how they influence current thinking and beliefs.

ЛИТЕРАТУРА

Кирилични извори:

1. Анастасова-Шкрињариќ, Н. 2008. *Митски координати*. Скопје: Македонска реч.
2. Вражиновски, Т. 1998. *Народна митологија на Македонците.* Скопје-Прилеп: Институт за старословенска култура и книгоиздателство Матица Македонска.
3. Подгорец, В. 1989. *Перуновите потомци.* Скопје: Наша книга.
4. Тресидер, Џ. 2001. *Речник на симболи*. Скопје: Три.
5. Чаусидис, Н. 1994. *Митските слики на Јужните Словени*. Скопје: Мисла.

Електронски извори:

1. https://www.starisloveni.com/Bogovi.html, пристапено на 6.12.2024.
2. https://www.starisloveni.com/Perun.html, пристапено на 6.12.2024.

Вања ИЗОВА ВЕЛЕВА

КНИЖЕВНОСТА ЗА ДЕЦА И МЛАДИ– СОВРЕМЕНИ ТОЛКУВАЊА, РЕФЛЕКСИИ И ПРЕДИЗВИЦИ

Апстракт: Кога станува збор за книжевноста за деца и млади, најчеста констатација е дека или не е доволно негувана од страна на читателите за која е наменета, или нема доволно интерес од страна на авторите за нејзино создавање. Каде е причината за оваа состојба? Дали овие две претходно споменати констатации се надополнуваат како причина и последица? Ако е така, која би била причината, а која последицата? Прашања кои оставаат простор за анализа и толкувања.Правејќи обид макар и делумно да се препознае и од блиску воочи проблемот за стагнацијата во книжевноста за деца и млади, се наметнува и заклучокот од страна на неколку автори за деца дека авторите кои сакаат да се етаблираат во оваа категорија на литература, воопшто или многу малку имаат познавање од потребите и интересите на децата и младите. Во согласност со последното видување, повеќе од неопходно е опсервација на реалните потреби и интереси на децата и младите. Имајќи предвид дека книжевноста за деца и млади е важен и непобитен фактор во градењето на читателската култура и дека оттаму почнува да се открива скриениот свет на литературата кој понатаму може и треба да прерасне во духовна храна и потреба, останува да се запрашаме: Дали сме подготвени да понудиме „квалитет во духовната исхрана“ на младата популација? Ако сме подготвени, тогаш време е.

Клучни зборови: книжевност за деца и млади, стагнација, реална потреба, автори, читателска култура.

Овој текст се осврнува на важен и сложен проблем, укажувајќи дека книжевноста за деца и млади веќе подолго време се наоѓа во некоја апатична состојба, со акцент на недостатокот на иницијатива и иновации, како и пасивноста на авторите и читателите.

Обременетоста со непостојаност, недоволната заинтересираност на авторите и стереотипност во пристапот се дел од причините што литературата за деца и млади останува ограничена во можноста да се развива и привлече нови читатели и затоа останува осудена на затишје и исчекување. Таа инертна состојба всушност е показател дека книжевноста за деца и млади има потреба од нови стратегии, креативни пристапи и поголем интерес од сите страни – од авторите, институциите и читателската публика.

Согледувајќи ги сите недостатоци, се наметнува прашањето: Како да се надминат овие предизвици? Можеби наједноставен одговор би бил доколку кажеме: преку иновативни пристапи во пишувањето, вклучување нови технологии, употреба на современи теми и системска поддршка.

Треба да се пронајде вистинската формула како да се создаде поврзаност помеѓу авторите, читателите, институциите, и на тој начин да се воспостави нов интерес и динамика во оваа важна книжевна сфера.

Освен недоволната посветеност кон овој вид литература и сознанието како треба да изгледа истата за да биде интересна за децата, сè уште ни останува и дилемата околу терминолошката одредница на тоа кој термин е посоодветен: детска литература, литература за деца или литература за деца и млади.

Неспорно е дека литературата за деца и млади има свои првични восклици уште во народното творештво, како и во творбите на првата македонска просветителска генерација, но во поново време ентузијазмот за прогресирање и надминување на некреативноста останува на исто ниво.

Дилеми и размислувања околу терминолошката поставеност

Кога станува збор за терминолошко определување на некоја појава, секогаш постои сомнеж дека не е точно определено она за кое е наменета терминологијата или дека некои сегменти остануваат недоволно опфатени.

Во тој контекст се и дилемите кои се појавуваат во однос на тоа кој термин има точна одредница: *детска литература*, *литература за деца или литература за деца и младина.*

Дилемата околу тоа кој назив точно ја определува структурната поставеност на овој вид литература оди дотаму што голем број литературни критичари, кои ја проучуваат литературата наменета за деца, ја интерпретираат од личен аспект. За едни определбата *литература за деца* подразбира дека таа е строго наменета за децата, а под синтагмата *детска литература* може да се подразбира дека и децата се јавуваат во улога на автори. Во таа насока, д-р Блаже Китанов и д-р Воја Марјановиќ (2007: 20–21) правејќи обид за разјаснување на оваа дилема, востановуваат една дистинкција помеѓу овие три терминолошки определби, укажувајќи дека и трите терминолошки поставености имаат свои приврзаници и рамноправно место во литературната историја.

Тие посочуваат дека терминот *детска литература* е од постар датум и јасно кажува дека станува збор за творештво кое припаѓа на одреден свет на читатели – на децата. Но, надоврзувајќи се на анализата на синтагмата *литература за деца*, укажуваат дека постои некој вид неприфатливост и неприспособеност на овој термин кој доаѓа од присуството на дидактичката и целната партикула *за*. Прашувајќи се на што може да асоцира партикулата *за*, Китанов и Марјановиќ подвлекуваат дека пред сè станува збор за сосема одвоена, поделена и сепаратна литература, која е наменета на читателите на одредена животна возраст со практични и утилитарни цели. Со други зборови, партикулата *за* привлекува внимание бидејќи е децидно определувачка, па со самото тоа и декларативна, но треба да се подвлече дека покрај називот *детска литература*, и терминот *литература за деца* добива рамноправно место, и него литературната историја го прифаќа без резерви и дилеми.

Покрај гореспоменатите поделби на литературата, Китанов и Марјановиќ го третираат и постоењето на трет термин – *литература за деца и младина*, кој опфаќа пошироко значење и поимно определување за литературата за која станува збор, посебно поради додатокот *за млади,* што според Китанов и Марјановиќ подразбира вклучување на читатели од пубертетската и адолесцентска возраст[1].

Во насока на расветлување на дилемата за терминолошката поставеност на овој вид литература, Јованка Стојановска-Другoвац (2000: 16) во книгата „Бајка на животот“ смета дека тоа се должи и на историскиот и естетскиот развиток на оваа книжевност. Имено, таа истакнува дека при усвојувањето на терминот „книжевност за деца“ неопходно е да се има предвид дека не е книжевност за деца само оној фонд и книги што се напишани исклучиво за деца, посебно пишувани за деца и ѝ одговараат на природата на детството, туку во овој фонд влегуваат и многу белетристички и други дела кои своевремено се

[1] Китанов, Б., Марјановиќ, В. 2007. *Литература за деца и млади (поетика-писатели-дела) книга I*, Штип: Педагошки факултет „Гоце Делчев“.

пишувани за возрасни читатели, но со текот на времето и метаморфозите во естетскиот вкус станале достапни и на детските разбирања[2].

Според Мурис Идризовиќ, називот „*детска*“ подразбира автентичност и автономност на една литературна област од литературно-уметничкото творештво, додека вториот назив, „*литература за деца*“*,* се однесува, пред сè, на намената.

Под овој термин се подразбираат дела што не им се наменети на младите читатели, иако се занимаваат со нивниот живот и судбина[3].

Дилемите околу терминолошката поставеност на овој вид литература меѓу истражувачите остава простор за субјективен пристап во толкувањето. Сепак, најважно е да се подвлече дека повеќе од неопходно е детската литература да се ослободи од апаратите за дишење и отпочне самостојно и храбро да гради свој систем на препознавање. Главните чинители – авторите, правејќи обид за себеинфилтрирање, не смеат да заборават дека во овој свет влегуваат наменски, а намерата е истиот тој свет да биде поинтересен, попривлечен и исполнет со фантазија и сонување.

Народното творештво и детската литература

Кога станува збор за настанувањето на литературата за деца и млади, може да се подвлече дека настанала одамна, уште кога настанувала и се спомнувала народната книжевност. Најчесто се појавувала во форма на брзозборки, загатки, песни, приказни и др.

Во врска со значењето на детскиот фолклор, Гане Тодоровски (1973: 476–484) ќе рече дека треба да се третира како неделива компонента или поточно претходна етапа на индивидуалната литература за деца. Тој смета дека на детскиот фолклор му пристапуваме како на еден недоволно проучен регион од областа на народното творештво и дека македонската фолклористика не може да се пофали со посебна грижа и интерес кон него[4].

Некои од првите и сегашните автори на литература за деца

Првите автори на литература за деца, согласно со пристапот што го негувале, од денешен аспект наметнуваат размислување дека нивното творештво било строго наменско и во контекст на постигнување воспитно-педагошки компоненти. Во тој вознес заборавиле или избегнувале да го препознаат или спознаат детскиот свет.

Според анализата на Валентина Миронска-Христовска (2021: 21–42), еден од првите просветители, кој направил чекор за да се доближи до светa на децата, бил Партенија Зографски со книгата „Наравоучителни совети“ од 1858 година, која содржела 34 моралнопоучителни совети. Книгата била наменета за младите и нивното издигнување во морални, етички и патриотски личности. Темелот на неговото творештво бил поучувањето на високи морални вредности.

Името на Јордан Хаџи Константинов-Џинот исто така може да се вброи во групата на првите автори на литература за деца, односно во групата на

[2] Стојановска, Д., Ј. 2000. *Бајка на животот*, Скопје, Култура, Институт за македонска литература.

[3] Денкова, Ј. 2013, *Книжевност за деца*, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, стр. 2 и 3.

[4] Тодоровски, Г. 1973. *Македонската книжевност во книжевната критика, том први*, Народно творештво, Скопје, Мисла.

основоположниците на македонската детска литература. Џинот остава простор за морално поучување на децата. Тој пред своите читатели сервира свет во кој секое дете, секој млад човек треба да се пројави како вистинска личност со високи морални вредности.

Марко Цепенков во контекст на македонската детска литература во XIX век се поврзува со неговиот огромен 10-томен зборник, во кој постојат низа приказни кои ги создал Цепенков, но кои ги додал кон народните творби. Поради тоа во македонската наука е прифатена оцената на Блаже Конески дека всушност станува збор за „прозата на Цепенков“, која е клучна за понатамошниот развој на современата македонската проза и на детската литература, бидејќи „Цепенков е нешто повеќе од обичен регистратор на народните умотворби“.

Друг автор кој се вбројува во таа категорија е Григор Прличев, кој водејќи се од тоа дека на „народот не му недостасува учење, туку воспитување“, составил 12 песни насловени како *Воспитание*, претежно засновани врз неговите морално-етички погледи, обидувајќи се преку дидактички совети да ги упати пораките за правилно воспитување на децата[5].

Навраќајќи се на минатото и на првите обиди за создавање литература што ќе биде наменета за децата, можеме да заклучиме дека истата претежно се базира на моралистички вредности кои преку текстовите од авторите се наметнуваат на децата читатели. Таа морално-дидактичка реторика провејува во творештвото на сите погореспоменати автори, востановувајќи заклучок дека главната преокупација била насочена кон тоа децата да се усмерат кон вистинските морални вредности, но оневозможувајќи им самоосознавање на истите.

Во поново време, професорката Виолета Димова (2012: 11–12) ја споделува класификацијата на автори од професорот Миодраг Друговац, која е срочена во три генерациски фази:

Прва фаза (1944 – 1951), кога се поставуваат и темелите на македонскиот литературен јазик, во која ги сместува: Ванчо Николески, Борис Бојаџиски, Васил Куноски, Славко Јаневски, Јордан Леов и Лазо Каровски.

Втората фаза (1951 – 1959) ја сочинуваат имињата на: Глигор Поповски, Србо Ивановски, Цане Андреевски, Бистрица Миркуловска, Генади Болиновски, Евгенија Шуплинова, Иван Ивановски, Јован Стрезовски, Михо Атанасовски, Видое Подгорец, Оливера Николова, Бошко Смаќоски и др., а во фуснота ги додава и имињата на оние писатели кои според возраста ѝ припаѓаат на оваа генерација, но како писатели за деца се афирмираат подоцна, по завршувањето на оваа втора фаза. Тука ќе ги спомнеме пред сè имињата на Видое Видически, Ристо Давчевски и Живко Чинго, чии книги станаа дел од задолжителната училишна лектира.

Во оваа фаза некои писатели од првата генерација се свртуваат кон посовремени и помодерни поетски и прозни концепти, како на пример Славко Јаневски со „Шеќерна приказна“ и со другите свои дела кои ги објавува подоцна.

---

[5] Христовска, М., В. ***2021.*** *Македонската детска литература во XIX век* ***(Philological Studies 19, 1),*** https://journals.ukim.mk/index.php/philologicalstudies/article/view/1578/1382 (Пристапено на 12.11.2024).

Во *третата фаза*, по 1959 година, според Миодраг Друговац, се појавува „хетерогена група писатели, како што се Киро Донев, Драган Јаневски, Ненад Џамбазов, Милутин Бебековски, Васил Пујовски и други“. Кон имињата на оние од *третата фаза* се надоврзуваат имињата на Горјан Петревски, Лилјана Белева, Христо Петревски, Младен Србиновски, како и имињата на Светлана Христова-Јоциќ, потоа Ката Мисиркова-Руменова, Стојан Тарапуза, Звонко Стојановиќ, Ванчо Полазаревски, кои ѝ припаѓаат на постарата генерација писатели, но подоцна се појавуваат и како писатели за деца. Книги за деца уште пишуваа(т) и Јадранка Владова, Јордан Даниловски, Александар Прокопиев[6].

Во контекст на погорепосоченото, не е на одмет да се потсетиме дека денешните деца и млади имаат скриен отпор при сознанието дека некој однапред и наменски им подготвува „спакуван совет“ или поука. Најчесто преферираат самостојно да стасаат до заклучокот и да изградат свое мислење и став; сè друго однапред подготвено и наметнато создава отпор и оддалечување од потребата да се чита. Во таа насока неопходно е да се внимава и почитува таа потреба на младата читателска публика, зашто токму тие најлесно може да препознаат вештачка и инструирана литература, а сето тоа да оди на штета на нивното растење низ литературата.

Што ѝ недостасува на литературата за деца денес

Современите променливи општествени околности носат нови приоритети и динамика, поради што е потребно приспособување на литературниот израз и поставување критериуми кои ќе придонесат интересот на детето читател да биде свртен кон книгата.

Колку авторите се подготвени и тежнеат да навлезат во поразлични предизвици од досегашните, останува времето да пресуди.

На трибината „Македонската литература за деца и млади овде и сега“, проф. д-р Христо Петрески во своето излагање посочува дека „македонската литература не дека сосема ја нема, ја има колку-толку, но недоволно, и таа е главно лоша, замор(е)на, старомодна, доодена, неинвентивна и некреативна и не одговара на современите барања и стандарди“[7].

Во ерата на интернет експанзија и глобални технолошки трендови, речиси е невозможно на децата да им се нуди литература што не е својствена за нивниот динамичен начин на живеење и интереси, а притоа да очекуваме истата да им го привлече вниманието и да биде интересна. На денешната генерација деца не можеме да го објасниме детството од пред десет, дваесет години со сите негови тогашни актуелни игри и нишани и да очекуваме денес, во ерата на компјутерски игри и 3D-анимации, да биде разбрано. Потребен е нов пристап, нов вокабулар близок до денешните генерации кои ќе го разберат и почувствуваат како свој. Секој друг обид кој не се базира на познавање на современите детски потреби би бил залуден.

[6] Димова, В. 2012, *Естетиката на комуникацијата и литературата за деца,* Скопје, Македонска реч.
[7] https://rb.gy/5w3ssz пристапено на 01.11.2024.

Драган Митиќ, во однос на ова прашање, ќе рече: „Важно е со големо внимание и чувствителност да пишуваме за младите и нивните теми, со нивен јазик, притоа размислувајќи на нивен начин[8].“

Кога зборуваме за состојбата со детската литература или литературата за деца во нашата држава, реално е да си признаеме дека таа сè уште е во некое исчекување на прогресивна експанзија. Но, сепак мора да се нагласи дека тековната апстиненција почна да го менува курсорот на движење, само затоа што почна да ги препознава и признава сопствените недостатоци и пропусти.

Низ текстот „Македонската литература за деца“ (мала студија за запознавање), Весна Мојсова-Чепишевска (2019: 95) ќе потсети на дискусиите од трибината „Македонската литература за деца и млади денес“ како еден од обидите да се направи нешто повеќе за литературата за деца во Македонија. Меѓу повеќето констатации и размислувања од присутните, интересен е предлогот на Полазаревски, кој во насока на горенаведеното вели: „За идните генерации ако треба и на Силјан Штркот ќе му ставиме електронски крилја, за да може полесно да „лета“ во 21 век[9].“

Оваа констатација, толку оригинална и соодветна на денешницата, е повеќе од идеја, насока и план за реализација за тоа во кој правец би требало да се движи литературата за деца.

Едно треба да биде јасно – не се само децата виновни што не читаат, подеднакво виновни се сите чинители кои апстинираат во обидот литературата за деца да биде посовремена и поинтересна. Проблемот можеби е во временскиот дисбаланс на генерациите и прогресивниот и агресивен пробив на технологијата, но, и покрај тоа, не може да имаме оправдување за неразбирањето дека, на пример, јунаците од минатото сега бараат нов имиџ својствен на новите генерации. Во таа насока е и укажувањето на Валентина Миронска Христовска (2021: 23) која вели дека всушност „во тоа е и вредноста и сложеноста на литературата за деца, бидејќи нејзините теми и мотиви треба да се интересни, интригантни, привлечни, забавни – како за децата, така и за возрасните[10]“.

Едно од поважните, а можеби најважно правило при создавање на книгата за деца, е авторот да биде ослободен од себе и сопственото детство. Треба да се надмине себеси дека е доволно важен некој да чита за неговото искуство и на тој начин да изгради свое.

Тој, авторот, треба да ги разбере новите теми на детскиот светоглед и да ги пренесе онака природно, оставајќи простор за развој на детската фантазија. Во насока на тоа што сè треба да поседува детската литература за да биде прифатена од детето, Мурис Идризовиќ (1988: 20) ќе констатира дека „ако литературното дело го изразува детскиот свет, ако тоа го прави со стил и јазик што му е нему прифатлив, ако децата се субјекти, ако се занимава со целината на нивното постоење, тогаш малиот човек ќе го прифати таквото дело[11]“.

---

[8] Митиќ. Д, https://inaku.mk/2022/03/14/dragan-mitic-ne-budimo-stranci-u-knjizevnosti-za-mlade/ пристапено на 5.12.2024.

[9] Чепишевска, М., В. 2019, Paida I Literatura: Македонската литература за деца (мала студија за запознавање) https://rb.gy/thfzzo, преземено на 24.10.2024.

[10] Христовска,М., В. 2021, *Македонската детска литература во XIX век*, Скопје, Институт за македонска литература, Универзитет „Св. Кирил Методиј“.

[11] Идризовиќ, М., 1988. *Македонската литература за деца*“, Скопје, Наша книга.

Треба да подвлечеме дека токму книжевноста за деца е таа која помага најмладите да поминат од една во друга фаза во животот, а постарите да го разбудат детето во себе. При создавањето литература за деца треба да се внимава истата да поседува естетски и уметнички вредности. Да биде блиска до возраста на детето, да го поучува, да биде забавна и оригинална. Доколку не се испочитуваат споменатите критериуми, тогаш се соочуваме со сувопарна литература која во ниту еден момент не може да очекуваме да го задржи вниманието на детето, зашто книгата има „задача“ да забавува и поучува. Едно треба да биде јасно – доколку како автори не се обидуваме да создадеме литература за деца која ќе одговара на нивните потреби и перцепција на светот, тогаш сме подеднакво виновни за продуцирањето армија нечитачи.

Ако се прашаме која е најтешката задача за авторот во создавањето литература за деца, одговорот би бил потребата од „менување“ или „балансирање“ меѓу два света – еден на возрасните и еден на децата. Токму од потребата за изнаоѓање на средишната линија меѓу овие светови, авторите на литература за деца мораат да го познаваат детскиот свет, а потоа и да го разберат и сакаат истиот. Во контекст на горенаведеното е и констатацијата на Ана Витанова-Рингачева (2024: 247) која вели дека „авторите кои создаваат литература за деца и млади се фаќаат во костец со најтешката и најодговорна работа – да пишуваат за читателска публика којашто е најискрена, најпребирлива и публика која пристапува без ракавици и празни зборови[12]“.

Колку и да изгледа лесно пишувањето за деца, сепак реалноста е друга. Впрочем, токму преку литературата за деца авторите можат да ја истакнат сопствената моќ да навлезат во овој свет и да останат запаметени макар и со една книга. Според Снежана Алексиќ Станојловиќ, тоа не е лесна задача. Токму затоа, таа вели „во детскиот свет не смееме само површно да сиркаме, туку длабоко и студиозно да влегуваме. Познавањето на едно или две деца не значи дека ги познаваме сите деца и нивниот свет[13]“.

Од тој аспект, а во насока на востановување своевидна дефиниција за тоа кој може да биде автор за деца, во едно интервју Горјан Петрески додава дека новите автори треба сериозно и одговорно да ѝ пристапуваат на литературата за деца, бидејќи оваа литература бара целосна посветеност и разбирање на детскиот свет, а не само привремен излет од несигурност во „возрасната“ литература. Според него, успешен автор е оној кој ќе остави барем еден значаен наслов по кој ќе биде препознаен[14].

Во суштина, сите погоре цитирани тврдења ја истакнуваат важноста на пристапот на авторите за деца и млади кон литературата наменета за оваа категорија читатели, и тоа од аспект на искреност, сериозност и посветеност

[12] Рингачева, В., А. 2024, Годишник на Институтот за детска книжевност, година IV, бр. 4, „Гораграф“, Београд, https://rb.gy/8g74fp, пристапено на 16.1.2025.
[13] Станојловиќ,А., С. Современото творештво за деца и млади денес. Written by INAKU in Зборник 7, пристапено на 24.11.2024.
[14] https://www.kulart.mk/intervju/gorjan-petrevski-tvorestvoto-kako-oda-na-zivotot/ пристапено на 14.12.2024.

при пишувањето за деца, бидејќи децата се најискрена и најпребирлива публика која бара квалитет и искреност во литературата која ја читаат. Да не заборавиме дека создавањето литература за деца и млади всушност е најтешката и најодговорна работа, зашто напишаното секогаш останува, а прочитаното се живее.

Нешто како заклучок

Во тој расчекор во кој се наоѓа литературата за деца и млади во Република Северна Македонија, повеќе од неопходно е да се појави нова генерација творци кои ќе имаат континуитет во пишувањето, но и вистинско познавање на психологијата на децата.

Досегашното искуство покажува дека создавањето на литературата за деца бара сериозен и искрен пристап од страна на авторите и со себе носи одговорност, а тоа значи дека авторите треба да се посветат на длабоко разбирање на детскиот свет и да се грижат за влијанието што нивните дела ќе го имаат на младата публика.

Добар автор не е тој што пишува со моментална експресија, повикувајќи се на она што е популарно или привлечно, туку тој што создава содржина која ќе им помогне на децата да развијат критичко размислување, емпатија и разбирање за светот околу нив. Литературата за деца има важна улога во обликувањето на идните генерации и треба да биде искрена, етичка и полна со позитивни вредности. Децата читатели треба да се спознаат во нечиј лик на јунак, кој ќе биде пандан на денешницата. Јунак кој ќе живее во современиот дигитален свет и ќе биде близок до перцепцијата на денешните деца читатели.

Мигот кога ќе стасаме до тоа ниво на размислување, ќе бидеме реално подготвени да понудиме „квалитет во духовната исхрана“ на младата популација.

ЛИТЕРАТУРА:

Кирилични изданија

Денкова, Ј. 2013, *Книжевност за деца*, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип.

Димова, В. 2012, *Естетиката на комуникацијата и литературата за деца,* Скопје, Македонска реч.

Идризовиќ, М. 1988, *Македонската литература за деца*. Скопје, Наша книга.

Китанов, Б., Марјановиќ, В. 2007, *Литература за деца и млади (поетика-писатели-дела) книга I*, Штип, Педагошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“.

Стојановска, Д., Ј. 2000. *Бајка на животот*. Скопје, Култура. Институт за македонска литература.

Тодоровски, Г. 1973. *Македонската книжевност во книжевната критика, том први*, Народно творештво. Скопје, Мисла.

САЈТОГРАФИЈА:

Рингачева, В., А. 2024, Годишник на институтот за детска книжевност, година IV, бр. 4, „Горагpаф“, Београд
https://rb.gy/8g74fp пристапено на 16.1.2025.

Чепишевска, М., В. 2019, Paida I Literatura: Македонската литература за деца (мала студија за запознавање)
https://rb.gy/thfzzo пристапено на 24.10.2024.

Христовска, М., В. 2021. *Македонската детска литература во XIX век*
https://journals.ukim.mk/index.php/philologicalstudies/article/view/1578/1382
(пристапено на 12.11.2024).

https://rb.gy/5w3ssz пристапено на 1.11.2024.

Митиќ, Д. https://inaku.mk/2022/03/14/dragan-mitic-ne-budimo-stranci-u-knjizevnosti-za-mlade/
пристапено на 5.12.2024.

Станојловиќ, А., С. Современото творештво за деца и млади денес. Written by INAKU in Зборник 7
пристапено на 24.11.2024.

https://www.kulart.mk/intervju/gorjan-petrevski-tvorestvoto-kako-oda-na-zivotot/
пристапено на 14.12.2024.

Јованка ДЕНКОВА

КНИЖЕВНОСТА ЗА ДЕЦА – КАКО ПРИЛИКА ДА УЧИМЕ ЗА СВЕТОТ ОКОЛУ НАС И ПОДАЛЕКУ

Апстракт: Во оваа статија се осврнуваме кон една можност да се проговори за научната фантастика како жанр кој е присутен во книжевноста за деца, преку толкување на научнофантастичната книга „Ѕвездена џунгла“ од македонската авторка за деца, Јагода Михајловска-Георгиева. Научната фантастика ќе ни биде само појдовна точка од која ќе се тргне за да се поттикне љубопитноста кај децата читатели за светот околу нас и подалеку. Во фокусот на денешните знаења за универзумот постојат разни теории за неговата големина и за неговите специфики коишто, како што се менуваат сознанијата на научната елита, така се менуваат и научните тези за сите негови особености. „Ѕвездена џунгла“ е еден успешен обид на авторката тој свет, за многумина имагинарен, на еден едноставен начин, преку игра и авантура, да го доближи до детските читатели. Книгата претставува забавна авантура на две деца кои со своите пријатели патуваат низ бесконечниот универзум и преку своите патешествија учат за необичните појави во него, а се запознаваат и со ѕвезденото пространство од нашиот Сончев Систем, и сето тоа преку читање книга. Сепак, авантурата на братчињата е само можност да се проговори за повеќе важни теми како: важноста на читањето книги, пријателството и почитување на пријателите со чување на заедничките тајни, да се поттикнува толеранција и меѓусебно прифаќање на луѓето без оглед на нивната верска, родова или етничка припадност или бојата на кожата, да се отстрануваат родовите стереотипи за девојчињата како послаб пол, да се работи на себе и сопствениот развој, да не се избрзува при постапувањето/зборувањето, да се признаваат грешките, да не се плашат децата без причина, да работат на надминување на она што ги плаши, да избегнуваат разговор со непознати луѓе, итн. Со засегнатите точки, авторката придонесува за развој на детската личност, развивање на чувството за солидарност, емпатија и благородност, како и на почитување и прифаќање на различностите. Сметаме дека со запознавање на младите читатели со овој тип литература, истовремено се придонесува за зголемување на нивната мотивација, креативност и интерес за учење.

Клучни зборови: научна фантастика, книжевност за деца.

Вовед

Романот за деца „Ѕвездена џунгла“ (2021) од Јагода Михајловска-Георгиева[1] е настанат како дел од еден поголем проект на тројца автори. Имено, тој е прв од трите романи кои ги поврзуваат истите ликови кои се среќаваат во нив – Стела и Сани. Тој претставува претходница на романот за млади „Ти носам пустински песок“ (2021) од Винка Саздова, а по кој следи романот „Имаш пчела на носот“ од Венко Андоновски (2021). И во трите романи се среќаваат истите ликови – Стела и Сани, најдобри другари, кои судбината често ги разделува. И додека во романот на Саздова, „Ти носам пустински песок“, разделените другари меѓусебно комуницираат преку писма, поточно електронска пошта (т.н. мејлови), во романот на Венко Андоновски, „Имаш

[1] Јагода Михајловска-Георгиева е родена во Скопје на 3 март 1953 година. Дипломирала на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ на УКИМ. Работела како новинар во неделникот „Пулс“ и како уредник во телевизија „Телма“. Членува во Друштвото на писателите на Македонија од 1990 година и има објавено повеќе книги – раскази и романи за деца и возрасни, меѓу кои се: „Мојата кожа“, „Јас, момчето молња“, „Огледала“, „Игбал, мојата тајна“, „Индиго Бомбај“, „Дрско црвен кармин“ и други. За некои од нив е одликувана со престижни награди, како „Рациновото признание“ за романот „Каменот од твојот ден“ и наградата „Роман на годината“ за „Индиго Бомбај“, а за романот „Манастир Фуентерабија“ ѝ беше врачена и наградата „Стале Попов“ за најдобро прозно дело за 2017 година од Друштвото на писатели на Македонија.

пчела на носот“, нарацијата е дневничка, со концепција како „машка“ и „женска книга“, чии автори/носители се токму Стела и Сани.

Трите романи можат да се разграничат и според возраста за која се наменети. Така, додека вториот роман „Ти носам пустински песок“ е наменет за читатели кои се во раната адолесценција, а „Имаш пчела на носот“ за читатели од подоцнежна адолесценција, овој роман, „Ѕвездена џунгла“ (2021) од Јагода Михајловска-Георгиева за свои главни протагонисти ги има двете братчиња, Асја и Едан. Едан има девет години, а Асја седум и пол години, што се одредува како детство.

Авторката Јагода Михајловска-Георгиева, чии ликови патуваат во бесконечното ѕвездено пространство, го збогатува светогледот на децата, ги поттикнува читателите да го разграничат и научат значењето на непознатите термини, давајќи на крајот од книгата речник на непознати зборови.

За научната фантастика како жанр

Децата мечтаат, фантазираат, и нивната љубопитност станала инспирација за многу автори да создадат научнофантастични дела. Но, пред сè, да разјасниме што всушност значи поимот „научна фантастика“.

Измислувањето на терминот „научна фантастика“ генерално му се припишува на американскиот уредник Хуго Гернсбек (Hugo Gernsback), кој првпат го употребил овој термин за со него да ги нарече приказните изградени врз екстраполации од веродостојната научна мисла, кога го основал првото списание посветено на таквото пишување, Amazing Stories, во 1926 година (Waller Hastings, 2011). И додека настојувањето на Гернсбек со ова списание било пред сè од дидактичка природа, Џозеф Кембел, уредник на друго списание од 1936 година – Astounding Science Fiction, сметал дека задачата на овие списанија е не само да едуцира, туку и да забавува. Инаку сите овие списанија биле познати под називот „pulp fiction“, со што се означувал евтиниот квалитет на хартијата на која се печателе.

Во почетниот стадиум, во втората половина на XIX век, во времето на основоположниците на жанрот – Жил Верн и Х. Џ. Велс, научната фантастика била добро примена во литературниот свет. Но, во XX век дошло до „затемнување“ на славата на научната фантастика како сериозна литература. Своевиден, ако не и главен фактор во ваквото сфаќање биле токму списанијата за научна фантастика. Овие списанија биле многу заначајни за растот на научната фантастика и за нејзиното етаблирање како жанр. Но, токму од тие причини, многу приказни во овие списанија биле набрзина и грубо напишани, со оправдување дека научната фантастика мора да заживее првин во овие списанија, ако сака да заживее во литературата воопшто. За жал, ваквото сфаќање придонело многу од тие прилози, добри или лоши, да бидат вклучени во списанијата. Авторите биле слабо платени, а овој факт резултирал со набрзина напишани текстови за разни списанија. Поради ова, на научната фантастика ѝ се прилепила етикетата за слаб квалитет (Aquino, 1976).

Роберт Шолс кажува дека НФ се интересира за работите кои се разликуваат од светот што всушност ние го населуваме, но тоа не значи дека тоа ја прави НФ да бега од реалноста или како реалноста да е нешто ирелевантно (Scholes, 1975). Оттука, се надоврзува мислењето на Жан-Батист Баронијан, кој смета дека круцијална карактеристика на научната фантастика е што: „Таа не се интересира за светот онаков каков што е, туку за светот каков што може да

биде, каков што би требало да биде, таа бара да покаже една состојба на нашата мисла или на нашиот универзум во некој момент од неговата историја – во еден можен момент, веројатен, насетлив можеби, но никогаш актуелен“ (Денкова, 2022: 14).

Јасно е дека научнофантастичните приказни го претставуваат највозбудливиот жанр за младите луѓе. Овој жанр им овозможува да се препуштат на свет различен од сопствениот. Така можат да видат нови и необични настани и суштества. На тој начин, овој жанр им овозможува да ги обликуваат своите идни визии во зависност од идеологиите и настаните вградени во текстовите на приказната.

Бидејќи сè се менува, така и содржината на научнофантастичните жанрови се менува. „Светот на бајките“ на некој начин згаснува со настапувањето на современиот живот, или како што истакнува Јадранка Владова: „Современите деца живеат во времето на засилените комуникации, во времето кога медиумите се секојдневно присутни во нивниот живот, во времето кога тие сè почесто ги учат компјутерските можности за комуницирање. Затоа една ваква книга може да ја заскокотка фантазијата и може да ги поттикне на подлабоко размислување“ (Владова, 2001).

За романот „Ѕвездена џунгла“ од Јагода Михајловска Георгиева

Романот е приказна за двете братчиња Едан и Асја, поделена во осум глави каде секој од нив двајца раскажува по една глава, и на тој начин авторот успева темелно да нè запознае со овие два лика, со нивните размислувања и карактери. Овие две братчиња се интелигентни, забавни и жедни за авантура и за учење нови нешта. Иако еден со друг често се конфронтираат, сепак постојано меѓусебно си ги признаваат грешките, искрени се и знаат да се извинат. Браќата и сестрите се дел од семејниот животи на децата и адолесцентите, и огромна е нивната улога во секојдневните заеднички искуства како придружници, доверливи лица, соборци и како можност за споредби. (McHale, Updegraff & Whiteman, 2012). Истите автори посочуваат и на фактот дека браќата и сестрите можат да имаат директни ефекти врз развојот на едни со други кога служат како социјални партнери, модели за пример и дека браќата и сестрите можат индиректно да влијаат еден на друг врз основа на нивното влијание врз поголемата семејна динамика (McHale, Kim, Whiteman, 2006). Од оваа перспектива, позицијата на браќата и сестрите во семејството предизвикува социјални психолошки процеси, со доживотни импликации за индивидуалниот развој и приспособување (Irish, 1964). Во овој роман, Едан е оној кој бара логика во сè, додека Асја е побунтовен и има желба постојано да се докажува пред брат му, затоа што не сака да се чувствува помал од него. Но, и покрај сè, тие меѓусебно се навистина добри другари.

Дејството започнува во нивната детска соба, кога книгата по име „Ѕвездена џунгла“ ќе се побунтува од полицата за книги, со надеж да ги поттикне да ја отворат и да ја прочитаат. Вчудовидени од таквата случка, децата решаваат секоја вечер да ја читаат книгата, со договор една вечер да чита Едан, а следната Асја. Така и започнува нивното патување низ вселената. Првиот необичен настан започнува со чудните звуци, гласови и шушкања кои доаѓаат некаде откај полицата за книги, доцна во ноќта додека двете братчиња веќе се легнати и заспани:

„Доцна ноќе е. Одамна сме заспани. Одеднаш двајцата истовремено се будиме од некакви таинствени звуци. Не се однадвор, од нашата соба се. – Дали и ти го чу истото што и јас? – во темнината му довикнувам на брат ми, вклучувајќи ја ноќната ламба. – Нема никој друг освен нас – потстанува. – Сепак слушнав, да. Се плашам. Кој би можел да е? – Пссст, да бидеме потивки. Набрзо ги лоцираме. Мистериозните, шепотливи гласови доаѓаат од полицата со книги“ (Михајловска-Георгиева, 2021: 8).

Пердувот кој само навидум личи на бележник на страниците во книга, им го претставува нивниот прв лик со кој среќаваат во оваа чудесна книга, а тоа е птицата Уни. На почетокот Уни само им приредува нервози со своето однесување, па затоа наместо убав почеток како што доликува со запознавање и пријателство, тие започнуваат со меѓусебни дофрлувања и негодувања. За среќа, набрзо се појавуваат другите важни ликови од оваа книга – Стела и Сани: „Асја: Мене ми беше редот да читам на глас. Само што почнав, едно девојче и едно момче од нигде никаде се појавија среде собата. Како токму во тој миг да се создале. Со подотворени усти се загледавме во нив“ (Михајловска-Георгиева, 2021: 17). Стела и Сани се измислените ликови од приказната кои, како што самите велат за себе, ниту се родени, ниту имаат родители ниту, пак, постојано место на живеење. Со секоја нова глава следува нова таинствена ситуација која братчињата ги прави полубопитни. Така започнува навестувањето за патувањето кое следи, кога Стела и Сани им градат вселенски бродови, на начин на којшто Едан и Асја ги редат своите лего-коцки, но овој пат многу повешто и фантастично. Стела и Сани, во улога на пилоти, ги бираат своите копилоти и притоа ги замолуваат да си измислат соодветни имиња за вселенската авантура. Па така, Асја го одбира името Гром, а Едан името Молња, кои совршено одговараат за претстојната авантура во која заеднички ќе покажат сплотеност и храброст:

> „Асја: Вчас ме обзеде треска. На сè друго заборавив. Видов дека брат ми и Сани веќе стојат во скафандери пред скалите на нивниот вселенски брод. Металик, сино-зелен, со само еден, ама моќен монитор што испушташе заслепувачки огнени јазици. – Капетане Молњаааа!!! – се трудев да ја надвикам заглушувачката бучава на моторите. – Сè уште не ми се верува! – Ни мене, капетанеее Грооом! – ме чу. – Среќнооо!!! – ми мавна со раката веќе искачен на најгорната скала и го снема во отворот на неговото летало. Ех, барем да бевме заедно во иста пилотска кабина! Ми доаѓаше да се расплачам од преголема возбуда и радост помешани со непознат страв. Па не се управува секој ден со вселенски брод! И тоа под водство на ова прекрасно девојче пилот!...“ (Михајловска-Георгиева, 2021: 35).

И покрај дотогашните препирки и несогласувања, овде Асја покажува дека му недостасува брат му, иако е во друштво на неговата нова симпатија. Пораката која авторот им ја пренесува на младите читатели со таа слика е дека текот на животот ни приредува нови цели и патишта, па така често се случува браќа да се разделат секој по свој пат, во потрага по непознатото и со новите улоги низ животот. Меѓутоа, како што и гледаме во втората глава во книгата, авторот преку реакциите на Едан и Асја прикажани додека едниот доживува непријатни ситуации и кога им се губат меѓусебните сигнали, потсетува дека во

животните бури братот е оној кој, и покрај сè, мисли на тебе, се грижи за тебе и секогаш е најголема поддршка.

Доживувајќи авантури и патувајќи со вселенските бродови, наидуваат на метеори и запаѓаат во разни неизвесни ситуации, поради кои гласно го слушаат тупотењето на срцето. Одеднаш, по таа бура од згоди и незгоди, ќе се најдат во еден простор кој за секое дете е исполнување на желбите. Во тој простор го има сè она што едно дете посакува – изобилство од играчки и изобилство од слатки. Но, токму таа ситуација ќе им биде главната лекција од оваа книга – дека ништо материјално не е поважно од пријателството и од блиските. Тоа го осознаваат преку нагласено наметливиот однос на играчките, кој набрзо почнува да ги застрашува поради нивниот освојувачки карактер. Среде сета таа какофонија од звуци на борба, браќата слушаат едно женско гласче, гласот на разумот. Тоа е појавата на куклата по име Светлина, со што авторот ни покажува една нова страна од детскиот свет – дека не секогаш куклите се наменети за девојчиња. Далеку од бучавата на пиштоли, пушки и други насилни игри, куклата Светлина им покажа дека и нивниот свет е интересен. Таа им донесува куп мирољубиви и интересни суштества, кои воопшто не ги сакаат насилните игри и на тој начин се создаде едно ново сфаќање и се рушат предрасудите за машки и женски играчки. На тој начин емоциите се разбудија, се зајакнаа, умот почна поинаку да размислува: „Можеби скришно посакувате да си поиграте со кукли. Ама се срамите да не ве исмеат другарите. Ајде, кажи... Оваа е упорна и, што е најважно, не е кенкава, бунтовна е. Почитувам такви девојчиња, па макар биле и кукли. Би можел дури и да си поиграм со нив. Ѝ додадов уште неколку плуса. Тајно, за да не се направи важна“ (Михајловска-Георгиева, 2021: 64). Когнитивните теории за родовите улоги се засноваат на идејата дека децата се социјализираат во родови улоги. Родовите стереотипи им даваат на децата нормативни информации за тоа како секој пол треба да изгледа, да дејствува и да размислува според културните верувања. Еден начин да се пренесат овие културни родови стереотипи на децата е со експлицитно родово означување на предмети и активности (на пример, „момчињата сакаат да си играат со автомобили“) преку телевизијата, низ книгите, преку врсниците и со помош на возрасните (Martin, Eisenbud, & Rose, 1995). Сепак, во случајот со Едан и Асја, авторката ги „руши“ овие родови стереотипи, за постоење на „играчки за девојчиња“ и „играчки за момчиња“. Низ сите овие авантури, двете братчиња како да созреваат. Преку разделбата со куклата Светлина, сфаќаат дека не сè што посакуваме е во наша корист, дека животот ќе ни го покаже можеби спротивното. Но, и дека најважно од сè е доколку на крајот сфатиме дека целта на животот не е во она по кое мечтаеме, тука е баш она без кое не можеме да живееме:

> „Време е – подголтна – време е за разделба, пријатели – речиси шепна. – Разделба!? – втренчено ја погледнавме. – Толку брзо? Штотуку се спријателивме – Едан отсутно ја спушти чашката со сладолед. – Мораш да си одиш? – ѝ се загледав во бистрите срнечки очи. И јас нагло изгубив интерес да ги излапам колачињата што ми беа в рака. (...) – Зар не ти е жал што ќе се разделиме? – одвај се воздржував да не се расплачам. – Немојте со такви прашања – молбено нè погледна. – Ќе ми недостигате. Првпат ми се случува вака да се приврзам за некого. – И нам првпат за кукла – си ги избришав очите, солзи ми навираа. Светлина се расшмрка веројатно прикривајќи си го плачот, па нагло ни сврти грб. (...) –

> Подарете ѝ моја копија на сестра ви. Сигурно ќе ја најдете во продавниците за играчки кај вас. Ќе ве потсетува на мене – мавна за последен поздрав пред да ја снема“ (Михајловска-Георгиева, 2021: 81).

Со овој емотивен дел, авторката не остава ни едно дете рамнодушно. Таа си поставила задача да им го промени мислењето за многу нешта, да им отвори нови видици за одредени ситуации во животот. Лекцијата од оваа разделба ќе ги поттикне да не избрзуваат со своите предрасуди и осудувања за другите, зашто можеби токму тие ќе ги научат на вистинските вредности.

Тука не завршуваат авантурите на децата, но оваа ситуација само ќе ги направи помудри за авантурите и ситуациите што доаѓаат.

Следната авантура ги носи на планетата Оригра, која е своевидна „ветена земја“ за децата, зашто во неа има изобилство од слатки, благи работи (сладолед, колачиња, фонтани од течно чоколадо, итн.) во чинии кои сами постојано се полнат, од што на крај дури им се слошува. И тогаш птицата Уни ги поучува на најважната лекција во животот – човек може да се засити од сѐ она материјално што го има во изобилие: „А ги имавте сите играчки на светот и слатки што никогаш не се потрошуваат... Верувавте дека нема посреќни деца од вас, нели?... Брзо ви здосадија... Ајде, бидете искрени. Дали навистина ве прави посреќни да имате многу повеќе отколку што ви е потребно? Слатки, играчки... што било. Да или не?... Само пријатели никогаш доволно“ (Михајловска-Георгиева, 2021: 83). Потенцирајќи ја улогата на пријателството во животот на секој човек, Уни ги поучува на значењето на пријателите во животот: „Човечкото око е ненаситно. И еден непријател е многу, а сто пријатели се малку“ (Михајловска-Георгиева, 2021: 84). Многубројните спроведени студии укажуваат дека пријателите се од витално значење за здравиот развој на децата од училишна возраст. Истражувањата покажаа дека децата на кои им недостасуваат пријатели подоцна во животот може да страдаат од емоционални и ментални тешкотии. Пријателствата им обезбедуваат на децата повеќе од само забавни другари. Пријателствата помагаат децата да се развиваат емоционално и морално. Во интеракцијата со пријателите, децата учат многу социјални вештини, како на пример како да комуницираат, да соработуваат и да решаваат проблеми. Тие вежбаат да ги контролираат своите емоции и одговарање на емоциите на другите. Тие развиваат способност да размислуваат и да преговараат за различни ситуации кои се појавуваат во нивните односи (Ferrer-Chancy & Fugate, 2007).

Следува најважната мисија – враќање дома, што не е воопшто едноставно. На воздушниот пат кон планетата Земја, децата запознаваат еден нов лик, кој е воодушевен од Асја и Едан, а тоа е главниот метеорџија Жг. Иако е претставен како главен, бестрашен и храбар, сепак пред искреноста и чистотата на Едан и Асја се покажува како нежен и емотивен и отворено ги искажува своите скриени чувства за дволичноста која постои и во вселенските простори: „Сум чул, ме озборуваат. Некои и ми се потсмеваат. Сум немал попаметна работа освен да организирам метеорски кросеви. Сум ги обучувал талентираните, самиот сум се натпреварувал. На глупости сум го трошел времето... Требало покорисно да ја употребувам силата... Дури ми нуделе да ѝ пристапам на некоја вселенска банда“ (Михајловска-Георгиева, 2021: 121–122). Со оваа наративна сентенца децата се поучуваат на уште една важна страна од животот – дека и оној кој се чини бестрашен, може да биде емотивен, па согласно со тоа, да не се поведуваат по предрасудите.

На патот кон дома, децата добиваат уште една скапоцена животна поука – авторката ја доловува опасноста од верувањето на непознатите. Со прикажувањето на ситуацијата кога непознати вонземјани со својата лажна љубезност се обидуваат да го измамат Асја да го повозат низ вселената, авторката ги предупредува децата колку може да биде опасно доколку дозволат да бидат заведени од навидум привлечните идеи за забава и колку всушност таа забава може да биде фатална: „Колкупати нѐ имаат предупредено мама и тато да бидеме претпазливи со непознати, си заборавил? И кога ни приоѓаат да си позборуваме, а особено ако љубезно предлагаат ова-она... некои примамливи нешта. Ти текнува?“ (Михајловска-Георгиева, 2021: 104–105). Денешните деца растат во сѐ поопасен свет. Заканата од киднапирање на странец сега е присутна повеќе од кога било. Дневните медиумски наслови нѐ потсетуваат дека децата живеат со постојана закана дека ќе бидат малтретирани или киднапирани. Собраните докази покажуваат дека малите деца не се свесни за дополнителни стратегии потребни за да се заштитат од можно киднапирање (Breese, 1994). Затоа, родителите се главните фактори кои се свесни за сите опасности денес, а не треба да се заборави и на училиштето како средина во која децата можат да бидат поучени на сите приоѓања од непознати лица, како и на начините за одбрана.

Како што книгата се движи кон крајот, така се менува и сликата за момчињата протагонисти. Веќе на крајот од нивната вселенска одисеја, тие воопшто не беа оние плашливи и несигурни момчиња со кои читателите се запознаваат на почетокот. Дома се враќаат попаметни, похрабри и побогати за многу животни искуства и сознанија за пријателството, за прифаќањето на различностите, за почитување на духовното над материјалното, а особено за вредноста на саможртвата на сите оние кои ни значат и им значиме како што е саможртвата на онаа палава птица Уни, со која читателите се запознаваат на почетокот и која веќе не беше така дрска, туку стана вистинска жртва за Едан и Асја за да им го исчисти патот низ Ѕвездената џунгла:

> „Уни: Морав да ви го расчистувам патот, на некои места беше сосем непрооден. Како со трње беше густо начичкан со најситни ѕвездички. – Фала ти – трогнато изустив. – Што си се жртвувала за нас – дополни брат ми. – Службено, што би се рекло, на задача бев – скромно возврати. – Приватно, ми станавте многу драги. А сега, откако ве спроведов низ Џунглата, веќе не сум ви потребна...“ (Михајловска-Георгиева, 2021: 141).

На крајот, при враќањето дома, авторката отворено ги потенцира убавините на планетата Земја. Без разлика колку убаво, волшебно и забавно место е вселената, сепак најубавото место на светот е дома. Место кое секогаш нуди чувство на спокој, место каде и после сѐ те чекаат оние кои најмногу ти значат. Оние кои живот твој се. Место во кое она што чиниш некогаш најмногу ти пречи... баш тоа може најмногу да ти недостасува некогаш. Место каде чувството на тазе печени кифлички можеш да го наречеш „дома“. И милозвучниот глас на мама... за добра ноќ, и бушавењето по косата од рацете на тато за добар ден“ (Михајловска-Георгиева, 2021: 167).

ЗАКЛУЧОК

Книгата „Ѕвездена џунгла“ од македонската авторка за деца, Јагода Михајловска-Георгиева, претставува забавна авантура на две деца кои со своите пријатели патуваат низ бесконечниот универзум и преку своите патешествија учат за необичните појави во него, а се запознаваат и со ѕвезденото пространство од нашиот Сончев Систем и, сето тоа, читајќи книга. Нивните ѕвездени пријатели се ликови од книгата која ја читаат, но иако се нереални и апстрактни, истовремено се живи и вистинити. На тој начин авторката границата меѓу чудното и чудесното ја преплетува, па на моменти чудесното станува чудно, а чудното – чудесно.

Многу научници силно го поддржуваат ставот дека контактот на децата со достојна литература придонесува за збогатување на нивниот вокабулар и подобрување на нивните синтаксички структури. Исто така, овој жанр ја подобрува фантазијата, затоа што, пред сè, самиот потекнува од фантазијата. Во светот што им се нуди преку книгата има простор за секаков вид на неверојатни и авантуристички активности. Книгата доловува сè што едно човечко суштество може да замисли, нешто охрабрувачко за да остане во чекор, да може да обликува поудобен и технолошки напреден свет и, на крајот, да избега од неинспирирачката реалност. Така, на нивен начин, тие ја будат свеста и обликуваат ставови, иницирајќи кај децата модерни, но, сепак, безвременски и универзални прашања, прикажани преку солидарност, пријателство и заедничка работа кои водат до заедничка радост од успехот. Така, во книгата „Ѕвездена џунгла“ од Јагода Михајловска-Георгиева го наоѓаме токму тоа.

Ликовите од книгата доживуваат метаморфоза, оживуваат и ги повикуваат на најчудесното патување низ галаксијата – патешествие на кое ќе запознаат нови другарчиња и ќе научат многу работи. На крајот од дејствието, вратени од прошетката низ универзумот, момчињата иако се збогуваат со своите ѕвездени пријатели, свесни се дека тие секогаш ќе останат во нивниот живот, бидејќи се ликови од една книга што се наоѓа во детската соба.

По дефиниција, во делата на имагинацијата кога се прикажува нешто сосема натприродно, говориме за чудесно. Во бајките, каде сè е можно и веројатно, бидејќи на некаков начин е мотивирано, се среќаваме со волшебни појави, ликови и предмети и со нивна преобразба. Кај модерните писатели, како и во сонот, објаснувањата за чудесното изостануваат, со што се нагласува таинственоста на светот во кој живееме.

Па така, доколку сакаме да направиме дистинкција помеѓу чудните и чудесните појави во книгата „Ѕвездена џунгла“, која изобилува и со двете појави, мора да заклучиме дека на моменти овие два поима се испреплетуваат, а од друга страна и прецизно се разграничуваат.

Во дефиницијата на Цветан Тодоров за чудното се потенцира дека „доколку читателот прифати дека законите на стварноста остануваат недопрени и даваат објаснување на опишаните појави, велиме дека се говори за чудно. Ако, напротив, читателот одлучи дека мора да ги прифати новите закони на природата со коишто таа природа би можела да биде објаснета, влегуваме во жанрот на чудесно“. Всушност, како што објаснува Тодоров, чудесното одговара на непозната, сè уште невидена појава, која само што би се случила. Во чудното, необјаснивите нешта ги сведуваме на познати факти, на претходно искуство (Todorov, 1987).

Така, во „Ѕвездена џунгла“ најпрво ќе се сретнеме со ликови (момче, девојче и една птица) кои се од друга планета и со самото тоа се чудесни, но истовремено тие се кукли, односно ликови од стрипови, па воедно се само чудни. Може да се каже дека се чудни и имињата на родителите, сестрата, бабата и дедото на двете момчиња кои се братчиња во делото, кои децата ги именуваат со обратен редослед на буквите. Чудно е и летањето на децата кои, иако навидум чудесно се нашле некаде далеку во универзумот, „летаат“ преку нивната фантазија – што е објасниво, односно чудно. Уште почудни се ликовите и појавите од вселената, како што се квазарите или, пак, дефинирањето на времето. Сите тие, колку и да се имагинарни, истовремено ѝ се познати на науката и во законите на природата постојат, односно се само чудни, а не чудесни.

Од друга страна, и чудесното се преплетува низ целото сиже. Додека се на своето вселенско патешествие, момчињата возат вселенски велосипеди, се соочуваат со Големиот Ориг, вселенски лик кој таму во универзумот изработува оригинални играчки на планетата Оригра, којашто е непостоечка планета, или со кометите кои во книгата се претставени како вселенски таксисти коишто, иако во реалноста се движат низ вселената, секако не се таксисти, а и метеорџиите – вселенски суштества кои наместо мотори возат метеори. При крајот на ова бесконечно живописно патување, авторката потенцира дека нивните другарчиња Стела, Сани и вселенската птица Уни оживуваат, како што ќе објасни Стела, „кога некој нѐ чита или нѐ гледа“.

Одговорот на прашањето (дилемата) дали тоа што им се случува на ликовите во книжевното дело е реално, дали тоа што ги опкружува е стварност или станува збор за привид, дали е сон или реалност, е нешто што можеби најточно би ја дефинирало фантастиката. Како што смета Цветан Тодоров, набљудувачот на книжевното дејствие самиот мора да процени дали станува збор за заблуда на сетилата и производ на фантазијата или, пак, законите на светот остануваат онакви какви што навистина се, што всушност е равенката за она што во книжевното дело го сметаме за реалистично, а што за фантастика. Воја Марјановиќ потенцира дека детската литература е речиси незамислива без фантастиката (Китанов, Марјановиќ, 2007). Фантастиката е сржта на детскиот свет и е предизвик за сонот и за јавето, додека Раде Прелевиќ истакнува дека детската фантастика е последица на специфичниот однос на децата кон реалниот свет и дека таа е творечка и е слободна игра којашто нѐ пренесува во еден божемен свет (Prelevič, 1978).

На крај, треба да се спомене и испреплетеноста на научнофантастичните елементи со реалистичните и чудесните, при што треба да се спомнат патувањата низ вселената, паралелните светови, телепатијата, вонземските суштества (изгледот на вонземјаните), роботи, телепортација, опис на изгледот на еден вселенски брод и слично.

Во детскиот свет на Јагода Михајловска-Георгиева сите овие тврдења се испочитувани и видливи. Детската имагинација е присутна од првите страници до самиот крај, а детето читател е оставено да ги воочи разликите помеѓу имагинарното и реалното, фантастичното и постоечкото. Дејствието во „Ѕвездена џунгла“ започнува природно. Момчињата Асја и Едан се деца и се сместени во реален/реалистичен простор (нивната детска соба), а нивните родители, сестра, баба и дедо се ликови кои се реални, соодветни на животната стварност. Но, настаните, како што тоа бива во имагинарниот свет на децата, одненадеж се замрсуваат и од реални (реалистични) преминуваат во

фантастични. Преку разни поучни информации, совети, поуки, поговорки и гатанки, Асја и Едан „летаат“ низ фантастичниот свет на Ѕвезденaта џунгла сретнувајќи патем необични суштества и доживувајќи фантастични патешествија чија „реалност“ е толку голема колку што е голема и убедлива моќта на раскажувачот.

„Ѕвездена џунгла“, преку една реалистична постапка во нарацијата, нè упатува кон пристапувањето на детето кон учење на нови поими. Јагода Михајловска-Георгиева обработува тема која е реална, но заплетот делото го прави апстрактно, па детската фантазија „излегува“ од секоја прочитана страница. На моменти романтичарска (желбата да се патува во неоткриен и непознат свет), но стварна, естетска и истовремено шармантна, книгата изобилува со досетки и детски хумор. Животот на децата е прикажан во сета негова шареноликост и богатство од фантазија. Книгата е современа, реална и истовремено нереална, а авторот ни прикажува еден индивидуализиран поглед кон светот, преку оптимизам и ведрина.

LITERATURE FOR CHILDREN - AS AN OPPORTUNITY TO LEARN ABOUT THE WORLD AROUND US AND AWAY

Abstract: In this article, we refer to an opportunity to talk about science fiction as a genre that is present in children's literature, through the interpretation of the science fiction book "Starry Jungle" by the Macedonian children's author Jagoda Mihajlovska-Georgieva. Science fiction will only be our starting point to stimulate the curiosity of children-readers about the world around us and beyond. In the focus of today's knowledge about the universe there are various theories about its size and about its specifics which, as the knowledge of the scientific elite changes, so do the scientific theses about all its peculiarities. "Starry Jungle" is a successful attempt by the author to bring that world, for many imaginary, closer to children's readers in a simple way, through play and adventure. The book is a fun adventure of two children who travel with their friends through the infinite universe and through their journeys learn about the unusual phenomena in it, and get acquainted with the starry expanse of our Solar System, all while reading a book. However, the brothers' adventure is just an opportunity to talk about more important topics, such as - the importance of reading books, friendship and respecting friends by keeping shared secrets, encouraging tolerance and mutual acceptance of people regardless of their religion, gender or ethnicity or skin color, to remove gender stereotypes for girls as the weaker sex, to work on oneself and one's own development, not to be in a hurry when acting/speaking, to admit mistakes, not to frighten children for no reason, to work on overcoming what scares them, to avoid talking to unknown people, etc. With the relevant points, the author contributes to the development of the child's personality, developing the sense of solidarity, empathy and nobility, as well as respect and acceptance of differences. We believe that introducing young readers to this type of literature simultaneously contributes to increasing their motivation, creativity, and interest in learning.

Key words: science fiction, children's literature.

Користена литература

1. Aquino, J. (1976). *Science Fiction as Literature*, https://eric.ed.gov/?id=ED127313, [22.05.2022].
2. Breese, J. (1994). Developing Strategies for Young Children To Deal with the Dangers of Strangers. https://files.eric.ed.gov/fulltext/ED391582.pdf, 21.03.2025.
3. Ferrer-Chancy, M., & Fugate, A. (2007). The importance of friendship for school-age children. *Department of Family, Youth, and Community Sciences, Florida Cooperative Extension Service*, 1-3.
4. Irish DP. Sibling interaction: A neglected aspect in family life research. *Social Forces*. 1964;42: 279–288.
5. Martin, C. L., Eisenbud, L., & Rose, H. (1995). Children's gender-based reasoning about toys. *Child development*, *66*(5), 1453-1471.

6. McHale, S. M., Updegraff, K. A., & Whiteman, S. D. (2012). Sibling relationships and influences in childhood and adolescence. *Journal of marriage and family*, *74*(5), 913-930. **https://www.ncbi.nlm.nih.gov/pmc/articles/PMC3956653/**, 07.09.2024.
7. McHale SM, Kim J, *Whiteman SD. Sibling relationships in childhood and adolescence*. In: Noller P, Feeney JA, editors. Close relationships: Functions, forms and processes. New York: Psychology Press; 2006. pp. 127–149.
8. Prelevič R. (1978): *Poetika dečje književnosti*, Prva književna komuna, Mostar.
9. Scholes, R. (1975). *Structural Fabulation: An Essay on Fiction of the Future*, Bloomington: Indiana University Press, 2.
10. Todorov, C. (1987). *Uvod u fantastičnu književnost*, Rad, Beograd.
11. Waller Hastings, A. (2011). *Science Fiction, Keywords for Children's Literature*: 202-206. https://www.academia.edu/17666187/Science_Fiction, [26.05.2022].

Извори на кирилица

1. Владова, Ј. (2001). *Литература за деца*, Ѓурѓа, Скопје.
2. Денкова, Ј. (2011). *Книжевност за деца*. Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип.
3. Денкова, Ј. (2021). *Фантастиката во македонската книжевност за деца и млади*. Муза, Скопје.
4. Денкова, Ј. (2022). *Научната фантастика во македонската книжевност за деца и млади*, Македоника литера, Скопје.
5. Китанов. Б, Марјановиќ, В. (2007). *Литературна критика*, кн. 2, Педагошки факултет „Гоце Делчев“, Штип.
6. Михајловска-Георгиева, Ј. (2021). *Ѕвездена џунгла*. Паблишер, Скопје.

*

Александра ЈУРУКОВСКА

ГРАНИЧНИТЕ СОСТОЈБИ: ДА СЕ НАДОМЕСТИ НЕНАДОМЕСТЛИВОТО ВО СКАЗНАТА „РОКЧЕТО“ ОД НИКОЛА МАЏИРОВ

Апстракт: Трудот се занимава со едно можно толкување на авторската сказна *Рокчето* од Никола Маџиров, илустрирана од Анета Илиевска, издание на „Арс Ламина“, 2024 година. Сказната е пишувана според истоименатa приказна од струмичкиот регион, запишана од фолклористот Иван Котев во зборникот „Девојчето со златно срце“ (2019), што отвора можност и за компаративна интерпретација меѓу предлошката и авторската интервенција од Маџиров.

Притоа, трудот се задржува на граничните животни состојби: смрт, загуба на мајката, одделување од домот и семејството и раѓање нов живот/дом во уметничката сказна. Паралелно се наведуваат и механизмите со кои авторската сказна, следејќи ја народната, ги приближува, ублажува и надминува болките и траумите и нуди продолжување на животот и среќен крај.

Методологијата во анализата е компаративна низ која се откриваат можните насоки за полисемично херменевтичко толкување.

Клучни зборови: гранична состојба, народна и авторска сказна, симболи, приказна во приказна.

Наместо вовед: Зошто *Рокчето* од Никола Маџиров?

Сказната на Никола Маџиров, пишувана според истоименатa сказна од струмичкиот крај, запишана од фолклористот Иван Котев, е интересна според многу нешта. Трудот ги зема предвид следниве неколку аспекти, кои подоцна се толкуваат низ компаративно-контрастивен метод:

– Паралелата меѓу приказната запишана од фолклористот Котев и авторската интервенција на Маџиров;
– Авторскиот печат на Маџиров преку специфичен стил со силни поетски примеси, мноштво лирски и алегориски елементи, како и проширување на симболичкиот инструментариум што кореспондира со т.н. композициска кохезија[1] и секако неизбежното повикување на Владимир Проп;
– *Рокчето* како осовременување на фолклорната приказна и преку современите параметри за квалитетно издание за најмладите: податлива илустрација, соодветен фонд, доволен фонд на зборови, што ја прави симпатична и за најмладите читатели, но и за повозрасните како четиво што брзо се чита, а долго се памети, како книга за која е потребно да се порасне колку дете!

Од фолклористички аспект, Ермис Лафазановски дава предлог за категоризација[2]:

[1] Во овој дел примерите и анализата ја следат согледбата на Весна Мојсова-Чепишевска за разликата меѓу народната и уметничката сказна дадени во книгата *Клуч од клучалката од детството, Скопје: Матица македонска 2019.*

[2] Лафазановски, Е. 2022. Класификација на народните приказни од Струмичкиот Регион (врз примерот на приказните од книгата *Девојчето со златно срце* од Иван Котев), https://ifmc.ukim.mk/wp-content/uploads/spisanie/Broj_81/6._%D0%95%D1%80%D0%BC%D0%B8%D1%81_%D0%9B%D0

Приказната „Рокчето“ (Котев 2019: 63) е интересна бидејќи го содржи мотивот „рогот на изобилството“ – AT*313B*. Посинокот на маќеата е малтретиран за разлика од синот на маќеата и тој е праќан по цели денови да пасе говеда. Еден ден волот му прозборил да му го одврти едниот рог од каде што излегува изобилство храна. Маќеата бара да го заколат сивиот вол. Детето и волот бегаат. Волот се степува со елен, но не може да го победи, и му вели на детето да оди некаде далеку да загради земја и од рогот ќе излезат многу инсекти, кои ќе се претворат во домашни животни (Лафазановски, 2021: 115).

Наведените аспекти се и првичните впечатоци од прочитот на *Рокчето* и тези околу кои гравititра оваа анализа, која на моменти (не)намерно се доближува и до есејот.

Структурата на Рокчето

Структурата на сказната на Маџиров ја следи структурата на т.н. *приказна во рамка*, и во неа препознаваме:

Приказна – рамка: Таа го следи сегашниот миг, приспособена е на авторовата современост и е точка на лесно поистоветување на малиот (па и на поголемиот) читател со јунаците од овој дел, како од современата сказна, така и од фолклорната предлошка. Внукот го моли дедото да му раскаже приказна, а тој вели:

> „Има неколку приказни, сине – ми рече и погледна нагоре како и сите луѓе кои сакаа да се присетат на нешто, чиниш сето тоа е испишано на таванот. – Но, ќе ти ја кажам само онаа што не сум ја запишал, оти на таа најмногу се сеќавам“ (Маџиров, 2024: 4).

Последната подвлечена реченица дава многу силен влез или порака и за значењето на приказните, и на лично и на колективно ниво. Чинот на читање и раскажување на приказните, моментот и релацијата дедо – внук потсетува и на начините на кои приказните живееле и живеат во нашата колективна свест и се предавале според познатиот принцип *од колено на колено*. Тука Маџиров прави суптилна автобиографска интервенција, затоа што не е исклучена претпоставката дека и авторот на уметничката сказна оваа приказна ја чул одамна и еве дошол моментот да ја раскаже и запише.

Дедото малку подолу ги изговора и зборовите: На еден неограден имот, пред многу години, живеело едно семејство кое се будело пред утринската роса и петлите во селото (Маџиров, 2024: 6), како одредена модификација на познатиот влез во приказните: *Си било еднаш*.

Пред да влезе во светот на приказната или во *приказната во рамката*, дедото (преку него и авторот?) прави уште еден интересен влез што ја олеснува транзицијата од светот на реалноста во светот на приказната или од приказната рамка во приказната во рамката:

> „Дедо ми ја отвори витрината и го подигна капакот од големиот порцелански сад во кој ги чуваше лековите и клучот од неговата урната куќа и зеде едно апче. Го голтна наеднаш, како

%B0%D1%84%D0%B0%D0%B7%D0%B0%D0%BD%D0%BE%D0%B2%D1%81%D0%BA%D0%B8_109-119.pdf, пристапено на 11.12.2024.

да сакаше да си го продолжи животот за да може да ја раскаже целата приказна, и почна...“ (Маџиров, 2024: 4).

Оттука, на самиот почеток на уметничката сказна *Рокчето* забележуваме добро исцртување, добро омеѓување и разграничување на времето пред и по приказната, како и два специфични симбола: *клучот* и *апчето*, што не се присутни во изворниот фолклорен материјал. Ова упатува на уште една авторска интервенција во проширување на симболичкиот инструментариум во приказната.

Приказна во рамка: ја следи судбината на едно момче и неговите животни премрежја. На почетокотот, како што бива и во оваа приказна, ја следи бајковитата линија за идилична слика на едно среќно семејство составено од:

- *татко – ковач што ги кова најубавите клучеви и потковици*. Во кусите описи на главниоте протагонисти се употребува и асоцијативен симбол (потковица) за среќата/идилата. Потковицата според многу верувања задржани кај нашиот народ е амајлија за среќа што се чува дури и на куќниот праг за да ги штити и домот и семејството.
- *мајка – ткајачка што ги ткае најубавите килими и нивниот милослив син.* Паралелно со клучевите се дава и ткаењето и ткаежот како можна асоцијација на ткаење на среќата и на судбината.

Идиличната слика трае само миг, затоа што веќе во следниот мајката се разболува и умира, со што започнува низата гранични ситуации во сказната *Рокчето*. Притоа треба да се напомене дека илустрацијата на Анета Илиевска многу вешто и суптилно ги следи двете наратолошки линии и го олеснува движењето низ двете приказни.

Граничните ситуации во *Рокчето* или да се надомести ненадоместливото

Терминот ***гранична ситуација*** (германски Grenzsituation) најпрво го разработува германскиот филозоф Карл Јасперс (Karl Jaspers) во своето дело Philosophy, Volume 2: Existence and the World. Според Јасперс, „гранични ситуации“ се оние искуства во животот кои не можеме да ги избегнеме, како што се: смртта, страдањето, борбата, виновноста, случајноста.

Тие се нарекуваат „гранични“ бидејќи претставуваат граници на човечкото постоење, каде рационалноста и секојдневните категории на разбирање се распаѓаат, а поединецот е принуден да се соочи со сопствената егзистенција на длабоко ниво. Во тие моменти се отвора можност за трансценденција, односно за повисоко сфаќање на сопственото битие.

Јасперс тврди дека „граничните ситуации“ се неминовни и непроменливи, и дека преку нив човекот доаѓа до автентично сознание за себе.

Теоријата на Јасперс е применлива и на структурата на волшебните приказни, бидејќи јунакот од приказната многу често е во егзистенцијална криза: е прогонет, загубен, соочен со смрт или морална дилема. Преку таа криза, тој/таа минува низ иницијациска структура – т. е. преминување преку границата, влегување во непознато, борба со чудовиште/опасност и трансформација. Ова ја рефлектира граничната ситуација како длабоко човечко

искуство што овозможува преобразба, што Јасперс го гледа како основа за „егзистенцијална слобода“ и себесознание.

Да се потсетиме и на Владимир Проп и на неговата *Морфологија на сказната,* првпат издадена во 1928 година. Тој идентификува структурен модел на волшебните приказни каде херојот минува низ:

– повик за авантура,
– заминување од познатото,
– премин низ опасности,
– се враќа трансформиран.

Овој модел е формално различен, но функционално сроден со оној на Јасперс, а во дадениов текст и двата се применливи во толкувањето на граничните ситуации во *Рокчето* на Никола Маџиров, каде ги следиме следниве гранични ситуации:

- Смртта на мајката – како соочување со загубата, почеток на крајот на идиличната слика од почетокот на сказната;
- Тагата како премин. Притоа авторскиот печат на Маџиров се согледува и во мошне лирската дескрипција на тагата: *Таткото од тага, за да го избрише сеќавањето, го искршил разбојот и го фрлил во каминот заедно со буката, пепел да се стори (Маџиров, 10).*

Вакви лирски елементи кои ја опишуваат тагата или оттргнувањето од познатото среќаваме и на следната страница, на пример: *Детето истрчало надвор на снегот, оти топлината од разбојот му носела само студ во душата (Маџиров,12);* како *и* подолу*: На прагот тивко се прегрнале со татко му и два темни облака се разделиле на небото (Маџиров, 20).*

Според Мојсова-Чепишевска, која дава и табеларен прика[3] на разликите меѓу усната (народна) и авторската сказна, токму лирските, алегориски и метафорички елементи ја издвојуваат уметничката од народната сказна. Тука се надоврзува и индивидуалниот, авторски стил обележан со присуство на лирски елементи, воведување и проширување на симболиката, дескрипцијата на просторот, јунакот итн. Сето ова го наоѓаме кај Маџиров како негова умешна интервенција и интерпретација на фолклорната предлошка земена од записот на Котев. Се чини дека сказната/сликовницата на Маџиров и Илиевска уште при самото излегување од печат, кај јавноста предизвика внимание и топол прием токму поради лирските и поетски елементи, очекувани и присутни во неа. Секако тука треба да се земат предвид и локалните обележја (локализацијата), кои суптилно го поведуваат читателот низ приказната и му дозволуваат препознавање и поистоветување.

Така, кога детето привремено се враќа дома, таткото го пречекува со зборовите: *Така е тоа, сине. Мајка ти ја нема и нов живот тече без неа. Во волов рог да се скриеш, смртта пак ќе те најде – промрморел татко му и отишол во ковачницата да му искове клуч од куќата (Маџиров, стр. 21).*

Враќајќи се на разбојот како симбол од проширениот инструментариум и неговиот крај во огнот, повторно доаѓаме до уште еден авторски печат – вешта употреба на изразот *пепел да се стори* во доловување на траурната атмосфера и

[3] Мојсова-Чепишевска (2019: 78–79).

тагата по соочување со смртта. Топлината носи студ во душата! Оксиморонско сликање на загубата, на немоќта, на немиот крик на детето што зачекорува во едно време пред кое е немоќна и бајката: *безмајчинството*![4]

Преминот кон непознатото

Говорејќи за непознатото и преминот кон него во *Рокчето*, доаѓаме до воведувањето на фигурата на маќеата, која, ако се потсетиме на Проп, е „антагонист“, кој предизвикува страдање, протерување или опасност за јунакот. (Проп, 1928: функција VIII).

Така, маќеата ја започнува иницијалната криза што го турка јунакот во авантурата. Таа често ја заменува починатата мајка, а нејзината суровост ја симболизира раскинувањето на семејната хармонија и почеток на самостојноста на детето. Така, и во *Рокчето* маќеата е таа која ќе предизвика неволји, зло, непријатност и причина момчето да го напушти домот.

Ова секако кореспондира со функцијата на маќеата за која говори и Проп, која меѓу другото е важна и во универзалната етичка и естетска димензија претставена преку спротивставување на злото и доброто. Паралелно маќеата е важна и во понатамошните можни толкувања на *Рокчето* како приказна за иницијацијата.

Рогот како дрво на животот

Волот Сивчо и неговиот рог од кој ќе излезе и храна, изобилие, а на крајот и цел нов дом/град е заокружување на лирскиот стил, авторската интервенција во предлошката, како и на повторното осовременување на мигот, препознавање и поистоветување за читателот. Претпоследната реченица во приказната гласи: *Тука детето изградило фарма, а велат по многу години никнал и цел град. Овој, во сега ти ја раскажувам приказната* (Рокчето, 35).

Според Лафазановски, самоостварувањето на јунакот од *Рокчето* е клучниот мотив *рогот на изобилието* (Лафазановски, 109).

Во изворната приказна запишана од Котев, волот нема име, но во сказната на Маџиров се појавува името Сивчо, како значенска, локална компонента. Токму рогот на Сивчо му помага на детето да го преживее гладот и студот, од рогот доаѓа храната, изобилието, од него на крајот се создава и неговиот нов дом, нов живот. Саможртвата на стариот вол е персонификација на доброто; последниот удар што го добива злото. Ете ја целосната трансформација што ја среќаваме и кај Јасперс и кај Проп, а за која говорат и сите фолклористи и теоретичари на книжевноста потоа.

На *Рокчето* како сказна му претходи еден есеј на Маџиров, „Рогот – корен на новото дрво на животот[5]“ во кој тој многу суптилно вели дека рогот е отелотворување на силата и моќта, симбол за трајноста за оној што го гледа и за истрајноста за оној што го носи. Кога телото на животното ќе биде изедено од

[4] Терминот ‘безмајчинство’ е моја алузија на еден расказ со Оливера Ќорвезироска од *Две перници* (2010) во кој таа пишува „единственото годишно време кое настапи во тој миг: безмајчинство“. Во овој дел давам мала автоцитатност и се повикувам на мојот прочит на оваа збирка „Да се надомести ненадоместливото“, поднаслов што неслучајно го преземам и тука. Текстот е поместен во мојата книга „Ткаење на текстот“, Силсонс, 2014.

[5] Македонски фолклор, бр. 81, 2021, Скопје: Институт за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје.

времето, осамениот рог искажува спасение и бесмртност – сведок на едно постоење и динамична сила.

Токму таа динамична сила го дава и последниот и можеби најзначаен премин, *гранична состојба* – новиот живот на онеправданото дете, на сиракот без мајка, на изгладнетиот посинок на злобната маќеа. Маџиров во есејот зборува за примордијалниот инстинкт за барањето вистина, на што би го надоврзала и на инстинктот по надеж, по светлина, оти што е всушност трчањето на момчето со стиснатиот рог в раце, ако не потребата да се надомести ненадоместливото низ механизмите на сказната која секогаш завршува со среќен крај: *Си живееја среќно и весело до крајот на животот*!

Рокчето на Сивчо го спасува момчето. Рогот и од народната и од авторската сказна му задаваат удар на злото, ја победува омразата во моментот кога од него се раѓаат инсекти, птици, поле, фарма, а по многу години никнал и цел град.

Наместо заклучок или мојот клуч во *Рокчето*

Последните зборови од сказната за раѓањето на новиот град ме враќаат кон почетокот на зборовите на дедото кој сака да ја раскаже приказната што не ја запишал, а најмногу ја запаметил. Во исто време, тука се навраќам и на симболот *клуч. Излегувам од рамката на академскиот стил и си дозволувам мал стилски излет во есејот.*

Дедото од приказната – рамка, пред да започне да раскажува, го допира порцеланскиот сад во кој го чува клучот од неговата урната куќа. Оваа слика за мене беше најтрогателниот дел од *Рокчето*. Во еден пријателски разговор Маџиров ми кажа дека всушност тоа е слика од неговото детство, дека неговиот дедо така го чувал клучот од неговата куќа урната на другата страна од границата. Силна сцена и метафора!

За мене ова беше моментот на поистоветување и препознавање во сказната. Таа ја заврши својата функција. Сказната е сказна и за деца и за возрасни, но најмногу за оние кои треба да се големи колку дете за да сфатат дека животот продолжува во приказната. Затоа на почетокот реков дека *Рокчето* е само навидум книга за деца. Во неа има приказни што растајнуваат запретани делови од нас и од многу наши постоења. Впрочем, и јас растев со приказната за оставената, напуштената куќа на мојата баба од другата стрна на истата таа јужна граница. Кога таа и нејзиното семејство бегале, не успеале да земат многу, веројатно само основното. Таа ја паметеше нејзината торба за училиште, некакви чизми, но никогаш не спомна клуч, а немаше ден да не зборува за таму, за *Дома*. Јас никогаш не сум го видела местото каде што таа се родила, ниту местото каде што бил нејзиниот *Дом*, но нема ден да не помислам дека приказните од нејзиниот живот таму се единствениот клуч од нејзиното *Дома* што јас ги чувам во себе како во порцелански сад. Тие приказни се и клучот и рогот и за мојот копнеж по зборот. Тоа е приказната што не сум ја напишала, а најмногу ја паметам. Тоа е моќта на приказната да го надомести и ненадоместливото.

Зашто се чини дека големата Маргарет Атвуд е неверојатно во право кога вели: *збор, по збор, по збор, на крајот сите стануваме приказна*!

ЛИТЕРАТУРА

1. Јуруковска, А. 2014. *Ткаење на текстот*, Скопје, Силсонс.
2. Котев, И. 2019. *Девојчето со златно срце (македонски народни волшебни приказни од Струмица и Струмичко),* Струмица: Центар за култура „Антон Панов“.
3. Мациров, Н. 2024. *Рокчето*, илуст. Анета Илиевска, Скопје: Арс Ламина.
4. Мојсова-Чепишевска, В, 2021. Клуч во клучалката од детството, Скопје: Матица македонска.
5. Ќорвезироска, О. 2010. *Две перници*, Скопје: Три.
6. Проп, В. 2009. *Морфологија на сказната*, Скопје: Македонска реч.
7. Прокопиев, А. 1989 „Мит-сказна“, бр. 35, Скопје: Дело.

Латинични изданија

8. Jaspers, Karl. *Philosophy, Volume 2: Existence and the World*. University of Chicago Press, 1971 (првично издание: 1932).

Интернет-извори

1. Лафазановски, Е. 2022. „Класификација на народните приказни од Струмичкиот Регион (врз примерот на приказните од книгата „Девојчето со златно срце“ од Иван Котев)“, https://ifmc.ukim.mk/wp-content/uploads/spisanie/Broj_81/6._%D0%95%D1%80%D0%BC%D0%B8%D1%81_%D0%9B%D0%B0%D1%84%D0%B0%D0%B7%D0%B0%D0%BD%D0%BE%D0%B2%D1%81%D0%BA%D0%B8_109-119.pdf, пристапено на 1.10.2024.
2. Мациров, Н. 2021. „Рогот – корен на новото дрво на животот“, https://ifmc.ukim.mk/wp-content/uploads/spisanie/Broj_81/13._%D0%9D%D0%B8%D0%BA%D0%BE%D0%BB%D0%B0_%D0%9C%D0%B0%D1%9F%D0%B8%D1%80%D0%BE%D0%B2_241-248.pdf, пристапено на 1.10.2024

Liminal States: Compensating the Irreparable in Nikola Madzirov's Fairy Tale *The Little Rock*

Aleksandra Jurukovska
City Library „Brtohers Miladinovci“ - Skopje

Summery

This paper explores a possible interpretation of the original fairy tale The Little Rock by Nikola Madzirov, illustrated by Aneta Ilievska and published by Ars Lamina in 2024. The tale is based on a traditional story of the same name from the Strumica region, recorded by folklorist Ivan Kotev in the collection The Girl with the Golden Heart (2019), opening space for a comparative analysis between the folkloric source and Madzirov's authorial adaptation. The paper focuses on liminal life experiences such as death, the loss of the mother, separation from home and family, and the birth of a new life or home within the artistic narrative. It also identifies the mechanisms through which the authorial tale, while following the structure of the folk narrative, mitigates pain and trauma and offers a continuation of life and a happy ending.The analytical methodology is comparative, aiming to reveal possible directions for a polysemous hermeneutic interpretation.

Виолета ТАНЧЕВА-ЗЛАТЕВА

ЈАЗИКОТ НИ Е ЗАВЕТ ОД ДЕДОВЦИТЕ

Видое Подгорец

БЕЗ ЈАЗИК СИ НИКОЈ И НИШТО

Родниот јазик е бисерен ѓердан
од зборови – плодови сочни,
мислите тие ти ги редат
во слики јасни и точни.

Тој е врутоκ непресушен, вечен,
низ бистри капки – зборови тече.
Жубори, клокоти, ѕвони, се лее
ко јасна ѕвезда секој збор грее.

Тој ни е завет од дедовците
како тланикот на огништето.
Чувај го како црнка во очите –
без јазик си никој и ништо.

Релативно лесно е да му се пристапи на творештвото на некој автор со десетина објавени книги, тематски и идејно да се разграничи и да се издвојат неговите главни карактеристики. Но како да се направи тоа со едно богато и жанровски разновидно творештво на автор кој во својот 63-годишен живот напишал и објавил стотина книги – и за деца и за возрасни, и проза и поезија, и современи романи, повести и приказни од дамнешни времиња, и раскази од реалното секојдневие, и бајки, сказни и гатанки, и легенди и патописи; на творец на неколку телевизиски сценарија за детски игри и на две радиодрами за деца; првиот автор на хаику кај нас кој во далечната 1982 година објавил 26 хаику заедно со други песни во збирката „Лушпи од месечина“, а во 1993 г. ја објавил и хаику-книгата „Мониста од роса“ со неверојатни 2.200 тристишја?! Уште и критичар и есеистичар, преведувач, антологичар, учител и уредник со голем влог во списанијата за деца, човек кој целиот живот го поминал во самопрегорна работа. И згора на сè, писател кој го обележал и твоето детство и чии книги сè уште имаат посебно место во твојата библиотека и во твојата душа, и уште човек кој се родил во твоите родни простори и кој го дишел истиот воздух, ги гледал истите природни убавини и стихии како тебе. Како, значи, да му се пристапи на еден таков работлив, тих и скромен човек, на еден таков расен творец од светски калибар, на едно такво раскошно творештво што е доволно да обележи една цела национална литература?

Тоа е потфат невозможен за еден човек. Потфат рамен на подвиг. Сè што досега е кажано и сè што допрва ќе се каже за Видое Подгорец е недоволно. Зашто тој е „еден од најомилените, најпопуларните и најплодни македонски писатели“, кој „направи монументален подвиг во нашата современа литература“

со својот „опус – океан“ и „останува еден од столбовите на современата македонска литература за деца, како автор со модерен, современ сензибилитет“ (Николовска 2017: 24–26). Скуден е и овој мој текст за него, зашто има толку многу да се каже, а пак останува многу недофатено. Ќе се обидам особено да проговорам за убавиот македонски јазик на Подгорец, односот што го имал кон него и начинот на кој го користел во своите приказни.

Зашто носител на приказната е токму јазикот. Без јазикот е невозможно нејзиното раскажување. А Видое Подгорец е роден раскажувач, раскажувач по душа, сличен на бабите и дедовците кои седнати крај огништето во дамнешни времиња ги поведувале внучињата во волшебниот свет на приказните. Како таков, тој во својата крв ја носи и светата љубов кон јазикот со чии нишки ги ткае своите приказни. Кај него јазикот и приказната се еднозначни. Тие течат паралелно, во широк и богат тек, плодно се разгранууваат и итаат кон утоката, а потоа повторно се враќаат во бранови за да ги обединат сите елементи на приказната распослани низ страниците. Тоа е еден божествен творечки процес исполнет со возбуда што се граничи со транс. Во него е видлива маѓепсаноста на авторот од зборовната игра што се одвива под неговите прсти, од говорот на јунаците кој е толку непосреден и самосвоен што напати ни се чини дека тече независно и од волјата на самиот нивен творец.

Јазичните нишки, ткаењето на зборовите, ритамот на реченицте кои влегуваат во разбојот на делото, редењето на разнобојните описи и дијалози како шарени нишки во зборовниот килим, задлабочувањето во внатрешниот свет на ликовите – сето тоа се излева слободно, без никакво запнување и задршка, без никакви јазично-смисловни сопки и стапици. Приказната кај Подгорец тече лесно, плавно, бујно како надојдена река што одвај ја собира во тесното, ограничено корито на жанрот.

Според Слободан Мицковиќ, „раскажувачката постапка во творештвото на Подгорец е оној посебен знак по кој тој е автор на препознатлив и единствен во нашата литература за деца и младина. Подгорец е вљубеник во самиот процес на раскажување, тој е, би рекле, страстен раскажувач, сказник и баснотворец“ (Подгорец 1987: 10).

Миодраг Друговац, можеби еден од најдоследните истражувачи на делото на Видое Подгорец, ја искажува својата фасцинација од неговото лесно и брзо пишување. Но не треба да нѐ залаже таквата определба. Иако пишувал „лесно и брзо“, се гледа дека, освен дарбата што му била дадена од Бога, Подгорец имал и еден посебен однос кон јазикот. Тој му се навраќал на напишаното, некогаш и по повеќепати, за да го прочисти од излишните зборови или да ги најде вистинските, да го дотера текстот за да можат идните читатели да го добијат во чиста, дестилирана форма. И бидејќи ги читаме такви, јазично чисти и со беспрекорно изразена мисла, добиваме чувство дека ги пишувал токму така: „лесно и брзо“. Но врвните дела не доаѓаат само како плод на инспирацијата и талентот. За мајсторите во занаетот само изгледа дека лесно дошле до одличен резултат. А сигурно не го постигнале брзо. Леснотијата и брзината се должат единствено на големата трудољубивост и посветеност, на многуте часови поминати во пишување, допишување, самокритично исфрлање и дотерување на текстовите. Тоа го потврдува и Киро Донев, негов најблизок пријател и соработник. Видое Подгорец го карал својот помлад пријател што не им се навраќа на напишаните работи, барем уште еднаш, го поучувал дека треба да ги види со поинакво око, да ги поправи евентуалните грешки или некои работи да ги каже на поинаков начин. Зашто тој самиот му пристапувал на

зборот со истанчен усет и со голема свесност за неговото значење и за моќта што ја има да разбуди емоции, да претстави слики, да пренесе цели пејзажи и големи душевни бранувања.

Да го проследиме почетокот на неговото најпознато дело, „Белото Циганче“:

„Патувавме низ некоја пространа рамница. Патот беше сипкав, правлив, мек. Од двете страни се вишеа пченки со зелено-црвеникави, сабјести лисја, златесто обрабени. Класовите веќе беа зазреани. Пискулите – свенати, подгорени. Во бостаните се тркалаа големи шарени лубеници, а мирисот на зрелите дињи се разнесуваше наоколу со млакото струење на воздухот.

Рамницата беше плодна и питома.

Далеку на југ се издигнуваше планински венец, чии заоблени врвови беа премачкани со последното злато на сонцето што заоѓаше.

Над рамницата се расплиснуваше предвечерната тишина. Летниот ден, потен и уморен, тивко тонеше во мирното портокалово море на залезот...“

Само десетина реченици распостилаат пред нас богата слика на местото во кое се одвиваат настаните во романот – неговата родна подбеласичка Подгорија. Ни отвораат една широка, јасна глетка на богат селски пејзаж длабоко навлезен во летото. Мене како селско дете (а и секому што имал среќа барем летата да ги поминува на село) тие слики не само што ме враќаат во светот на детството, туку ми нудат и раскошна трпеза од звуци, мириси и вкусови: нежното шушкање на лисјата што галежно се допираат, сладникавиот мирис на узреаните класови, меденатa роса што се крие во златните дињи, слаткиот сок што тече по брадата и рацете од распуканата лубеница, од нејзиното црвено срце. За денешните градски деца овие слики имаат уште поголемо значење, зашто ги запознаваат со природата како наше најнепосредно опкружување и им отвораат порта кон еден поинаков свет, небаре од времето на создавањето.

За Подгорец природата е повеќе од убавина. Нејзините описи се во ритамот на човечките активности и не само што ги придружуваат, туку честопати и ги одредуваат постапките на ликовите:

„Само што го искачивме благиот насип, на десниот брег на реката нѐ пречекаа свежо разбранувани, сочни ливади, опколени со стражи од врбови и тополови стебла.

Тука Базел слезе од шареniот коњ и песната секна.

Заедно со песната се завршуваше и патувањето за тој ден...

...Сето пространство, врз кое само пред малку трепереше спокојната сончева позлата, одеднаш се прекри со сивиот вел на свечерувањето.

Дрвјата личеа на големи неподвижни џинови застанати сред рамницата, замислено загледани кон небото.

Златото на реката се претвори во пепелава течност.

Пожарот над западните планини беше изгаснат.

Над бескрајната рамница се палеа првите светулки и првите ѕвезди“ (Подгорец 2008: 551).

Сите овие реченици – куси и прецизни, но толку речовити – нудат голема естетска наслада за секој читател, без разлика на возраста. А, пак, за децата и

младите, на кои им се првенствено наменети, тие се еден непресушен врутоκ од кој можат да се напојуваат и да го учат својот мајчин јазик во сета негова великолепна убавина.

Слободан Мицковиќ, во својот обемен Предговор за „Шарената птица“ од 1987 година, меѓу другото, ќе напише: „Литературното дело за деца и младина на В. Подгорец го носи тој личен печат на автентична авторска инспирација, на продлабочено лично искуство во детството и со детството, на познавање на детето и неговиот свет. Тоа е, не само во нашата книжевност за деца една посебна, вредна појава, туку е појава од значење за нашата култура воопшто – тоа дело дејствува во сегашноста, а одекнува во иднината зашто ги формира сегашниве генерации, денешниве деца на кои лежи иднината; впрочем, некои некогаш мали или млади читатели на делото на Подгорец веќе ја водат и нашата сегашност“ (Подгорец 1987: 6).

Иако се пишувани и објавувани пред повеќе од половина век, од делата на Подгорец денешните деца можат да научат многу и за животот. Тој и самиот бил дете по душа, вечно зачудено и љубопитно за сè што го опкружува, на што се должат и тематската разновидност на неговото дело, големата љубов кон детството и одговорноста со која пишува. Тој е свесен дека „творештвото наменето за децата и младите е сериозен потфат кој подразбира одговорен однос кон уметничкиот позив, но пред сè, одговорност кон детето, негово почитување и максимална предаденост“ (Витанова-Рингачева 2020: 70). „...Тој сака сè да дознае, сè да опише, да се впушти во раскажување на случки и настани кои нему му се допаднале или го заинтригирале. Тој став на љубознајник проличува во раскажувањето на Подгорец и како една присутна линија на лично задоволство што во расказите се истакнува токму низ раскажувачката постапка, а и како акумулирано знаење и искуство од разни области, од разни времиња и средини“ (Подгорец 1987: 12–13).

Од неговите дела децата не само што учат за вечните теми: љубовта (меѓу луѓето и кон природата), семејството, другарството, туку и за некои работи кои во последно време стануваат сè поважни, затоа што имаме вистинска потреба од нив – сладоста на лебот што се заработува со сопствените раце, надминување на мрзливоста и надмености, прифаќање на различноста, другарување со поинаквите од себе. А кога го споменуваме другарувањето и прифаќањето на различните, не можеме да ја одминеме љубовта на Подгорец кон Циганите (кои, патем, нашиот речник неодамна ги „нормира“ како Роми). Подгорец за нив вели: „Тие доаѓаа како свежи ветрови да го растераат застоениот воздух и да донесат мириси на далечни, непознати, но убави плодови“ (Арсовска 2010). Токму како и неговите песни, раскази и романи: свежи ветрови што ја растеруваат застоеноста на ова наше сиво секојдневие и носат мириси на далечни, непознати, но убави плодови.

Јас не сум критичар, научник или истражувач по вокација. Јас сум лектор, практичар. Мене јазикот и зборовите ми се основната алатка за работа. Во изминатите 30-ина години ми поминале меѓу рацете и пред очите најразлични ракописи, авторски текстови или преводи, и со жалење можам да кажам дека многу малку од нив се одликуваат со богат, едноставен, а слоевит и многуречовит јазик кој знае да побуди вистински восхит. Можеби звучи како да имам високи очекувања од авторите. Но единственото мое мерило е познавањето на сопствениот јазик, на сето негово богатство и на неговата слоевитост, на повеќезначноста и моќта на зборовите. Би рекла, еден восхит кон

јазикот и чувство на света должност за негово познавање, правилно користење и чување. А тој восхит и тоа чувство на должност ми се вдахнати токму од делата на Видое Подгорец.

Освен темите, впечатливите ликови и непосредниот стил, и богатиот, чист и раскошен македонски јазик со кој го ткае своето творештво е исто толку заслужен за читаноста и популарноста на Видое Подгорец. Неговите книги се вистинска ризница на убавините и изразните можности на нашиот јазик. Тие се богат материјал за проучување на македонската лексика и синтаксе, но и незаменлив учител за секој кој и самиот претендира да се нарекува писател. Зашто според Подгорец „писателот е и треба да остане будната совест на својот народ!“

Јазикот наш е како земјата по која чекориме и која нè крепи – едни од ретките нешта што ни се дадени на користење уште со нашето раѓање, кои нè лулкаат во своите топли прегратки на патот до станувањето луѓе. Тие самите не бараат ништо за возврат, доколку самите не сме свесни да ги користиме разумно и да ги напојуваме со својата љубов како што тие нас несебично нè напојуваат со сила, со знаење и со значење.

„Ова е душата на селанецот – му вели баба Мулон на Таруно. – Без неа тој е ништо. Птица без крилја. Цвет без корен. Оваа земја раѓа сè. Само треба да ја почитуваш, да ја сакаш, да ја ситниш – грутка по грутка. Целиот да ѝ се предадеш нејзе. И делник и празник. До капка сила, до капка сон. Таа умее богато, штедро да врати, да го награди трудот. Гледај колку е црна, а раѓа злато. Чисто злато... Таа е нешто свето. Како мајка. Ете, таа нè храни сите нас. Спрема сите е справедлива и добра“ (Подгорец 2008: 601).

Светлана Христова-Јоциќ за Видое Подгорец истакнува: „Вистинскиот книжевен збор – тоа е беседа на крвта. Затоа, да се има строги барања пред секоја мисла, пред секој збор пред да се обелоденат.

И пред секое книжевно дело. Тоа беше книжевен тестамент на писателот Видое Подгорец“ (Подгорец 2008: 543).

Со своите дела, Видое ни го остави тој тестамент сите нам кои го зборуваме македонскиот јазик. И треба да го чуваме како црнка во очите. Да го чуваме од туѓите напади, но, пред сè, од сопствената небрежност и заборавност, од одењето по линијата на помал отпор во прифаќањето на туѓизмите и неговото изобличување со англиските синтаксе. Нека уште долго ни жубори, клокоти и зуни, нека нè напојува како вруток непресушен, зашто без јазик сме никој и ништо!

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Арсовска, Т. 2010. *Писателите за себе*. Скопје: Панили.

Витанова-Рингачева, А. 2020. *Премостени соништа – огледи, студии, осврти.* Скопје: Силсонс.

Гошева, Т. 2001. *Библиографија на трудови на Видое Подгорец.* Струмица: ЛУБ „Благој Јанков Мучето“.

Друговац, М. 1968. *Повоени македонски писатели II.* Скопје: Наша книга.

Идризовиќ, М. 1988. *Македонската литература за деца.* Скопје: Наша книга.

Мицковиќ, Стеван. 1987. „Кон творештвото за деца и млади на Видое Подгорец“ во: Подгорец, Видое. *Шарената птица.* Скопје: Наша книга.

Николовска, К. 2017. *Подгорец – развигорец и развиорец (по повод 20 години од заминувањето на Видое Подгорец)*. АКТ 62. Скопје: Улис.

Подгорец, Видое. 1993. *Изгубеното царство.* Скопје: Наша книга.

Подгорец, Видое. 2008. *Белото Циганче*. Македонска книжевност. Романи за деца I. Избор, предговори, редакција и белешки Светлана Христова-Јоциќ. Битола: НИД Микена.

Иван КОТЕВ

„СОПАТНИЦИ НА ДЕТСТВОТО“ ОД ВИДОЕ ПОДГОРЕЦ – ПРОЗОРЕЦ КОН СВЕТСКАТА И МАКЕДОНСКАТА ЛИТЕРАТУРА ЗА ДЕЦА

Апстракт: Во рефератот ќе стане збор за значењето и функцијата на литературата за деца, а ќе се даде и поопширен преглед на македонската и светската литература за деца. Како голем познавач на светската литература воопшто, па и на детската, Видое Подгорец во редица маестрални осврти ни ја доближува Шехерзада од *„Илјада и една ноќ“*; сказните на браќата Вилхелм и Јаков Грим; големиот руски и светски поет Пушкин; Хектор Мало со неговото дело *„Без огниште“*; Перл Бак со нејзините *„Раскази за мали деца“*; Ангел Каралајчев со *„Кладенче*“; Хариет Бичер Стоу со *„Колибата на чичо Том“*; Рабиндранат Тагоре со *„Месечевиот срп“*; Доналд Бисе со *„Небиденки“* и др. Од македонските поети и писатели се осврнува на Ванчо Николевски, Васил Куновски, Киро Донев, Лазо Каровски и др.

Клучни зборови: Видое Подгорец, литература, деца, поезија, проза.

Нашиот пријател, современик и сопатник Киро Донев во својата книга *„Летопис на душата*“ ни ја нуди најкратката биографија на Видое Подгорец. Ќе ви го презентираме интегралниот текст:

ВИДОЕ ПОДГОРЕЦ
(1934 – 1997)

Подгорец е роден на 8 јуни 1934 година во село Колешино, Струмичко. Починал на 14 април 1997 година во Скопје. Завршил Учителска школа во Штип и Филозофски факултет во Скопје. Член на ДПМ е од 1958 година. Работел како учител, професор, училиштен инспектор, но најдолго – како уредник во редакцијата „Детска радост“ на списанијата „Другарче“ и „Наш свет“, но и како уредник во НИК „Нова книга“ во Скопје. Тој е најплодниот македонски автор за деца и млади. Има објавено 108 книги: збирки поезија, романи, патописи, драми, сказни, раскази и гатанки. Првата книга за деца **„Развигорче“** (песни) ја објавил во јуни 1956 година. Неговите дела се преведени на повеќе светски јазици.

Добитник е на наградите: **„13 Ноември“, „11 Октомври“, „Климент Охридски“, „Курирчек“, „РТВ Скопје“, „Струшки вечери на поезијата“ и „Читачка значка“**. Патрон е на две основни училишта и на Меѓународната манифестација „Средби под јаворите – Видое Пдгорец“.[1]

Меѓу сто и осумте книги на Видое Подгорец, што ги спомнува Киро Донев, е и „*Сопатници на детството*“. Таа е посебна книга: упатува, кажува, раскажува, препорачува. Тивко, кротко, ненаметливо, без големи фрази и висок стил – едноставно, а толку убаво. Поделена е во две поглавја: **Волшепството на детската песна** и **Од книга до книга.** Првиот дел содржи десет есеи, или осврти, за детската литература како книжевен жанр, а вториот дел има триесетина наслови за писатели од светската и југословенската книжевност, со голем акцент врз македонската литература за деца.

На почетокот од книгата авторот зборува за тоа како се раѓаат песните, а раѓањето на песната го споредува со ’ртењето: „... штом зрното ќе падне на мека, влажна, топла почва – тоа не може да не изрти кога ќе му дојде времето,

[1]Киро Донев, „Летопис на душата“, Струмица, 2021 год., 49.

мигот. Или: раѓањето на секој стих е како кога ќе процвета нова пуполка на црешова, јаболка или бресквина гранка.“[2] Колку сликовито и убаво! На исто толку едноставен јазик тој ја објаснува и поезијата. За поезијата ќе напише дека „најчесто е сиромашна гостинка, но чисто облечена, која бара засолниште во нашето срце. И кога ќе ја примиме во себе таа слугинка на убавината, не знаеме дека сме станале нејзини заробеници. Поезијата е длабока тајна... Поезијата – тоа е љубов. И надеж. И тага. И бол. И игра.“[3]

Својот приказ за поезијата Подгорец го започнува со заспивалките, тие кратки лирски песни што ги пеат мајките (најчесто) со желба детето да заспие. Тие се првиот мајчин здив и шепот кога мајката, наведната над своето чедо, која лее бисерни стихови и го задојува детето со првите убавини на песната. Таа пее, а ритамот и мелодијата се совпаѓаат со нишањето на лулката, или на рацете или нозете, оти детето лежело на нозете од мајката за таа да може да работи – да преде или да работи нешто друго. Притоа, тој цитира една заспивалка во која го повикува детето да заспие:

„Нани, чедо, нани,
татко ти е на орање,
мајка ти е на копање...“[4]

Видое Подгорец беше вистински филантроп. Ги сакаше луѓето без разлика на верска, расна или друга разлика. Во својата статија за заспивалките ни цитира една преубава ромска заспивалка:

„Зад чергата сонце паѓа...
Спиј ми мое пиле драго,
спиј ми, чедо, мирен сон,
ти си мојот славеј, свон...“[5]

Во таа смисла Подгорец упатува и на грчките, руските, украинските, дагестанските и други заспивалки. Го подотвора прозорецот на светската поезија уште со заспивалките кои се пееле и се пеат од Јапонија до Австралија и од Шведска до Аргентина... Секаде и секогаш.

Како голем познавач и почитувач на светската поезија, тој во овој есеј укажува на фактот дека заспивалките биле тема и на големите творци во уметничката литература, Притоа тој укажува на Рабиндранат Тагоре, Михаил Ј. Лермонтов, Расул Гамзатов и други, со што овој вид поезија добива уметнички димензии.

Подгорец еден пообемен есеј им посветил на Ромите, насловен како „*Ромите и песната*“. Зрнцето на „*Белото Циганче*“ одамна паднало на плодна почва: „Постои еден народ без своја татковина. Како ветрот: не знае каде се родил и каде ќе умре. Постои еден народ чија татковина е целиот свет. И затоа тој е распрснат, растурен на сите континенти, по сите меридијани... Од памтивек така: со коњите, нивните вечни сопатници и верни другари, натоварени со искинати черги и исчадени лонци или впрегнати во чкрипливи, разнишани каруци. Со цигулката под мишка. И со песната на уста. И со полни

[2]Видое Подгорец, „Сопатници на детството“, НИУ „Просветен работник“, Скопје, 1982, 5.
[3]Исто, 7.
[4] Исто, 11.
[5] Исто, 15.

пазуви приказни...“[6] Едно секојдневие вплетено во легенди и кажувања и опеано во песни.

Со богата поетска дарба и учител од дете, Видое Подгорец во толкувањето на поезијата и прозата за деца се осврнува и на образовната и воспитната содржина и суштина на песната или четивата. Тој се потпира на тезата дека не можеме да направиме една реска граница меѓу чиста поезија за деца и поезија за возрасни, и дека тие, сосема природно, се испреплетуваат. Во таа смисла Видое Подгорец набројува поголема група современи автори, давајќи филигранска оцена на нивните творби.

Видое Подгорец не е само поет и писател. Тој е суптилен проучувач на литературата. Покажува жив интерес за теоријата и историјата на литературата, за новите движења во литературата, па во тој контекст се произнесува и за фантастичното во прозата за децата. Самиот тој кажува дека оваа тема е доста широка и опширна и дека бара многу простор, но битно е тоа дека тој коренот на фантастичното го бара во митот и легендата, спомнувајќи ги во тој контекст и македонските народни приказни кои изобилуваат со фантастични содржини, спомнувајќи ја притоа приказната за Ќелешот кој на волшебен начин ја добива раката на царската ќерка и други приказни од ваков тип. Со тоа Видое Подгорец укажува на праизворот на литературата, дека нејзините корени треба да ги бараме во најдлабокото минато и дека се вгнездени во џиновската меморија на народот. И на фантазијата. „... Човекот никогаш не отстапува од своето љубопитство. А уште помалку детето. Треба само да го наоружаме со фантазија, со ведар творечки дух и со здрава чувствителност; тоа е единствената шанса да остане супериорно над техниката, над челикот и огнот. За да го постигнеме тоа, треба да му дадеме добра книга. А неа не може да ја замени ништо друго...“[7]

Видое Подгорец потоа пишува за делото на **Ванчо Николески**, правејќи еден поширок осврт врз делото на овој наш познат литерат. Подгорец укажува на обемното дело на Ванчо Николески, набројувајќи ги сите негови книги, па ја спомнува дури и незавршената книга за револуционерната дејност на Христо Узунов. Тој стои на становиште дека во речиси целокупното дело на Ванчо Николески „се насетува еден благ навев на народното творештво, тој неисцрпен извор на вдахновување“. Тоа го потвдува и самиот В. Николески кој народните приказни и песни ги сметал за своја духовна храна и дека го поттикнале и самиот да пишува.

Својата критичка опсервација Видое Подгорец ја насочува и кон **Борис Бојаџиски**, со посебен осврт на неговото драмско творештво и на социјалниот расказ. Тој смета дека како основоположник на современата македонска проза за деца, Борис Бојаџиски заслужува сериозно внимание од страна на критичката мисла.

Осврнувајќи се кон делото на **Васил Куноски**, Видое Подгорец ќе напише: „Има писатели кои со својата едноставност и јасност, со својата определеност и постојаност, успеале да му се наметнат на најобичниот, но и најширокиот читателски круг, што ќе рече се здобиле со неотповикливо право да бидат народни, со што спечалиле национална бесмртност. Тие писатели не се метеори за да блеснат и во еден миг од времето да го осветлат космосот, ниту сакале да бидат светлина на целото небо. Едноставно: тие влегле во душата на својот современик со непосредноста на изразот, му станале сопатник, толкувач

[6] Исто, 20.
[7]Исто, 39.

на најобичните негови грижи и радости, на неговите соништа и несоници, и нивната среќа е токму во тоа. Васил Куноски е таков писател.“[8] Во првиот дел од оваа книга, Видое Подгорец пишува за НОБ и револуцијата како тема во југословенските романи за деца. Во тој контекст Подгорец се јавува како остар критичар напомнувајќи дека не сите романи со тематика од НОБ и револуцијата можат „... да издржат поостри естетски критериуми, кои не успеале да си обезбедат место во сè позаможниот растеж на таа литература во последниве години. Тие се недоносени (што вели народот – недоквачени) без доволно животен сок во себе, бледи и мршави, упростени до елементарна мемоарност. Или – обратно: во нив гледаме само крв, стрелање, убивање, бесилки и трупови; го гледаме сето она што ја покажува суровоста, sверската страна на војната.“[9] Наспроти овие, Видое Подгорец укажува дека има голем број романи кои ќе го привлечат нашето внимание со својот комплетен приод кон темата за НОБ и револуцијата со својата уметничка вредност – од физичкиот до психолошкиот лик на личноста. Притоа, тој ги спомнува Бранко Ќопиќ, Тоне Селишкар, Данко Облак, Арсен Диклиќ, Глигор Поповски и други. Вториот дел на книгата започнува со есејот „*Шехерзада – мудрост на древниот исток“,* а продолжува со уште триесет и шест наслови, од странски и домашни автори. Во најкратки црти ја отсликува Шехерзада како личност и препорачува на најмладите читатели да ја прочитаат оваа волшебна книга. Во таа смисла тој го цитира големиот руски писател Максим Горки кој бил восхитен од приказните на Шехерзада:

> „Среде великолепните паметници на усното народно творештво, Шехерзадините приказни се издигнуваат како најголем монумент. Тие приказни со вчудовидувачко совршенство го изразуваат стремежот на обичниот народ кон волшепствата на слатките измислици, кон слободната игра на зборовите, ја изразуваат бујната сила на цветната фантазија на источните народи – Арапи, Персијанци, Индуси. Таа ткаенина од зборови се родила во длабоката древност; нејзините многубројни нишки се простираат по целата земја, покривајќи ја со необјаснета убавина...“[10]

Во освртот за сказните на браќата Јакоб и Вилхелм Грим, насловен како *„Златниот клуч на народната душа“*, Подгорец ќе истакне дека овие сказни „... одамна веќе им станаа своина на децата од целиот свет“.[11] Во тој контекст тој ги споменува општопознатите и омилени сказни за Црвенкапа, Палчо и други, притоа осврнувајќи се и на биографиите на браќата Грим и за нивната заслуга што ги зачувале од заборав овие преубави сказни, запишувајќи ги онака како што ги слушнале од народот. Голем простор од оваа книга авторот одделил за големиот родољуб и голем руски поет Пушкин. Како човек со силен творечки порив, задоен со бескрајните можности на народниот бит и фолклор, Пушкин создаде дело кое можат да го читаат подеднакво и постарите и најмладите генерации. „За најмалите читатели се неговите приказни. За десетгодишните – „Руслан и Људмила“. За читателите од два-тринаесет години се наменети

[8]Исто, 55.
[9]Исто, 65.
[10] Според: Видое Подгорец. *Сопатници на детството...,* 71.
[11] Исто, 73.

Пушкиновите поеми и проза.“ [12] Осврнувајќи се на Хектор Мало, Видое Подгорец напишал: „Нема дете во светот кое не ја прочитало книгата „*Без огниште“* и кое, трогнато од судбината на малиот Реми, не пуштило од себе барем неколку солзи.“[13] Притоа тој спомнува и други дела од истиот автор – *„Малиот морепловец“* и *„Пиерета“.*[14]

Времето и просторот не овозможуваат една поширока елаборација на спомнатите автори, но ние ќе се задржиме само на некои од нив, а ќе се потрудиме барем да ги спомнеме сите оние на кои Видое Подгорец им посветил нужно внимание. Луис Карол и неговата ширум светот позната книга „*Алиса во земјата на чудата“*, исто така, е предмет на опсервација на Видое Подгорец. Тој ги подвлекува деловите во книгата во кои се опишани средбите на девојчето со Белиот Зајак, со Необичната Желка, со Кралицата и други, што ја прават „шарената и привлечна преѓа на книгата, која, од нејзиното прво издание до денес им станала редовна лектира на безброј генерации“.[15]

gathering of household members at the festive dinner as the most important element, which includes amkanje, that is the game of ”catching“ boiled eggs, with the children in the role of the main participants of this activity. Taking into account the origin of the practice of amkanje, which is, according to some interpretations, connected to religious-mythological representations of the egg as the source of life, according to what the use of boiled eggs in the context of the celebration of White Shrove can be understood as a symbol of resurrection and rebirth, the aim of the paper is to contribute to the understanding of the ritual role of amkanje as part of the traditional culture of the Sirinić Serbs. Also, the goal of the paper is to attempt to understand the significance of mentioned practice as a factor in the process of socialization of the youngest generations of the researched Serbian community, which has been preserved to this day through transmission from generation to generation. The research procedure applied to achieve the stated goal is based on the use of qualitative methods, primarily observation and conducting interviews with interlocutors, while the results presented in the paper were obtained on the basis of field research conducted on several occasions in Sirinić from 2018 to 2024.

Key words: amkanje, White Shrove, Pročka, Šar Mountains Parish Sirinić, Kosovo and Metohija.

ЛИТЕРАТУРА

Антонијевић, Д. 1997. *Дромена*. Београд: Балканолошки институт САНУ.

Бандић, Д. 2004. *Народна религија Срба у 100 појмова*. Београд: Нолит.

Боцев, В. 1993. „Маскирањето и обичаите под маски во Македонија“, *Етнолог*, год. II, бр. 3, 114–124. Скопје: Здружение на етнолозите на Република Македонија: Музеј на Македонија.

Боцев, В. 2004. „Карневалите како современо градско празнување на примерот на Струмичкиот карневал“, *Етнолог*, год. VII, бр. 10, 92–99. Скопје: Македонско етнолошко друштво.

Дебељковић, Д. 1907. „Обичаји српског народа на Косову Пољу”. *Српски етнографски зборник*, књ. VII, 173–332. Београд: Српска краљевска академија.

Домазетоски, П. 1993. „Обичаите поврзани со ‚Проштени поклади‘ во селата Лабуниште, Радожда и Локов – струшко“, *Етнолог*, год. II, бр. 3, 125–134. Скопје: Здружение на етнолозите на Република Македонија: Музеј на Македонија.

Жикић, Б. 2011. „Културни идентитети као нематеријално културно наслеђе. Увод у истраживање и прелиминарни резултати“. *Културни идентитети као нематеријално културно наслеђе*, 7–25. Етнолошка библиотека, књ. 62. Ур. Бојан Жикић. Београд: Српски генеалошки центар: Одељење за етнологију и антропологију Филозофског факултета у Београду.

Ивановић-Баришић, М. 1996. „Покладе у околини Београда“. *Традиционална култура у годишњем циклусу обичаја*, 102–106. Ур. Сретен Петровић. Сврљиг: Етно-културолошка радионица.

Крел, А. 2004. „Путеви трансформације традиционалних дечијих игара Срба у Товаришеву“, *Гласник Етнографског института САНУ*, књ. LII, 91–108. Београд: Етнографски институт САНУ.

Крел, А. 2005. *Дечије игре: Традиционалне српске такмичарске дечије игре у Товаришеву (Бачка)*. Етнолошка библиотека, књ. 13. Београд: Српски генеалошки центар.

Кулишић, Ш. 1998. „Јаје“. *Српски митолошки речник*. Ур. Никола Пантелић. Друго, допуњено издање. Београд: Етнографски институт САНУ: Интерпринт, 221–222.

Марјановић, В. 2008. *Маске, маскирање и ритуали у Србији*. Београд: Чигоја штампа: Етнографски музеј.

Младеновић, Р. 2019. „Говор северношарпланинске жупе Сиринић“. *Српски дијалектолошки зборник* LXVI/1, 1–1047. Београд: Српска академија наука и уметности: Институт за српски језик САНУ.
Недељковић, М. 1990. *Годишњи обичаји у Срба*. Београд: Вук Караџић.
Павловић, А. 2018а. „‚Женидба Краљевића Марка‘ на дан Белих поклада у Штрпцу“. *Баштина*, св. 44, 469–497. Лепосавић: Институт за српску културу Приштина – Лепосавић.
Павловић, А. 2018б. „‚Мавање кумбара‘ – Паљење покладних ватри у Сиринићкој жупи“. *Баштина*, св. 45, 471–484. Лепосавић: Институт за српску културу Приштина – Лепосавић.
Павловић, А. 2019. „Елементи родне стереотипизације у покладном ритуалу ‚Женидба Краљевића Марка‘ у Сиринићкој жупи“. *Стереотипът в славянските езици, литератури и култури* (*Сборник с доклади от Четиринадесетите международни славистични четения София, 26–28 април 2018 г.)*, Том II, 388–396. Ур. Владимир Колев. София: Университетско издателство „Св. Климент Охридски“.
Павловић, А. 2022. „Покладна свадба у Штрпцу: Разговор са ‚Краљевићем Марком‘“. *Савремена српска фолклористика XI*, 219–240. Ур. Смиљана Ђорђевић Белић, Данка Лајић Михајловић, Биљана Сикимић. Београд: Удружење фолклориста Србије: Универзитетска библиотека „Светозар Марковић“; Лозница: Центар за културу „Вук Караџић“; Тршић: Научно-образовно културни центар „Вук Караџић“.
Петровић, П. Ж. 1927. „Лила, олалија и сродни обичаји“. *Гласник Етнографског музеја у Београду*, 2, 4–17. Београд: Етнографски музеј.
Петровић, П. Ж. 1998. „Бела недеља“. *Српски митолошки речник*. Ур. Никола Пантелић. Друго, допуњено издање. Београд: Етнографски институт САНУ: Интерпринт, 31.
Радовановић, Г. 1990. „Олалије и клоцање“. *Расковник*, Год. XVI, бр. 61–62, 37–39. Београд: Народна библиотека „Вук Караџић“.
Радовановић, М. 1996. „Прочка“. *Традиционална култура у годишњем циклусу обичаја*, 107–109. Ур. Сретен Петровић. Сврљиг: Етно-културолошка радионица.
Радовановић, М. 2000. „Шар-планина и њене жупе у косовско-метохијској области јужне Србије“. *Горанци, Муслимани и Турци у шарпланинским жупама Србије*, 7–22. Београд: Српска академија наука и уметности: Географски институт „Јован Цвијић“ САНУ.
Урошевић, А. 2001. *О Косову: Антропогеографске студије и други списи*. Приштина: Народна и универзитетска библиотека „Иво Андрић“: Институт за српску културу; Гњилане: Књижара „Свети Сава“.
Филиповић, М. 1939. „Обичаји и веровања у Скопској котлини“. *Српски етнографски зборник*, књ. LIV, 279–566. Београд: Српска краљевска академија.

Ćuković, J. 2019. *Nematerijalno kulturno nasleđe iz antropološke perspektive*. Beograd: Odeljenje za etnologiju i antropologiju Filozofskog fakulteta u Beogradu: Dosije studio.
Hamayon, R. 2016. *Why We Play: An Anthropological Study*. Chicago: Hau Books.
Huizinga, J. 1992. *Homo ludens: O podrijetlu kulture u igri*. Zagreb: Naprijed.
Kajoa, R. 1979. *Igre i ljudi*. Beograd: Nolit.
Merton, R. 1998. *O teorijskoj sociologiji*. Beograd: Plato.

Prošić, M. 1978. „Teorijsko-hipotetički okvir za proučavanje poklada kao obreda prelaza“. *Etnološke sveske*, br. 1, 33–50. Beograd: Etnološko društvo Srbije.
Radovanović, S. 1998. „Albanci Sirinićke župe. Prilog proučavanju multietničkih zajednica šarplaninskog regiona Srbije“. *Stanovništvo* 1–2, 49–80. Beograd: Institut društvenih nauka – Centar za demografska istraživanja.
Škaljić, A. 1966. *Turcizmi u srpskohrvatskom jeziku*. Sarajevo: Svjetlost.

ИНТЕРНЕТ-ИЗВОРИ

Prvi konačni rezultati popisa. 2024. *Prvi konačni rezultati popisa: Kosovo ima 1.602.515 stanovnika – 91,6 odsto Albanaca i 2,3 odsto Srba*. https://www.glasamerike.net/a/balkan-kosovo-popis-albanci-srbi/7907122.html [Приступљено 25.03.2025. год.].

Васил ДРВОШАНОВ

ЗБОРООБРАЗУВАЧКИТЕ ДИЈАЛЕКТИЗМИ ЗА ИЗРАЗУВАЊЕ ЧУВСТВЕН ОДНОС ВО ЗБИРКАТА РАСКАЗИ *ВРАЌАЈЌИ СЕ ВО БОРИЕВО* ОД ВИОЛЕТА ТАНЧЕВА-ЗЛАТЕВА

Апстракт: Авторот тргнува од основната поставка на Крсте Мисирков дека речникот на македонскиот стандарден јазик треба да се богати од сите македонски говори. Предмет на анализа се зборообразувачките дијалектизми за изразување чувствен однос во збирката раскази *Враќајќи се во Бориево* на писателката Виолета Танчева-Златева, коишто не се евидентирани во *Речникот на македонскиот јазик со српскохрватски толкувања* (1961 – 1966). Со оглед на фактот што книгата раскази е пишувана и е објавена во 1999 година, т. е. пред публикувањето на *Толковниот речник на македонскиот јазик* (2003 – 2014), писателката немала можност да го користи регистрираното и протолкуваното речничко богатство на современиот македонски јазик. Оттука, користењето на зборообразувачките дијалектни лексеми, односно користењето на деминутивно-хипокористичните и аугментативно-пејоративните дијалектни образувања од струмичкиот говор, роден говор на писателката, во нејзиното дело е уште позначајно, бидејќи тие го збогатуваат речничкиот фонд на македонскиот стандарден јазик на лексичко рамниште.

Клучни зборови: зборообразувачки дијалектни лексеми, деминутивно-хипокористични дијалектни образувања, аугментативно-пејоративни дијалектни образувања, збирката раскази *Враќајќи се во Бориево*, Виолета Танчева-Златева.

По патеките на писателот Видое Подгорец тргнаа стотина творци од Струмичкиот Регион. Овој пат ќе ги приведеме застапените писатели во енциклопедиското издание *Струмичко литературно созвездие* од авторите Иван Котев и Ана Витанова-Рингачева по азбучен ред: Роберт Алаѓозовски, Димитар Алачки, Тања Ангелова, Душко Андоновски, Љупка Антевска, Натка Анчева, Јане Араников, Рената Атанасова, Ирена Бабамова, Киро Балџиев, Давид Бансколиев, Георги Барбаровски, Петар Бачев, Ице Беличев, Бранко Бјадов, Трајанка Блажевска, Атанас Бојаровски, Марика Буовска, Наташа Василевска-Трајчевска, Вартан Василевски, Иван Василевски, Томе Велков, Костадинка Витанова, Ацо Гогов, Митко Гогов, Фимка Гогова-Михајлова, Ѓоко (Ѓоре) Гонев, Марија Горичева, Борче Грозданов, Мите Грозданов, Данаил Данаиловски, Надежда Даутова-Чапарева, Лазар Динев, Киро Донев, Вукосава Донева-Варколи, Елизабета Дончевска-Лушин, Ацо Ѓоргиев, Велко Ѓорѓиев, Билјана Ѓоргиева-Зринк, Вања Изова-Велева, Стојче Илиев-Балкански, Македонка Ичева (Ангелова), Борис Јанков, Марија Јовеска, Ѓорги Калајџиев, Нада Караманова, Тања Карм'зова-Костиглиола, Јане Киров, Нада Костадинова, Ѓургица Костадиновска, Десанка Костова, Иван Котев, Натка Крстева, Христо Крстевски, Велчо Манев, Васе Манчев, Никола Маџиров, Митко Маџунков, Ристо Маџунков, Костаке Милчов, Љупчо Милковски, Сузана Мицева, Роза Мојсовска, Александар Мркаљ, Спасе Новески, Елица Павлеска-Дрвошанова, Лилјана Пандева, Ѓорги П. Панов, Лазар Партиков, Стојче Пасков, Митко Петро, Габриела Петрушева, Анче Пешева, Жан Пијанманов, Далибор Плечиќ, Јасмина Попова, Даринка Ризовска, Никола Д. Сарајлија, Бранко Ставрев, Георги Стоев, Доне Стоев, Павле К. Стоилковски, Радован Стоилов, Живко Стојчев, Љубен Ташковски, Силвана Тилева, Васил Тимовски, Ристо Тодоров, Томислав Тодоровски-Смоларски, Паце Трајков, Боркица Трајковски, Тања Трендова, Зорица Тунева, Пацка Угренова, Киро Урдин, Костадин Устапетров, Ристо Филчевски, Коста Христов, Ристо Цасконоје, Сашко Цветановски, Бранка

Цветкова, Доне Чапарев, Јулија Штрбевска (Котев, Витанова-Рингачева 2015: 10–120) и др.

По врвиците на Видое Подгорец појде и прозаистката и поетеса Виолета Танчева-Златева (Бориево, Струмичко, 25.IV 1968), која на македонската книжевна сцена уште со првата книга ја најави својата дарба. Денес таа е потврдена авторка на збирките раскази – *Книга за сонот*, 1991; *Враќајќи се во Бориево*, 1999, на романите – за возрасни *Враќања*, 1993, за деца *Шарени писма*, 2008) и на стихозбирките *Мојот Пикасо*, 2007; *Заробеници на молкот*, 2010; *Огнена*, 2011; *Нашата приказна*, 2013 и *Година без лето*, 2015 (Димовски, Јаневски 2017: 231). На споменатите дела се надоврзуваат – збирката проза *Раскази од минатиот век*, 2022, збирките поезија *Патот*, 2018; *На работ на светот*, 2021; *Капе времето*, 2021; *Глуво време*, 2023 и романот за возрасни *Бела Сама*, 2023.

Нашето внимание го привлече збирката раскази *Враќајќи се во Бориево*, којашто уште во насловот со името на населеното место ја посочува роднокрајната маркираност на авторката (Дрвошанов 2018: 13–14). Наведената книга содржи единаесет раскази, групирани во три целости. Првата целост ја претставува истоименит раскази „Уништеното утро му носи значајно сознание на Писателот“. Втората целост („Коренот длаби во мене“) ја сочинуваат расказите: „Заклучена во своето досие“, „Повторно нерешено или во потрага по вистинскиот правец“, „Враќајќи се во Бориево“, „Коренот длаби во мене“ и „Собирач на спомени“. Третата целост („Доцна есен во Бориево“) ги содржи расказите: „Одмаздата на Геро“, „Судбина“, „Попот и кучето“, „Доцна есен во Бориево“ и „Во зафатка со себеси“. Трите целости и некои од расказите почнуваат со кус извадок од делото употребен повеќе како мото отколку како апстракт.

Дејствијата во збирката раскази се одвиваат на една временска оска: минато, длабоко отпечатено во меморијата на авторката од времето кога таа живеела во родителскиот дом во едно мирно мало место, борејќи се заедно со семејството единствено со временските непогоди од егзистенцијални причини за опстанок, наспрема сегашноста кога писателката живее сама во голем град, а со мислите е во родното место.

Треба да нагласиме дека писателката ѝ дава полет на мислата, чии асоцијативни патишта ја водат во родниот крај, така што употребата на дијалектизмите соодветствува на амбиентот во кој, главно, се случуваат дејствата во расказите. Некои партии од расказите, па дури и цели раскази, како што се, впрочем, носечкиот расказ на збирката „Враќајќи се во Бориево“ и третата целост „Доцна есен во Бориево“, се вистинска натуралистичка слика за животот на село во Струмичкиот Регион во последните две децении од XX век. Одделни пасажи од збирката со деталните описи наликуваат на етнолошки записи. Притоа, опишувајќи го начинот на животот во родниот крај, Танчева-Златева без да сака, а сакала, користела јазични елементи од својата дијалектна база, така што при изговорот на дијалектизмите се создава акустична слика со изворна сочност што му дава извонредна колоритност на исказот.

Мошне важно е да истакнеме дека книжевната критика високо ги вреднува уметничките квалитети на севкупното творештво на Виолета Танчева-Златева, следствено и на збирката раскази *Враќајќи се во Бориево*. Но ние нема да зборуваме за книжевните вредности на споменатото дело, туку ќе ги разгледуваме дијалектните јазични карактеристики застапени во авторкиниот говор и во говорот на нејзините ликови во збирката раскази.

Со оглед на фактот што во збирката раскази *Враќајќи се во Бориево* се јавуваат дијалектизми на сите јазични рамништа: на фонетско, на морфолошко, на зборообразувачко и на лексичко-семантичко рамниште, поради обемноста на корпусот, овој пат предмет на нашата анализа ќе бидат само зборообразувачките дијалектизми за изразување чувствен однос од исклучително големиот број дијалектизми на зборообразувачки план, коишто не се нотирани во *Речникот на македонскиот јазик со српскохрватски толкувања* (Конески 1961 – 1966)[1]. Во написот изведените зборообразувачки дијалектизми се наведувани во контексти со цел да се долови нивната семантика, а се сопоставувани со основните лексеми во *Речникот* (Конески 1961 – 1966) и во *Толковниот речник на македонскиот јазик* (Конески 2003 – 2014) за согледување на морфолошки и на семантички план. Бездруго е неоспорен фактот дека зборообразувачките дијалектизми со својата изворност му даваат исклучителна колоритност на раскажувањето во делото на Танчева-Златева.

Од извршената ексцерпција на дијалектизмите во збирката раскази може да се констатира дека писателката користи извесен број зборообразувачки дијалектизми, под кои подразбираме нови лексеми образувани со дел од постојните форманти во македонскиот зборообразувачки систем. Треба, исто така, да нагласиме дека основата на зборообразувачките дијалектизми, главно, се познати лексеми. Неопходно е да речеме дека Танчева-Златева има извонредна моќ за забележување на сè што е во нејзиното опкружување и во нејзиниот дух, така што прецизно ги именува постојните појави и предмети, а особено новите поими, според зборообразувачките модели на македонскиот стандарден јазик, обновувајќи ја и збогатувајќи ја македонската лексика.

Писателката Танчева-Златева со изостреното осет за штипско-струмичкиот дијалект активно се вклучува во живиот процес на образување нови лексеми во македонскиот јазик на зборообразувачко поле.

Пред да пристапиме кон анализа на зборообразувачките дијалектизми во збирката раскази *Враќајќи се во Бориево*, ќе приведеме еден цитат од Блаже Конески во врска со нашата тема. Имено:

Според лицата и предметите ние земаме различен чувствен однос, чувствено ги преценуваме според тоа како ги восприемаме. Ова вакво емоционално реагирање наоѓа надворешен израз и во зборообразувањето, преку ред наставки за чувствена оценка. Со тие наставки се предава умалителност,

[1]Досега дијалектизмите во споменатото дело се анализирани во четири написи. Предмет на дијалектизмите од фонетска гледна точка е статијата под наслов „Фонетските дијалектизми во збирката раскази *Враќајќи се во Бориево* од Виолета Танчева-Златева“, објавена во списанието *Зенит* X–XI, 2023, 212–226; предмет на дијалектизмите од морфолошко-синтаксички аспект е статијата под наслов „Морфолошко-синтаксичките дијалектизми во збирката раскази *Враќајќи се во Бориево* од Виолета Танчева-Златева“, објавена во списанието *Просветно дело* LXXVI, 2023, 4, 63–79; третиот напис од лексичко-семантички аспект под наслов „Лексичко-семантичките дијалектизми во збирката раскази *Враќајќи се во Бориево* од Виолета Танчева-Златева“ е објавен во Зборникот на трудови од VIII меѓународна научна конференција *Крсте Мисирков и македонскиот јазик – извор на научни истражувања, I*, Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, 2024, 75–92, а четвртиот напис под наслов „Дијалектни лексеми во збирката раскази *Враќајќи се во Бориево* од Виолета Танчева-Златева“ е објавен во списанието *Современи дијалози* XII, 2024, 13.

галовност или, пак, сосем спротивно – увеличителност, одврата, подбив, иронија и сл. (Конески 1967: 288).

Од многубројните деминутивно-хипокористични наставки во македонскиот јазик, Виолета Танчева-Златева во збирката раскази *Враќајќи се во Бориево* за образување нови лексеми ги употребила следните наставки: *-ка*, *-ичка*, *-це*, *-енце*, *-че* и *-иче*.

Со оглед на фактот што зборообразувањето на деминутивите и хипокористиците односно зборообразувањето на аугментативите и пејоративите е единствено со помош на наставки, разгледувањето на зборообразувачките дијалектизми ќе биде според наставките. „Според тоа, класификацијата на суфиксните лексеми ќе биде истовремено и зборообразувачка и морфолошка“ (Јованова-Грујовска 2012: 19).

Со наставката *-ка* се образувани дијалектните лексеми *могилка* и *ширинка*, изведени од именки од женски род, кои не ја менуваат родовата припадност, сп. *могилка*: Ќе застаневме пред него, наредени еден до друг во важеница, и со пламнати очи се загледувавме накај могилката (подвлекол – В. Д.) (Танчева-Златева 1999: 72) и *ширинка*: /.../ се собираа навечер на ширинката (подвлекол – В. Д.) пред Темелковци (Танчева-Златева 1999: 106).

Со наставката *-ичка* се образувани дијалектните лексеми: *гајбичка*, *гумичка*, *кифличка*, *саќичка* и *снагичка*, изведени од именки од женски род кои завршуваат на *-а*, сп. *гајбичка*: Зеленчукот и овошјето требаше да се разредат во гајбичките (подвлекол – В. Д.) (Танчева-Златева 1999: 53); *гумичка*: Се уплаши да не се расипе, па заварка накај моторот, му ја притисна црната гумичка (подвлекол – В. Д.) и му го затвори саухот (Танчева-Златева 1999: 107); *кифличка*: Младите жени /.../ носеа бели кифлички (подвлекол – В. Д.) (Танчева-Златева 1999: 142); *саќичка*: Кога моторот ќе потпукне пред да изгасне, тоа е знак дека се фатила саќичка (подвлекол – В. Д.) на нејзините рабови (Танчева-Златева 1999: 109) и *снагичка*: Збиени една до друга, личеа на уплашени деца што ги гушнале своите нејаки снагички (подвлекол – В. Д.) за да се одбранат од невидлива наезда (Танчева-Златева 1999: 62).

Со наставката *-це* се образувани дијалектните лексеми *пивце* и *чоколкатце*, изведени од именки од среден род, сп. *пивце*: /.../ мажите што се враќаат од нива, жегнати да испијат по едно ладно пивце (подвлекол – В. Д.) (Танчева-Златева 1999: 90), Можеше да си ја накриви капата и цело лето да си преседи пред дуќанот на сретсело, со ладно пивце (подвлекол – В. Д.) (Танчева-Златева 1999: 111) и *чоколатце*[2]: /.../ дај две од тие чоколатцата (подвлекол – В. Д.) (Танчева-Златева 1999: 151)!

Со наставката *-енце* се образувани дијалектните лексеми: *гранченце*, *дожденце*, *купченце*, *ливченце*, *лиценце* и *раченце*, кои се карактеризираат „со поголема експресивност“ (Конески 1995: 70), сп. *гранченце*: Зелениките стасале за кастрење и се нафрлиле со потсушени гранченца (подвлекол – В. Д.) (Танчева-Златева 1999: 41); *дожденце*: Кога накапа она дожденце (подвлекол – В. Д.) таму некаде, во април (Танчева-Златева 1999: 107); *купченце*: Им ги присобираше гранките на олеандрите во купченца (подвлекол – В. Д.) (Танчева-Златева 1999: 39); *ливченце*: Нивните жолти ливченца (подвлекол – В. Д.) се сронија (Танчева-Златева 1999: 12), Белите ливченца (подвлекол – В. Д.) напати

[2] Дериватот е изведен од именката **чоколáдо*, којашто не е нотирана во *Речникот* (Конески 1961 – 1966).

се сронуваа меѓу прстите (Танчева-Златева 1999: 40), /.../ кога младите ливченца (подвлекол – В. Д.) на копривите ќе фатеа да поцрнуваат, ќе ги фрлеше во старата кофа (Танчева-Златева 1999: 61), /.../ иситнето овошје украсено со зелени ливченца (подвлекол – В. Д.) (Танчева-Златева 1999: 90), Капките роса ѝ се смеат врз ливченцата (подвлекол – В. Д.) (Танчева-Златева 1999: 41); *лиценце*: Само тенкото лиценце (подвлекол – В. Д.) му ѕиркаше од јорганот (Танчева-Златева 1999: 124), Очите му светнуваа од среќа и туку го подгледнуваше во светнатото лиценце (подвлекол – В. Д.) (Танчева-Златева 1999: 132), /.../ барем да им се насмевнам на нивните зачудени лиценца (подвлекол – В. Д.) (Танчева-Златева 1999: 33), Ги опсипуваше нивните лиценца (подвлекол – В. Д.) со бакнежи (Танчева-Златева 1999: 128), /.../ со лиценца (подвлекол – В. Д.) помодрени од студената вода (Танчева-Златева 1999: 140) и *раченце*: И вредно ги зариваше своите раченца (подвлекол – В. Д.) меѓу коренчињата (Танчева-Златева 1999: 124).

Со наставката *-че* се образувани најголемиот број дијалектни лексеми изведени од именки од машки род: *алатче*, *братче*, *будалче*, *букетче*, *бумбарче*, *дворче*, *делче*, *камионче*, *кокалче*, *колаче*, *креденче*, *мустаче*, *најлунче*, *олуче*, *отворче*, *панталонче*, *триножниче* и *сарајче*, односно изведени од именки од женски род: *грутче* и *кошниче*, сп. *алатче*: Место книги, тетратки, моливи и други ученички дребулии, сега нејзините прегради криеја разноразни алатчиња (подвлекол – В. Д.) (Танчева-Златева 1999: 108); *братче*: И сега го сеќаваше болот во градите како тогаш, кога си го виде миленикот братчето (подвлекол – В. Д.) свое безживотно легнато врз дрвената кола на јабанџиите (Танчева-Златева 1999: 114); *будалче*: Будалчиња (подвлекол – В. Д.), можеше да ни рече, во тие времиња немаше продавници со големи фрижидери! (Танчева-Златева 1999: 63); *букетче*: Ме пронајде под дрвото пред мојата куќичка и седна до мене, подавајќи ми букетче (подвлекол – В. Д.) диви темјанушки (Танчева-Златева 1999: 95); *бумбарче*: – Ти си умно бумбарче (подвлекол – В. Д.) – му велеше (Танчева-Златева 1999: 135), Пилињата /.../ ја риеја ровката земја во потрага по бумбарчиња (подвлекол – В. Д.) и црвчиња (Танчева-Златева 1999: 38); *дворче*: Црквата со своето малечко дворче (подвлекол – В. Д.) преплавено со цвеќиња (Танчева-Златева 1999: 90); *делче*: /.../ песот што остана да лежи некаде назад, на едно мало делче (подвлекол – В. Д.) од изминатиот пат (Танчева-Златева 1999: 30); *камионче*: И зеде да го вади алатот од камиончето (подвлекол – В. Д.) (Танчева-Златева 1999: 89), Се одлепив од неговите медени очи и влегов во камиончето (подвлекол – В. Д.) (Танчева-Златева 1999: 101), Додека се дотркалавме со камиончињата (подвлекол – В. Д.), нѐ фати пладне (Танчева-Златева 1999: 89), Пред камиончињата (подвлекол – В. Д.) веќе стоеше Антандрир (Танчева-Златева 1999: 101); *кокалче*: За нивните од студ згрчени дланки со збабнати кокалчиња (подвлекол – В. Д.) и вудве расцепени нокти (Танчева-Златева 1999: 67), Во кокалчињата (подвлекол – В. Д.) длабеше студ (Танчева-Златева 1999: 46); *колаче*: Бргум, да не ги претекнам со некое прашање, тетките зазбореа дека пржат колачиња (подвлекол – В. Д.) (Танчева-Златева 1999: 43), Младите жени /.../ носеа /.../ колачиња (подвлекол – В. Д.) што се топеа во устата (Танчева-Златева 1999: 142), Во кујната тетките одамна имаа завршено со пржењето на колачињата (подвлекол – В. Д.) (Танчева-Златева 1999: 51); *креденче*: Ја пуштив торбата до малечкото креденче (подвлекол – В. Д.) за чевли (Танчева-Златева 1999: 43), Штом една тегла ќе се испразнеше од горната полица, требаше да ѝ се направи место во долниот дел од креденчето (подвлекол – В. Д.) (Танчева-Златева 1999: 53), Стоев сега пред креденчето

(подвлекол – В. Д.) (Танчева-Златева 1999: 53), Од вреќата што стоеше до креденчето (подвлекол – В. Д.) подзеде неколку глави компир (Танчева-Златева 1999: 127); *мустаче*: Лицето му беше бело, со тенки и уредно извиткани мустачиња (подвлекол – В. Д.) (Танчева-Златева 1999: 72), /.../ ми извирнуваше толку познатиот лик со тенки мустачиња (подвлекол – В. Д.) (Танчева-Златева 1999: 75); *најлунче*: Земи некоа најлунче (подвлекол – В. Д.) – ме советуваше (Танчева-Златева 1999: 60); *олуче*: /.../ ја оставеше кредата во олучето (подвлекол – В. Д.) на таблата (Танчева-Златева 1999: 72); *отворче*: Во неа имаше најмалку еден шрафцигер; по некоја бурма што заборавила од каде паднала; клуч со отворчиња (подвлекол – В. Д.) од најразлични големини (Танчева-Златева 1999: 108–109); *панталонче*: Најубавите фустанчиња и панталончиња (подвлекол – В. Д.) од пазарот им ги купуваше за Велигдените (Танчева-Златева 1999: 129); *триножниче*: – Здраве – ќе речеше тој, уморно спуштајќи се на триножничето (подвлекол – В. Д.) пред шпоретот на дрва (Танчева-Златева 1999: 65), Седнат на триножничето (подвлекол – В. Д.) пред шпоретот, длабеше во себе (Танчева-Златева 1999: 125), /.../ го истрани триножничето (подвлекол – В. Д.) накај водарникот (Танчева-Златева 1999: 127), Седнуваше на триножничето (подвлекол – В. Д.) до задните нозе на Мара (Танчева-Златева 1999: 130); *сарајче*: Ја оставив патната торба врз сарајчето (подвлекол – В. Д.) (Танчева-Златева 1999: 37), Продавницата со картоните наредени на сарајчето (подвлекол – В. Д.) пред неа (Танчева-Златева 1999: 90), /.../ седнуваа на сарајчето (подвлекол – В. Д.) послано со подискинати черги (Танчева-Златева 1999: 141), Кога излезе од црквата /.../, не го најде со размавтана опашка до сарајчето (подвлекол – В. Д.) (Танчева-Златева 1999: 145), Се сеќавам на денот кога ги направивме бетонските патеки и сарајчиња (подвлекол – В. Д.) (Танчева-Златева 1999: 37), Од двете нејзини страни се перчеа леи за цвеќиња, оградени со тенки сарајчиња (подвлекол – В. Д.) (Танчева-Златева 1999: 38), /.../ сарајчињата (подвлекол – В. Д.) се извишуваа и правеа ограда за другата бавча (Танчева-Златева 1999: 38), Бетонот од сарајчињата (подвлекол – В. Д.) се подронил (Танчева-Златева 1999: 41); т. е. *грутче*: Долго ја мазнеше, вадејќи ги со греблото инаетливите грутчиња (подвлекол – В. Д.) што нејќеа да се иситнат (Танчева-Златева 1999: 123) и *кошниче*: Младите жени /.../ во кошничињата (подвлекол – В. Д.) /.../ носеа бели кифлички (Танчева-Златева 1999: 142).

Со наставката *-иче* се образувани дијалектните лексеми *блузиче* и *косиче*, изведени од именки од женски род што завршуваат на *-а,* сп. *блузиче*: Ги пофаќаше бубалките, си ги редеше врз блузичето (подвлекол – В. Д.) на градите и долго им зборуваше (Танчева-Златева 1999: 134) и *косиче*: Едно перче од црното косиче (подвлекол – В. Д.) му беше паднало врз челото (Танчева-Златева 1999: 124).

Во врска со разграничувањето на деминутивите и хипокористиците ќе го приведеме толкувањето на Кирил Конески. Имено, тој забележува дека „изделувањето на чисто деминутивни, односно чисто хипокортистични форманти е практично невозможно; може само да се констатира дека едни од нив предимно се реализираат во деминутивно значење, други во хипокористично, но строга специјализација нема“ (Конески 1995: 68).

Од наставките за образување аугментативно-пејоративни дијалектни лексеми писателката Танчева-Златева ги употребила само наставките *-иште* и *-ко*.

Со наставката *-иште* се образувани дијалектните лексеми *вековиште* и *облачиште*, сп. *вековиште*: Татнеше како да се поместува од своето вековиште (подвлекол – В. Д.) (Танчева-Златева 1999: 85) и *облачиште*: – Врни, де, ако ти е за врнење, не туку плаши нѐ со облачиштата (подвлекол – В. Д.) (Танчева-Златева 1999: 136).

Со наставката *-ко* е образувана единствено дијалектната лексема *смотко*, сп. – Ама смотко (подвлекол – В. Д.)! – рече (Танчева-Златева 1999: 87).

„Строга специјализација нема“ ниту во однос на аугментативите и на пејоративите. „Изведувањето на аугментативно-пејоративните деривати наоѓа ограничување во семантиката на основните именки (...), а од семантиката на основната именка зависи донекаде и појавувањето на аугментативното или пејоративното значење (...). Сепак, строго разграничување во оваа смисла не би можело да се направи“ (Конески 1995: 71).

По прегледот на зборообразувачките дијалектизми според наставките, ќе извршиме лексичко-семантичка анализа на зборообразувачките дијалектни лексеми по тематски подрачја според *Прашалникот за собирање материјал за Македонскиот дијалектен атлас* (Видоески 2000).

Во збирката раскази *Враќајќи се во Бориево* Виолета Танчева-Златева во тематското подрачје делови на човечкото тело ги употребила деминутивно-хипокористичните дијалектни лексеми: *кокалче* од **кокал** *m* (dijal.) v. коска (Конески 1961: 338), **коска** *f* 1. kost (Конески 1961: 357–358), *косиче* од **коса**[1] *f* (влакната на главата на човека) kosa (Конески 1961: 357), *лиценце* од **лице** *n* I lice. 1. (предниот дел од главата) црвен во лицето rumen u licu (Конески 1961: 388), *мустаче* од **мустаќ** *m* 1. brk (Конески 1961: 428), *раченце* од **раче**[1] *n dem*. od рака ručica; uhvatio me ručicama (Конески 1966: 81); **рака** -це *f* ruka. 1. (секој од двата горни члена на човека; делот од зглобот до врвовите на прстите) останал на гробот со прекрстени раце ostao je na grobu prekrštenih ruku; му бакна рака на попот poljubila je ruku popu; со нож в рака sa nožem u ruci (Конески 1966: 44–45) и *снагичка* од **снага** *f* (човечко тело) telo (Конески 1966: 246).

Во тематското подрачје физички и психички особини на човекот се среќава единствено зборообразувачката дијалектна лексема *будалче* изведенка од **будала** *m* i *f* budala, glupak (Конески 1961: 48).

Во тематското подрачје роднински односи се среќава, исто така, само една зборообразувачка дијалектна лексема, сп. *братче* од **брат** *m*, *pl* браќа brat. 1. (по мајка и татко) роден брат rođeni brat (Конески 1961: 44).

Во тематското подрачје облека и обување се јавуваат зборообразувачките дијалектни лексеми: *блузиче* од **блуза** *f* bluza (Конески 1961: 39) и *панталонче* од **панталони** *pl* pantalone, hlače (Конески 1965: 129).

Во тематското подрачје стан (куќа и нејзините делови) се забележани зборообразувачките дијалектни лексеми: *дворче* од **двор** *m* 1. dvorište. 2. (кралски, царски) dvor (Конески 1961: 129), *олуче* од **олук** -ци *m* (на покрив, на чешма – за истекување на вода) oluk, žljeb (Конески 1965: 57), *саќичка* од **саќа** *f* (почесто *pl саќи* – црни прашинки што се одделуваат при неполно горење) čađ, gar(evina) (Конески 1966: 132) и *сарајче* од **сарај** -аи *m* (поголема и убава куќа на турски големец, дворец, владарска палата) saraj (Конески 1966: 146).

Во тематското подрачје уредување на куќата и посатки се евидентирани зборообразувачките дијалектни лексеми: *кошниче* од **кошница** *f* 1. korpa (Конески 1961: 360), *креденче* од **креденец** -ци *m* kreden(a)c, ormar (Конески 1961: 364) и *триножниче* од **триножник** -ци *m* tronožac, v. триногарник

(Конески 1966: 398); **триногарник** -ци *m* 1. столче со три ногалки tronožac (Конески 1966: 398).

Во тематското подрачје приготвување храна се регистрирани зборообразувачките дијалектни лексеми: *кифличка* од **кифла** *f* kifla; кифла со путер kifla sa puterom (Конески 1961: 330), *колаче* од **колак** -ци *m* 1. kolač, pogača kojom se poziva na svadbu (Конески 1961: 339), *пивце* од **пиво** *n* pivo. 1. бело и црно пиво belo i crno pivo (Конески 1965: 163) и *чоколатце*[3] од **чоколáда** *f* (1. како смес во вид на маса од какао, путер, шеќер и др. 2. како одделна табла од таа маса) čokolada (Конески 1966: 544).

Во тематското подрачје обработка на земјата се забележани зборообразувачките дијалектни лексеми: *гајбичка* од **гајба** *f* 1. gajba (za voće, za živinu (Конески 1961: 92), *купченце* од **купче** *n* 1. *dem*. od куп gomilica (Конески 1961: 373), **куп**[1] *m* (големи количества од нешто збрани заедно) (Конески 1961: 373), *најлунче* од **најлон** *m* najlon; најлон чорапи najlon čarape (Конески 1961: 448) и *ширинка* од **ширина** *f* širina (Конески 1966: 565).

Во тематското подрачје занаети се нотирани зборообразувачките дијалектни лексеми: *алатче* од **алат** *m* alat, oruđe (Конески 1961: 9), *гумичка* од **гума** *f* guma (Конески 1961: 122) и *отворче* од **отвор** *m* 1. (дупка во нешто) otvor. 2. (dijal. i nar. poez.) ključ za otvaranje i zatvaranje brava) (Конески 1965: 99).

Во тематското подрачје диви животни, лазачи, инсекти се јавува единствено зборообразувачката дијалектна лексема *бумбарче* од **бумбар** *m* 1. bumbar (Конески 1961: 135).

Во тематското подрачје растителност се засведочени зборообразувачките дијалектни лексеми: *букетче* од **буке́т** *m* buket (Конески 1961: 49), *гранченце* од **гранче** *n dem*. od гранка 1 grančica (Конески 1961: 114), **гранка** *n* grana (Конески 1961: 114) и *ливченце* од **ливче** *n dem*. od лист listić, listak (Конески 1961: 385), **лист** *m* list 1. (на растенија) лист од липа lipov list (Конески 1961: 387).

Во тематското подрачје транспорт и комуникација се забележани зборообразувачките дијалектни лексеми *делче* од **дел** *m* 1. (нешто помалку од целината, со нијанси во значењето што зависат од тоа што се претставува како целина) deo (Конески 1961: 132) и *камионче* од **камио́н** *m* kamion (Конески 1961: 317).

Во тематското подрачје обичаи и вера, исто така, е забележана само една зборообразувачка дијалектна лексема, сп. *могилка* од **могила** *f* brežuljak, humka (Конески 1961: 419).

Во тематското подрачје метеорологија единствено е забележана зборообразувачката дијалектна лексема *дожденце* изведенка од **дожд** *m* kiša, dažd (Конески 1961: 144).

Од аугментативно-пејоративните дијалектни лексеми се забележани само три примери: *смотко* од **смота** *pf* smotati (Конески 1966: 243) во тематското подрачје физички и психички особини на човекот, *вековиште* од **век** *m* I vek (Конески 1961: 57) во тематското подрачје небесни тела, страни на светот и време и *облачиште* од **облак**[1] -ци *m* oblak (Конески 1965: 10) во тематското подрачје метеорологија.

При проверката на употребените зборообразувачки дијалектни лексеми во збирката раскази може да се констатира дека дел од нив, коишто во *Речникот* се означени како дијалектизми, ја чуваат семантиката од

[3] Дериватот е изведен од именката **чоколáдо*, којашто не е нотирана во *Речникот* (Конески 1961 – 1966).

мотивирачката лексема, сп. *кокалче* од **кокал** *m* (dijal.) v. коска (Конески 1961: 338), **коска** *f* 1. kost (Конески 1961: 357–358) и *отворче* од **отвор** *m* 2. (dijal. i nar. poez.) ključ za otvaranje i zatvaranje brava) (Конески 1965: 99). Семантичноста во рамките на мотивирачката лексема ја чуваат сите други деминутивно-хипокористични и аугментативно-пејоративни дијалектни образувања (*алатче*, *блузиче*, *братче*, *будалче*, *букетче*, *бумбарче*, *гајбичка*, *гранченце*, *гумичка*, *дворче*, *делче*, *дожденце*, *камионче*, *кифличка*, *колаче*, *косиче*, *кошниче*, *креденче*, *купченце*, *ливченце*, *лиценце*, *могилка*, *мустаче*, *најлунче*, *олуче*, *панталонче*, *пивце*, *раченце*, *саќичка*, *снагичка*, *триножниче*, *чоколкатце*, *ширинка*; *вековиште*, *облачиште*, *смотко*), освен деминутивно-хипокористичното дијалектно образување *сарајче*, нотирано со значење ‘ниска ѕидана ограда на двор или во двор’ наспрема мотивирачката лексема **сарај** -аи *m* (поголема и убава куќа на турски големец, дворец; владарска палата) saraj (Конески 1966: 147).

Радува фактот што повеќето од деминутивно-хипокористичните и аугментативно-пејоративните дијалектни образувања се нотирани во *Толковниот речник* (Конески 2003 – 2014), сп. *братче*, *будалче*, *бумбарче*, *дворче*, *камионче*, *кифличка*, *кокалче*, *колаче*, *косиче*, *кошниче*, *креденче*, *купченце*, *лиценце*, *могилка*, *олуче*, *панталонче*, *пивце*, *раченце*, *триножниче*, *чоколкатце*, *ширинка*; *облачиште*, иако значителен дел од нив не се регистрирани, сп. *алатче*, *блузиче*, *букетче*, *гајбичка*, *гранченце*, *гумичка*, *делче*, *дожденце*, *ливченце*, *мустаче*, *најлунче*, *саќичка*, *сарајче*, *снагичка*; *вековиште*, *смотко*.

Треба да истакнеме дека со деминутивно-хипокористичните и аугментативно-пејоративните образувања се изразува субјективниот однос на лицето кое зборува кон друго лице или кон определен предмет или поим. Врз основа на извршената анализа на деминутивно-хипокористичните и аугментативно-пејоративните образувања во збирката раскази, може да се согледа умешното користење на зборообразувачките дијалектизми за изразување чувствен однос во функција на изворно претставување на ликовите и на настаните. Употребата на зборообразувачките дијалектизми особено доаѓа до израз во обраќањето меѓу локалните јунаци, чија уверливост во автентичноста на раскажувањето е потполна. Со користењето на зборообразувачките дијалектни лексеми во збирката раскази, Танчева-Златева засведочува јазични појави актуелни во струмичкиот говор на крајот од XX век, коишто сè уште се живи не само во струмичкиот говор, туку и пошироко, за што потврдуваат нотираните деминутивно-хипокористични и аугментативно-пејоративни дијалектни образувања во *Толковниот речник* (Конески 2003 – 2014).

Со овој прилог сакаме да укажеме на творечките можности на македонскиот јазик во образувањето нови лексеми според утврдените зборообразувачки модели. Писателката Виолета Танчева-Златева во збирката раскази *Враќајќи се во Бориево*, користејќи дијалектизми на зборообразувачко рамниште сосема ненаметливо, од една страна, ја потврдува својата струмичка роднокрајност, а од друга страна, го потврдува богатството на македонските говори коишто претставуваат неисцрпни извори за збогатување на лексичкиот фонд на македонскиот стандарден јазик.

Литература

Видоески 2000. Божидар Видоески. *Прашалник за собирање материјал за Македонскиот дијалектен атлас*. Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“.

Димовски, Јаневски 2017. Петре Димовски, Трајко Јаневски (составувачи). *Македонски писатели*. Скопје: Друштво на писателите на Македонија.

Дрвошанов 2018. Васил Дрвошанов. „Јазични нелогичности во практиката“. *Просветно дело* LXXI, 1, 2018, 5–16.

Јованова-Грујовска 2012. Елена Јованова-Грујовска. *Лексичко-семантичка анализа на именките со субјективна оценка во македонскиот јазик (деминутиви, хипокористици, аугментативи, пејоративи)*. Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“.

Конески 1961 – 1966. Блаже Конески (ред.). *Речник на македонскиот јазик со српскохрватски толкувања.* I–III. Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“.

Конески 1967. Блаже Конески. *Граматика на македонскиот литературен јазик.* I–II. Скопје: Култура.

Конески 1995. Кирил Конески. *Зборообразувањето во современиот македонски јазик*. Скопје: Бона.

Конески 2003 – 2014. Кирил Конески (гл. ред.). *Толковен речник на македонскиот јазик*. I–VI. Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“.

Котев, Витанова-Рингачева 2015. Иван Котев, Ана Витанова-Рингачева. *Струмичко литературно созвездие*. Струмица: ЛУБ „Благој Јанков Мучето“.

Извор

Танчева-Златева 1999. Виолета Танчева-Златева. *Враќајќи се во Бориево*. Скопје: Ѓурѓа.

Катерина ПАНОВ-КОЖАРОВ

АПСУРДОТ ВО ФУНКЦИЈА НА ЛЕПОСЛОВИЕТО ВО ПРВИОТ РОМАН ЗА МЛАДИНЦИ НА ВЕНКО АНДОНОВСКИ „ИМАШ ПЧЕЛА НА НОСОТ“

Фактот дека *апсурдот* стои како клучен сегмент на лепословието, авторот на романот за младинци *Имаш пчела на носот*, Венко Андоновски, ни го презентира уште во првите редови на своето прво дело од таков вид, велејќи: *Возрасните не се ни свесни дека кај децата гладот не почнува од желудникот, туку од срцето*. За дистинкцијата пак, меѓу *лепословието* и *книжевноста* како општ термин, детално и нашироко е објаснето во новата книга на Андоновски за теоријата на неговата литература *Опијатите на лепословието*, но исто така и те како е поцртано значењето на *апсурдот* во создавањето на *лепословието* и неговото одлепување од сè она што се подразбира под терминот *книжевност*.

Ако се вратиме уште повеќе назад, забележуваме дека и самиот наслов на книгата ни ја навестува сигнификацијата на *апсурдот* како една од главните состојки на романов. Замислете пчела ви стои на нос, а не можете да ја видите, па други ве предупредуваат, *id est*, честопати сме слепи за многу животни вистини чии одговори стојат непосредно пред нас заради мали инсигнификанти дефокуси. Нели е тоа еден класичен пример за *апсурд*?

Блажен е тој обид на авторот да ги подготви младите за стварноста која е пред нив и во која почесто треба да се потпираат на душата и срцето, наместо на очите. Колку и да е тавтолошка реченицата дека апсурдно е како *апсурдот* ги крие суштинските вистини за животов, носи и те како длабока порака, чија значајност му е одлично позната на авторот. Јас ќе се обидам да укажам на некои места од романов кадешто таквата интенција е видлива.

Огледалната нарација, карактеристична за пишувањето на Андоновски, е видлива и во овој роман, и тоа не само кај ликовите, туку и настаните кои ги поврзуваат: книгата е составена од два дела, првиот го прикажува дневникот на Стела, вториот е личниот ракопис на Сани. Симболицизмот овде е јасен, дури дешифриран од самиот автор заради целната возраст на читателите, со претставата на ѕвездата и Сонцето, симнати на Земјата преку имињата на двата главни лика (погледнато вака и овде нè среќава форма на *симболички апсурд,* чија цел е да покаже дека и луѓето може да осветлуваат на земјата, исто како Сонцето дење и ѕвездите ноќе). Стела и Сани (двајца тинејџери) се токму тоа – ликови кои треба да го осветлат патот на идните генерации, некаква форма на *role model*, нешто што е неопходност во образовно, етички и морално изгубената вредност на епохава.

Венко Андоновски ја има впрегнато Аристотеловата идеја дека љубовта е составена од иста душа која живее во две тела преку ликовите на Стела и Сани. Тие се две страни на иста паричка или две страни на ист лист хартија. Дури и овде, љубовта ја нема онаа земна димензија која тие двајцата ја доживуваат со нивните земни избраници (Немања одоносно Видан и Наде). Зар ова не е нов *апсурд*: вистинската љубов ја нема класичната дефиниција за љубовта која ние ја мериме на кантар, зависно од доживеаната страст и љубовните изјави со кои сме опколени?!

Впрочем, каде и „да се свртите“ делово ви сервира нови апсурди – од оние најочигледни (логични или Аристотелови по шемата на Андоновски)[1] до оние кои се потешки за отклучување. Во *Опијатите на лепословието* Андоновски вели вака: „Апсурдите во суштина имаат метафорична, односно оксиморонска природа – обединуваат навидум ‚крајности‘, односно ‚целосно различни нешта‘, но на крајот излегува дека тие две нешта имаат ‚заедничка‘, ‚допирна‘ точка (tertium comparationis)“ (Андоновски 2024: 121).

Тешко веројатен, однсно нам тешко прифатилив ни е фактот дека двата главни лика не само што се родени во ист ден, туку во ист час, уште и ја откриле истата омилена книга на нивните родители соодветно. Која е веројатноста дека ликот кој се појавува на почетокот во животот на Стела, Видан, детето со „очи како море“ кој ќе ѝ ја раскаже приказната за потеклото на солта во моријата, ќе биде истиот тој во кој таа дестина години подоцна ќе се вљуби на сосема разично место (Белград), не препознавајќи го, и уште тој ќе биде оној кој ќе ја спаси од неправедното обвинување дека е виновна за бришење на електонската документација во училиштето во кое учи?! Пристапот до е-дневникот и до сите хартиени дневници кои се украдени од училиштето е зачинет со доза „филмско претерување“, со создавање на лик, на девојка-тинејџерка која се однесува како најпрофесионален хакер, а со крадењето на хартиените дневници добивате впечаток дека читате роман за Бони Паркер (од дуото Бони и Клајд). Случајноста, Стела да се најде во истата болничка соба во која е сместен и човекот со кој ќе порасне нејзиниот Видан од детството, е исто така хиперболизирана. Ваквиот тип на хиперболизирање е правопропорционален со апсурдноста на ситуацијата или ликот – намалувањето на реалните изгледи ја подвлекува доминацијата на апсурдноста, односно секое „претерување“ е вистинскиот пат до апсурдот.

Веќе спомнав дека создавањето симетрија е една од најглавните карактеристики во пишувањето на Венко Андоновски. Оттука не е исклучено и постоењето на *огледален апсурд*. Така, Сани во вториот дел од романот е центар на слични заплети во кој е ставена Стела, само во различни околности. Ненадејното откритие за вистината на Немања е паралелно со вистината на Наде која ќе се појави на приемот на кој е присутен и Сани со неговиот татко. Негативниот лик на Ана-Марија од првиот дел, одговара на ликот на негативецот Тихо, од вториот дел. Ако дедо Жаре е разрешител на перипертијата во приказната на Стела, вујкото на Наде, Боби, ја игра истата улога на другата страна, и сите тие се поврзани со амалгамот на *апсурдот*.

Оттука, логично е прашањето дали можеби толкавото присуство на *апсурдот* нема да нѐ однесе на почвата на фантастичната литература, иако последното нешто, што како опис му одговара на романов, е тоа дека е фантастичен. Одговор зошто ваквата дилема е неоправдана и неприфатлива, може да најдеме кај Ками, кој тврди една непореклива вистина, дека *апсурдот не е во човекот колку што не е ни во светот одделно, туку се раѓа исклучиво како плод на нивниот љубовен однос, и уште повеќе е единствената нишка која ги поврзува* (Ками 2006:35). Ова парафразирано значи дека нашите животи се апсурдни (што и те како е праксеолошки точно), па следствено, она што се подразбира под *реалистична книжевност* или *реализам* како правец, логично во себе го содржи *апсурдот.* Логично се наметнува прашањето дали не можеме

[1] В. А. ги дели апсурдите на логични, теолошки и психолошки (Аристотел, Достоевски и Фројд).

истата таа *реалистична литература* да ја опишеме и како *апсурдна книжевност* односно *апсурдизам*?!
Затоа Андоновски зборува за термините *парадоксален апсурд* и *апсурдна вистина* аналогно на *метафоричката вистина*.

Секој апсурд (повторно апсурдно), во себе содржи скриена, жестока логика,која треба да се открие („да се отклучи“ апсурдот како што се „отклучува“ значењето и на некоја метафора), и тогаш станува апсурдна вистина, како што секоја отклучена метафора води кон метафоричка вистина (Андоновски 2024: 117).

Андоновски ќе каже дека најмалку два апсурди се „закопани“ како тајно богатство во *Папокот на светлината* (Андоновски 2024: 152). Истите тие два *теолошки апсурди* јас ги наоѓам и овде. Кога Стела и Сани ќе го изберат морално правилниот чекор – тие се казнети од општеството („наградата“ за Стела и Сани што не ја прифаќаат улогата на поткажувачи и предавници е казнета со нивното обвинување за виновници). Оттука тие се поддржувачи и практикувачи на Божјите заповеди, но не и на општествените, односно човечките. Ова совршено го претставува *апсурдот на доброто*, вечно присутен во делата на Андоновски.

Огледално претставен е *апсурдот на злото* на ист начин. Ако Сани и Стела подлегнат на искушенијата и предизвиците пред нив, уште на почетокот Стела да каже кој е виновникот и Сани да го сподели патот за сите несакани околности во кои ќе се најде, тогаш веројатно, не само што нема да имаме перипетија, туку злото ќе биде пресечено уште во самиот корен, колку и да звучи чудно на прво слушање. Авторот вели вака: „Затоа што ако го убиеш злото – нема начин да станеш подобар. Со што ќе се бориш ако го ликвидираш злото, со доброто?“ (Андоновски 2024: 152). И затоа Андоновски говорејќи преку Видан, ќе каже: *Вистината е вечна, ќе застане на твоја страна, кога и да е, драга Стела!*

Оттука јас би го додала *апсурдот на вечната борба* како поднаслов на *апсурдот на злото*. Ако една борба има свој почеток, тогаш е логичен и нејзиниот крај. Но, животот навистина е вечна борба, што значи мигот кога таа ќе заврши се окончува и човековиот живот овде. Затоа ни е потребен *опонент*, *зло* – за да постоиме!

Исто како Сизиф, за да опстанеме во апсурдниот кафез во кој сме ставени, мораме да ја прифатиме таа апсурдност. Потребно ни е само да станеме свесни за неа за да престане да биде апсурд.
Во *Митот за Сизиф* на Албер Ками, на крајот од книгата има додаток-студијата „Надежта и апсурдот во делото на Франц Кафка“. Во неа ја сретнав приказната која стои како ‘рбетен столб на теоријата на апусрдот:

Позната е приказната за лудакот кој ловел риби во када; еден лекар кој имал свои идеи за психијатриското лекување, го прашал: „Гризе ли“, а овој остро му одговорил: „Не, глупаку еден, зар не гледаш дека ова е када“. Оваа приказна е бизарна. Но, во неа на забележлив начин може да се сфати како апсурдната делотворност е поврзана со претераната логика. Светот на Кафка навистина е неискажлив свет во кој човекот си го дозволува макотрпниот луксуз да лови риба во када, иако знае дека таму нема ништо да фати. Приказнава практично ни кажува дека во мигот кога ќе го прифатиме апсурдот, тој престанува да биде апсурд. И само толку. Оваа е надежта која ни е неопходна да ја надминеме и да излеземе поголеми од својата судбина. Апсурдната победа е

изборот на Сизиф во кој треба да се огледаме, затоа што, нема судбина што не може да се надмине со презир. (Ками 2008: 127).

Двојната негација во синтаксата резултира во афирмација. Оттука еден човечки живот ќе биде квалитетно изживеан само ако го поставиме како *апсурд на апсурдот*, исто како што егзистнцијата на едно лепословие е можна само ако е огледална на животната.

Всушност, Андоновски во оваа книга веројатно и најмногу брилијира во експонирањето на апсурдите. Неговата девиза е дека вистината *е* во апсурдот. Преку реториката во *Имаш пчела на носот* тој недвосмислено ги учи младите дека вистината не е во редот кој го читаат, туку во меѓуредовите на кои наидуваат. Вистината мора да биде дешифрирана – а тоа е истата таа поента дека разумот и срцето се вистинските органи за гледање, а не општоприфатеното око.

Ете ја клучната сигнификација на *апсурдот* во создавањето на лепословието.

БИБЛИОГРАФИЈА:

Користена и цитирана литература:
Андоновски, Венко. 2024. *Опијатите на лепословието*. Скопје: Три.
Ками, Албер. 1997. *Митот за Сизиф*. Скопје: Култура.
Ками, Албер. 2008. *Митот за Сизиф*. Скопје: Феникс.

Користена белетристичка литература:

Андоновски, Венко. 2021. *Имаш пчела на носот*. Скопје: Паблишер.